# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**ЗА**

**Измена и дополнување на ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЗ 4, УБ 4.4**

**Плански период 2024-2034**

**и изработка на**

**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1**

**Плански период 2024-2029**

**Општина Охрид**

с

*Јули 2025*

G-CONSULT

| | |
|---|---|
| Клиент: | ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ, Скопје |
| Предмет: | СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| Локација: | ОПШТИНА ОХРИД |
| Изработил: | Г- Консалт ДООЕЛ Скопје |
| Одговорно лице за изработка на документот: | М-р Мартина Блинкова Дончевска<br>*Магистер по биологија* |
| Број на лиценца за СОЖС: | *12-770/4* |
| Внатрешна контрола: | Марко Ацевски<br>*Дипломиран инженер по биологија* |
| Број на лиценца за ОВЖС: | 12-769/2 |
| Соработници: | Ники Петрески<br>*Дипломиран инженер по екоинженеринг и екоменаџмент*<br><br>*М-р Петар Ѓорѓиоски*<br>*Магистер за животна средина*<br><br>*Елена Китевска*<br>*Дипломиран инженер по екоинженеринг и екоменаџмент*<br><br>*М-р Стефанија Ивановска*<br>*Магистер од областа на градежништвото* |

**G-Consult ltd.**

Компанија за консултантство во животна средина

бул.8ми Септември 3-4/3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

+39870/ 443-054

www.gconsult.mk

info@gconsult.mk

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Број** 12-770/4
**Датум:** 08.02.2017 **година**

# УВЕРЕНИЕ

**за положен стручен испит за стекнување на**
**статус експерт за стратегиска оцена на животната средина**

**Блинкова Иван Мартина** родена на 01.10.1987 година во Скопје, дипломирала на ден 08.03.2011 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Природно-математички факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Bashkim Ameti

М.П

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150020250121265
Датум и време: 1.4.2025 г. 13:34

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 01.04.2025 во 13:35
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 7442254 |
| **Целосен назив:** | Друштво за менаџмент, консалтинг, инжинеринг и дизајн Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје |
| **Кратко име:** | Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје |
| **Седиште:** | МАНАПО бр.7-1/51 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 19.8.2020 г. |
| **Времетраење:** | Неогрничен |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4057020551298 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 309.000,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 309.000,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 309.000,00 |

Број: 0805-50/150020250121265

Страна 1 од 2

**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/D85B2B039F265CBF20A171610300D3EF0AE504EEF1989A6865D9AE67284F408C

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

| СОПСТВЕНИЦИ | |
|---|---|
| **Име и презиме/Назив:** | МАРКО АЦЕВСКИ |
| **Адреса:** | ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ бр.23/37 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог MKD:** | 309.000,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 309.000,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 309.000,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 70.200 - Дејности на советување во врска со работењето и останато управување |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

| ОВЛАСТУВАЊА | |
|---|---|
| **Управител** | |
| **Име и презиме:** | МАРКО АЦЕВСКИ |
| **Адреса:** | ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ бр.23/37 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ |
| **Овластувања:** | Управител, ВСС |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Управител |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | gconsultsk@gmail.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/150020250121265

Страна 2 од 2

**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/D85B2B039F265CBF20A171610300D3EF0AE504EEF1989A6865D9AE67284F408C

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

## Содржина


1. ВОВЕД ... 11

2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС) ... 13

2.1 Стратегиска оцена на животната средина - дефиниција и цел ... 13

2.2 Координација помеѓу планскиот документ и СОЖС ... 14

2.3 Процес на СОЖС ... 16

2.4 Правна рамка за СОЖС постапката ... 17

3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 20

3.1 Преглед на содржината на планскиот документ ... 20

3.2 Плански опфат ... 24

3.2.1 Плански опфат, граница и површина ... 24

3.3 Намена на земјиштето ... 29

3.3.1 Намена на земјиштето и градбите ... 29

3.4 Сегашна состојба на предметниот простор ... 30

3.4.1 Инвентаризација на изграден градежен фонд ... 30

3.4.2 Инвентаризација на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење ... 31

3.4.3 Инвентаризација на комуналната инфраструктура и супструктура ... 33

4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 37

4.1 Карактеристики на просторот ... 37

4.1.1 Местоположба на проектниот опфат ... 37

4.2 Социјално-економски карактеристики ... 38

4.2.1 Основни карактеристики на населението ... 38

4.2.2 Стопански развој ... 40

4.3 Природни карактеристики ... 42

4.3.1 Геолошки, геомеханички и сеизмички карактеристики ... 42

4.3.2 Хидрометеоролошки и климатски карактеристики ... 43

4.3.3 Хидролошки карактеристики ... 44

4.3.4 Климатски промени ... 46

4.3.4 Биодиверзитет ........ 46
4.3.5 Пределска разновидност ........ 47
4.3.6 Користење на земјиште ........ 50
4.4 Опис на сегашната состојба со животната средина ........ 52
4.4.1 Квалитет на амбиентен воздух ........ 52
4.4.2 Водни ресурси и квалитет на води ........ 54
4.4.3 Управување со отпад ........ 56
4.4.4 Бучава ........ 57
3.4.5 Озеленост на просторот ........ 58
4.5 Материјални добра ........ 59
4.5.1 Транспортна инфраструктура ........ 59
4.5.2 Комунална инфраструктура ........ 60
4.5.3 Енергетска инфраструктура ........ 61
4.5.4 Водоснабдување, наводнување и управување со отпадни води ........ 61
4.6 Културно наследство ........ 64
5. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ........ 68
5.1 Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион под заштита на УНЕСКО ........ 68
5.2 Заштитени подрачја според Просторен план и национално законодавство ........ 72
5.3 Репрезентативна мрежа на заштитени подрачја ........ 76
6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 81
6.1 Заштита на природното и културното наследство на Охридскиот регион ........ 83
6.2 Корелација на целите на планскиот документ со цели на Стратегиска оцена на животната средина ........ 85
6.3 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи ........ 92
7.АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ........ 102
7.1 Состојба без имплементација на планскиот документ ........ 102

8. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 104

8.1 Влијание врз квалитетот на воздухот ........ 104

8.2 Влијание врз микроклима ........ 105

8.3 Влијание врз водите ........ 105

8.4 Влијание врз почвата ........ 107

8.5 Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство ........ 107

8.6 Влијание врз пределот ........ 108

8.7 Влијанија врз културно-историското наследство ........ 109

8.8 Влијание од зголемено ниво на бучава ........ 110

8.9 Управување со отпадот ........ 111

8.10 Влијание врз населението и социо-економските услови ........ 111

8.11 Влијание врз човековото здравје ........ 112

8.12 Прекугранични влијанија ........ 112

8.13 Кумулативни влијанија ........ 112

8.14 Влијанија од несреќи и хаварии ........ 113

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ........ 115

9.1 Мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот и микроклима ... 115

9.2 Мерки за намалување на влијанието врз водите ........ 116

9.3 Мерки за намалување на влијанието врз почвата ........ 118

9.4 Мерки за намалување на влијанието врз биодиверзитет и природното наследство ........ 118

9.5 Мерки за намалување на влијанието врз пределот ........ 120

9.6 Мерки за намалување на влијанието врз културното наследство ........ 122

9.7 Мерки за намалување на влијанието од зголемено ниво на бучава ........ 123

9.8 Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од управувањето со отпадот 124

9.9 Мерки за намалување на влијанието врз населението и социо-економските услови ........ 124

9.10 Мерки за намалување на влијанието врз човековото здравје ........ 125

9.11 Мерки предвидени за заштита од несреќи и хаварии ............................................ 125
9.12 Мерки за намалување на кумулативни влијанија .................................................. 127
10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА .......................................................... 128
11. ЗАКЛУЧОК.......................................................................................................... 133
12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ .......................................................................................... 135
13.ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА ................................................................................ 140
14. ПРИЛОЗИ.......................................................................................................... 141

## КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| УПВНМ | Урбанистички план вон населено место |
| СОЖС | Стратегиска оценка на животната средина |
| ЕУ | Европска унија |
| ЛЕАП | Локален акционен план за животната средина |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство , шумарство и водостопанство |
| НЕАП | Национален акционен план за животна средина |
| ПП | Просторен План на Република Македонија |
| РМ | |
| УП | Урбанистички план |
| УЗ | Урбана заедница |
| УБ | Урбан блок |
| УНЕСКО | Организација на обединети нации за наука, образование и култура |
| IUCN | Интернационална Унија за заштита на природата и природните ресурси |
| ХБИ | Хидробиолошки институт |
| ИУВ | Исклучителни универзални вредности |
| НП | Национален парк |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ЗЗП | Закон за заштита на природата |
| ПП | Парк на природата |
| ПУПКНОР | План за управување со природнио и културно наследство на Охридски Регион |

## Предговор

*Во процесот на донесување на стратешки плански документи, задолжително се изработува Стратегиска оцена на животната средина чија цел е предвидување на можните влијанија, како и превентивни мерки кои овозможуваат заштита на животната средина и здравјето на луѓето.*
*Овој нацрт извештај за Стратегиска Оцена на животната средина се спроведува врз основа на склучениот Договор помеѓу Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје и ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ Скопје за подготовка и изработка на нацрт извештај за СОЖС за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, општина Охрид.*
*Изработката на извештајот е согласно обврската на Изготвувачот на планскиот документ за спроведување на постапка за стратегиска оцена на животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, дадена во глава X (Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина) од Законот за животна средина.*
*Согласно точка 17 член 3 од Уредбата за стратегии, планови програми, вклучувајќи и нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, измената на ГУП е плански документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на влијанија. Целта на овој извештај е да изврши идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина од имплементацијата на предвидениот плански документ уште во фазата на неговата подготовка и да предложи соодветни мерки за спречување, контрола и/или компензација на влијанијата.*

*Нацрт извештајот е изработен согласно содржината пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 153 од 20.12.2007 год.).*

# 1. ВОВЕД

Планирањето и користењето на земјиштето во Охридскиот Регион се обезбедува со изработка, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови кои меѓусебно се усогласуваат, но особено важно е да се усогласуваат и со планските стратешки документи чија цел е зачувување на исклучителните универзални вредности (**ИУВ**) на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. За да се увиди нивната усогласеност, се изработува стратегиска оцена на животната средина (**СОЖС**). Предмет на анализа на овој нацрт извештај за СОЖС е Измена и дополнување на **генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4 и изработка на ДУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, Општина Охрид во обединета постапка.** Планските периоди за кои ќе се изработува ова изменување и дополнување на ГУП и изработка на ДУП во обединета постапка се:

- за изменување и дополнување на ГУП – планскиот период е 2024-2034
- за ДУП – планскиот период е 2024-2029.

Појдовна точка на изработување на оваа Измена и дополна на генералниот урбанистички план е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со важечкиот Генерален урбанистички план на Охрид, плански период 2002-2012, со Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год., рекомпонирање на планскиот концепт, редистрибуција на површини на градежни парцели и површини за градење и усогласување на намената на земјиштето со потребите на правните лица заинтересирани за изработка на оваа планска документација.

Планскиот опфат на оваа Измена и дополна на ГУП е во зоната со доминантна намена домување и домување со терцијарни дејности. Земјиштето во рамките на планскиот опфат генерално е неизградено.

Планот се изработува врз основа на Планска програма, со решение бр. 09-5464/5 од 20.06.2024 година, издадено од Општина Охрид, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива. Предмет на изработка на измената и дополнувањето е Урбаниот блок 4.4 од Урбаната заедница Воска, дефинирани со ГУП на Охрид (2002-2012). Согласно чл. 33 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) постапката за изработка и донесување на оваа измена и дополнување се води во обединета постапка со изработка на ДУП за опфат 1 во рамките на урбаниот блок 4.4. Поради тоа што се работи за измена и дополнување на ГУП на Охрид, во целост се задржуваат Основните параметри за уредување на просторот за остататиот дел од градот, а следните општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето се однесуваат само на Блок 4.4.

| |
|---|
| Цел на изработката на предметната Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4 и изработка на ДУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Општина Охрид е*:* *да се обезбеди просторна и функционална организација, која овозможува непречена размена на добра и услуги, оптимална разместеност на дејностите и активностите и нивно неконфликтно користење и истовремено обезбедува зачувување на културниот и урбаниот идентитет на опфатот, темелејќи се на концептот на одржлив развој и придонесувајќи кон остварување на висок квалитет на живот и работа во него.* |

Вака дефинираниот плански опфат за ГУП има површина од **146 927.01m²**, односно **14.69 ha**, додека дефинираниот плански опфат за ДУП има површина од **32 385.68 m²**, односно **3.24 ha**.

Планскиот документ е усогласен со препораките од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, („Сл. Весник на РМ“ бр. 45/2020), однсно запазени се препораките за максималната дозволена катност е П+4 (приота највисока катност на ДУП е П+3), и процент на изграденост од 50%, согласно зоната во која се наоѓа. Општина Охрид има постапено согласно Законот за заштита на природно и културно наследство на Охридски регион и за предметниот плански документ има испратено барање за мислење арх. Бр. 19-1743/7 од 19.05.2025, до Комисијата за управување со природно и културно наследство на Охридски регион (барање во прилог на овој извештај за СОЖС). За време на изработка на нацрт извештајот за СОЖС, одговор од Комсијата не е доставен до изработувачот.

Согласно законската регулатива од областа на животната средина, глава X од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) и согласно Одлуката за спроведување на стратегиска оцена на доносителот на планскиот документ[1], при подготовка на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој на општините во сите аспекти (урбан развој, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, земјоделие, транспорт и др.), потребно е спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијание на плански документ кој се подготвува (план, програма или стратегија) врз животната средина.

Согласно Уредбата за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ бр.153/07 и 45/11“), за плански документи кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територија на Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, потребно е да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС). Овој плански докумет за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка ДУП за УЗ4 УБ 4.4 опфат 1 – Општина Охрид, припаѓа кон *точка 13 – Планирање на просторот и користење на земјиштето – плански докумети кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територија на Р. С. Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.* Содржината на извештајот за СОЖС е пропишана со подзаконските акти, како и процедурата за воспоставување на листата на експерти за СОЖС.

Нацрт-верзијата на извештајот за СОЖС, е отворен за коментари од јавноста и од останатите државни и приватни институции. Нацрт извештајот, исто така, се поднесува за добивање мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). Изработувачот на стратешкиот документ подготвува извештај од добиените мислења и коментари од јавноста и од институциите и го дополнува извештајот за стратегиска оцена на животната средина со овие коментари и мислења.

[1] https://ohrid.gov.mk/%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-2-5/

# 2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС)

## 2.1 Стратегиска оцена на животната средина - дефиниција и цел

Стратегиска оцена на животната средина (**СОЖС**) е систематски и партиципативен процес што се спроведува за да се анализираат влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и социјалните и економските аспекти поврзани со спроведувањето на одреден плански документ во овој случај "Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1". Целта на постапката за СОЖС е да осигура дека информациите за значајните влијанија врз животната средина од планскиот документ се собрани и се достапни до донесувачите на одлуките, во текот на подготовката на планскиот документ и пред неговото донесување. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовка на документот.

**Цел на нацрт Извештајот за СОЖС за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка, е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ.**

Заради тоа, СОЖС е клучна компонента во одржливиот развој, фокусирана на заштитата на животната средина. СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индивидуални проекти) се подготвуваат.

**Главни цели на СОЖС се:**

- Обезбедување на механизам за идентификација, опис, проценка и известување за влијанијата од спроведувањето на плански документ;
- Спречување, намалување и неутрализирање на негативните влијанија врз животната средина, односно примена на најважните ограничувања во врска со животната средина, природните ресурси и климатските промени поврзани со имплементација на плански документ;
- Консултации и вклучување на заинтересираните страни, одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната фаза на подготовка на плански документ;
- Обезбедување на мислење од јавноста и земање во предвид на тие мислења во конечната верзија на плански документ.

Специфичните цели на СОЖС се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку состојба на здравјето на луѓето, квалитетот на водата, воздухот и почвата, биолошката разновидност, материјалните добра, културно наследство и пределот, како што се:

- Заштита на животната средина со имплементација на Урбанистичкиот План;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;

- Интегрално управување со комуналниот отпад и неговата селекција, транспорт и рециклирање, а со тоа и минимизирање на депонираниот отпад;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на ИУВ на природното и културното наследство;
- Идентификување области каде со планираните активности ќе се подобрат економските услови, квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Со постапката за СОЖС се интегрираат прашањата од областа на животната средина при носењето на одлуки за обемот и начинот на спроведување на планскиот документ. Притоа органот надлежен за спроведување на Планот- општина Охрид, при неговото ревидирање и финализирање, ќе го земаат предвид следното:

→ *Состојбите и трендовите на областите и активностите во животната средина, што може да имаат влијание на локално и глобално или да бидат засегнати од спроведувањето на планскиот документ;*

→ *Целите на животната средина и индикаторите за нивно постигнување при спроведувањето на планскиот документ;*

→ *Веројатните значајни ефекти врз животната средина што може да настанат како резултат од спроведувањето на планскиот документ;*

→ *Мерките за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија;*

→ *Ставовите, потребите и информациите обезбедени од засегнати страни (вклучително и од надлежни органи), во државата и во прекуграничен контекст.*

Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто така, се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина. Националното законодавство сугерира процесот на стратегиската оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид при дефинирање на целите на самиот плански документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантните стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовка и усвојување на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

## 2.2 Координација помеѓу планскиот документ и СОЖС

Стратегиска оцена на животната средина во согласност со Законот за животната средина („Сл. Весник на Република Македонија “бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) се изработува напоредно со изработката на планскиот документ. Овие два процеси, ќе овозможат

соодветно вградување на целите за заштита на животната средина и мерките, но и за намалување на влијанијата врз ИУВ на Охридскиот регион (сл.1).




**Слика 1. Интеграција на процесите на измена и дополна на ГУП и изработка на ДУП со СОЖС**

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при Измена и дополнување на ГУП УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
Со реализација на планскиот документ се предвидува зголемување на степенот на искористување на градежното земјиште, изнаоѓање на оптимално решение при решавањето на стационарниот сообраќај (паркирање и гаражирање) во планскиот опфат, како и максимално почитување на веќе создадените градежни вредности, нивно вклопување и дооформување на градежните парцели.

Подготовката на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се базира врз основа на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состои од следните чекори:

- Преглед и анализа на сегашната состојба на животната средина на и во околината на предложениот плански опфат во Општина Охрид;
- Запознавање со предлог планскиот документ за предметниот опфат, Условите за планирање на просторот, документациона основа и планската документација и графичките прилози;
- Идентификација на веќе дефинираните цели за заштита и унапредување на животната средина во постоечките стратешки документи на локално, национално и меѓународно ниво.

## 2.3 Процес на СОЖС

Постапката за стратегиска оцена на животната средина се состои од неколку фази чие што реализирање го олеснува и прави подетален процесот спроведување на стратегиската оцена:
Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:
**Проверка:** утврдување дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС. Оваа фаза претставува изготвување на одлуката за спроведување на СОЖС (Прилог 1).
**Определување на обемот:** определување на обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот на СОЖС.
**Извештај за СОЖС** е главниот механизам за известување во врска со описот и евалуацијата на значителните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и активностите за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. Извештајот за СОЖС треба да содржи информации, кои се точно дефинирани во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 153/07).
**Консултација со јавноста:** опфаќа консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на истите на јавен увид (објавување). Овој чекор подразбира изработка на план за вклучување на засегнатите страни во процесот. Начинот на учество на јавноста во овој процес е точно пропишано во Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови програми од областа на животната средина („Сл. Весник РМ“, бр. 147/08).
**Прифаќање:** обезбедување информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени во предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементација на планските докуемнти.

**Мониторинг:** следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните власти да превземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.




**Слика 2. СОЖС постапка**

## 2.4 Правна рамка за СОЖС постапката

При подготовка на нацрт Извештајот за СОЖС, земена е во предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

Задачата на Директивата за СОЖС (Strategic Environemntal Assessment - SEA) е да ги воведе целите на животната средина во процесот на креирање на политиките во различни сектори. Нејзината цел е да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина и да се придонесе за вклучување на проблемите поврзани со животната средина во подготовката и усвојувањето на плановите и програмите со цел промоција на одржлив развој. Со одредени исклучоци, СОЖС мора да се изготви за сите планови и програми што се подготвуваат во областа на земјоделието, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, транспортот, управувањето со водите, управувањето со отпад, телекомуникациите, туризмот, градските и регионалните планови или употребата на земјиштето, а кои ја поставуваат рамката за идните согласности за развивање проекти од Прилог I и II од Директивата за ЕIA или проекти што би можеле да имаат ефект врз природните живеалишта (Директива 92/43/ЕС).

Транспонирањето на главните обврски од директивите на ЕУ за животната средина во националните закони започна во 2003/2004 година со подготовка за Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25), каде што се транспортирани основните принципи на СОЖС постапката и каде што се дадени правните основи за донесување на подзаконските акти од сите поединечни фази на СОЖС постапката.
Закони кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21 и 03/25);
- Закон за води („Сл. Весник на РМ“, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21 и 03/25);
- Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Службен Весник на РМ“ 75/10).
- Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ“, бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 31/20 и 03/25);
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сл. Весник на РМ“, бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 06/12, 39/12, 09/13, 218/21 и 03/25);
- Закон за квалитет на амбиентен воздух („Сл. Весник на РМ“, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15, 146/15, 151/21 и 03/25);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, 151/21 и 03/25);
- Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ“, бр. 92/07, 136/11, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 18/20) и сите правилници кои произлегуваат од Законот.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклчувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ“, бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ“, бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 153/17);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник на начинот на спроведување на прекугранични консултации („Сл. Весник на РМ“, бр. 110/10);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ“, бр. 122/11).

Меѓународни договори релевантни за СОЖС постпаката. Најрелевантните меѓународни договори кои се релевантни за оваа СОЖС постапката се:

- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство („Службен Весник на СФРЈ” 56/74). Конвенцијата е ратификувана со акт за сукцесија од СФРЈ во 1977 година.

- Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранични контекст (Еспо, февруари 1991);
- Протоколот за стратегиската оцена на животната средина, усвоен врз основа на Конвенцијата Еспо и потпишан во 2003 година во Киев, Украина);
- Архуската Конвенција за пристап до информациите, учество на јавноста при донесувањето одлуки и пристап до правдата за прашања од животната средина (јуни 1998);
- Протоколот за регистрите на загадувачи и пренос на загадувачките материи (Киев, 21 мај 2003).

Содржината на нацрт Извештајот на СОЖС е дефинирана во Уредбата за содржината на извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС:

- Краток преглед на содржината, главни цели на Планскиот документ, поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на Урбанистичкиот План;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;
- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на Урбанистичкиот План;
- Опис на предвидени мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обрвски;
- Преглед на причините за избор на алтернативи и опис на начинот на спроведување на оцената, вклучуваќи и каква било потешкотија (како што се технички потешкотии или недостаток на знаење/вештини) при собирање на потребните информации;
- План за мониторинг на животната средина, чија главна цел е следење на резултатите од применетите мерки за ублажување во текот на спроведувањето на планскиот документ и дали во текот на имплементација на планските цели, се имплементирани и целите за заштита на животната средина и соодветното делегирање на надлежностите;
- Извештајот за стратегиска оцена ги содржи заклучоците од оцената на можните значителни влијанија врз животната средина од предложениот Урбанистички План.

# 3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

## 3.1 Преглед на содржината на планскиот документ

Согласно член 33 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), постапката за изработување и донесување на измената и дополна на генералниот урбанистички план ќе се води во обединета постапка со постапката за изработување и донесување на детален урбанистички план. Притоа, согласно член 31 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), измена и дополна на урбанистички план по правило се изработува во иста постапка, што е пропишана и за нивно донесување, а опишана во член 25 и 27 од Законот. Дополнително, согласно член 33 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) со обединета постапка ќе се смета дека генералниот урбанистички план и деталниот урбанистички план се донесени како единствен акт, при што во делот од планскиот опфат на генералниот урбанистички план кој не соодвествува со планскиот опфат на донесениот детален урбанистички план, тој се спроведува како генерален урбанистички план со донесување на детални урбанистички планови, а во делот од планскиот опфат на донесениот детален урбанистички план, тој се спроведува како детален урбанистички план со урбанистички проекти и други поединечни акти за градење. Согласно одобрената Планска програма, со решение бр. 09-5464/5 од 20.06.2024 година, издадено од Општина Охрид, за потребите на инвеститорите, изработена е Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид (плански документ) во Обединета постапка. Цел на планскиот документ е да се обезбеди просторна и функционална организација, која овозможува непречена размена на добра и услуги, оптимална разместеност на дејностите и активностите и нивно неконфликтно користење и истовремено обезбедува зачувување на културниот и урбаниот идентитет на опфатот, темелејќи се на концептот на одржлив развој и придонесувајќи кон остварување на висок квалитет на живот и работа во него.

Со Генерален урбанистички план (ГУП), во склад со стратегијата која произлегува од Просторниот план на Република Македонија, се утврдува организациска структура на просторот на градот, заштита на природните и културните вредности, користење и намена на површините со услови и мерки за нивно уредување. Целите на предметната Измена и дополнување на генерален урбанистички план се базираат на одредбите на Уставот на Република Македонија, Законот за урбанистичко планирање, како и на постојната организација на просторот и неговото досегашно користење. Општите цели и задачи на планот произлегуваат од општите цели на развојот на нашето општество и макро-економската политика на земјата. Генералниот урбанистички план ќе ги дефинира основните решенија на идниот развој на Градот во организација на просторот, неговата намена, користење и уредување. Планот ќе претставува основа за понатамошна изработка на детални урбанистички планови и/или проектни документации на пооделни градски целини и опфати предвидени со овој документ. Предложените решенија ќе овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните. Основна цел на изработување на оваа Измена

и дополна на генерален урбанистички план е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со важечкиот Генерален урбанистички план на Охрид, плански период 2002 2012, со Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год., рекомпонирање на планскиот концепт, редистрибуција на површини на градежни парцели и површини за градење и усогласување на намената на земјиштето со потребите на правните лица заинтересирани за изработка на оваа планска документација.

Со деталниот урбанистички план (ДУП) се разработува и спроведува плански опфат што е во рамки на генерален урбанистички план. Основната цел на предметниот детален урбанистички план е усогласувањето на потребите на корисниците на земјиштето, во поглед на дистрибуцијата на намените и останатите урбанистички параметри во планскиот опфат со важечкиот ГУП, Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/2, 99/23 и 7/25), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива. Кај оваа измена и дополнување на ГУП концептот за просторен развој произлегува од постојната состојба, увидот на терен и потребите на инвеститорите, општината и сопствениците на земјиштето. Во најголем дел се задржува предвидената намена од важечкиот ГУП, освен тоа што, наместо мешаната зона за домување и терцијарни дејности се предвидени зони со одделни групи на класи на намени А домување и престој и Б комерцијални и деловни намени, како и зона за секундарна улична мрежа и останата линиска инфраструктура (Е1). Со предметниот ДУП се разработуваат зоните дефинирани во Измената и дополна на ГУП во рамките на опфатот 1.




**Слика 3. Граница на плански опфати на ажурирана геодетска подлога**

Документационата основа содржи податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат со согледување на предметниот локалитет како интегрален дел на градскиот простор. Изработката на Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид во обединета постапка со понатамошна разработка на дел од овој блок на ниво на Детален урбанистички план, има за цел да изврши пренамена на дел од земјиштето, односно усогласување на наменска употреба на земјиштето со имотно правната состојба со важечката законска и подзаконска регулатива. Врз основа на тоа, Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот;
- оформување препознатлива архитектонска целина;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- оформување културен пејсаж;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- вградување мерки за заштита и спасување;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

да го преиспита предметниот простор и да ги редефинира условите за градење во рамките на предметниот плански опфат со редефинирање на наменска употреба на земјиштето на ниво на блок во рамки на урбана единица, додека во рамки на постапката за измена и дополна на ДУП да ги редефинира градежните парцели, основните класи на намена, како и дефинирање на архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби.

Планот за измената и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, Општина Охрид е изработен од страна на Друштво за проектирање, инжинеринг и услуги Архитектор ДООЕЛ Скопје.

Изработен согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ“ бр. 11/18, 42/20, и 224/24). Деталните услови за проектирање и градење важат за предметот офатен во Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, со плански период од 2024-2034 година, е во рамките на Урбаната заедница 4, чиј опфат е дефиниран со ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година.

Составни делови на Урбанистичкиот проект на предметната Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, Општина Охрид се:

- Општ дел;
- Документациона основа со текстуален дел и графички прилози;
- Планска документација со текстуален дел и графички прилози;
- Нумерички дел.

Текстуалниот дел од Документационата основа содржи површина и опис на границата на проектниот опфат со географско и геодетско поредување на неговото подрачје; историјат на планирање и уредување на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина; природни чинители; создадени вредности и чинители; инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супструктура и инсталации; инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и др.; инвентаризација на инвентаризација на изградената комунална инфраструктура; итн.

Графичкиот дел од Документационата основа содржи Извод од ГУП; Ажурирана геодетска подлога; Инвентаризација на градежниот фонд и вкупната физичка супструктура, земјиште и зеленилото; Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.

Текстуалниот дел од Планската документација се состои од Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период; Прецизен опис на планскиот опфат; Цели на Урбанистичкиот План; Опис и образложение на планските решенија за изградба и Мерки за заштита.

Графичкиот дел од планската документација содржи Синтезен план-намена на земјиште; Сообраќајно решение со нивелмански план; План за водоснабдување; План за фекална канализација; План за атмосферска канализација; Синтезен план-електроенергетски и телекомуникациски системи.

Графичкиот дел од планската документација за ДУП содржи : План за намена на земјиштето, Регулационен план, План за парцелзација,План за површини за градење,Сообраќаен и нивелециски план ,Инфраструктурен план ,План на зеленило,Синтезен план (дадени во прилог на СОЖС).

Составен дел на Планот е Хидролошка студија за регулација на река Даљан. Согласно спроведените анализи за предложениот попречен пресек со кој треба да се регулира речното корито на Река Даљан од опфатот на планската документација за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4, плански период 2024-2034 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4, опфат 1, плански период 2024-2029, Општина Охрид во Обединета постапка, дадени се следните заклучоци:

- Усвоените големи води кај Река Даљан наложуваат избор на попречен пресек со трапезно речно корито.
- Коритото на Река Даљан се предложува да биде со ширина b=11.0 m, висина од H=1.0m и симетрични косини од 1:1,5.
- Усвоените големи води со веројатност на појава од Т=2 години конторлирано минуваат низ коритото.
- Усвоените големи води со веројатност на појава од Т=100 години конторлирано минува низ целиот пресек на трапезното речно корито.
- Усвоен е заштитен појас од 3м од левата и десната страна.
- Предлог попречниот пресек графички е прикажан на сл.4




**Слика 4. Предлог попречен пресек за регулација на Река Даљан**

### 3.2 Плански опфат

## 3.2.1 Плански опфат, граница и површина

Предметниот опфат (сл.3) се наоѓа на северозападната страна на градот Охрид, поточно на северната страна на Урбаната заедница 4. Урбаната заеденица 4 е поделена на 7 урбани блокови. Предмет на измена е Урбан блок 4 од Урбана заедница 4 опфат 1 (слика 5).




**Слика 5.Предметна локација УЗ 4 УБ4.4 опфат 1 (ГУП на Охрид 2002-2012)**

Во блокот 4, дефиниран со важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), застапени се следните намени: домување, домување со терцијални дејности, река, заштитно зеленило, бензински пумпи и улици. Блокот е ограничен со реката Далјан (дел од границата на опфат на градот) и улиците Гоце Делчев, Распаќе и Булевар Туристичка. Во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж

улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, интерполирани се содржините од терцијарниот стопански сектор.

Согласно планската програма за предметната Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, општина Охрид, опфатот е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:

- на северозапад – реката Далјан – граница на опфатот на градот;
- на север и исток – Булевар Туристичка и клучка;
- на југ – улица Распаќе.

Вака дефинираниот плански опфат за Генералниот Урбанистички План има површина од 146927.01 m$^2$, односно 14,69 ha.

Планскиот опфат е опишан со следиве координати на прекршочни точки:

*Табела 1. Координати на прекршочни точки*

| Р.бр | Y | X |
|---|---|---|
| 1. | 7482022.64 | 4554016.54 |
| 2. | 4782139.07 | 4553989.71 |
| | Лак 1 | Конвексност: -0.0702<br>Центар: X=4553597.70, Y=7482058.02<br>Радиус: 400.30 m<br>Почетен агол: 78°<br>Завршен агол: 62° |
| 3. | 7482244.37 | 4553951.98 |
| 4. | 7482241.29 | 4553949.09 |
| 5. | 7481879.40 | 4553644.40 |
| | Лак 2 | Конвексност: -0.0944<br>Центар: X=4553802.58, Y=7481741.28<br>Радиус: 210 m<br>Почетен агол: 311°<br>Завршен агол: 290° |
| 6. | 7481811.61 | 4553604.71 |
| 7. | 7481690.26 | 4553561.58 |
| | Лак 3 | Конвексност: 0.1210<br>Центар: X=4553410.82, Y=7481743.84<br>Радиус: 160.00 m<br>Почетен агол: 110°<br>Завршен агол: 137° |
| 8. | 7481626.54 | 4553519.63 |
| 9. | 7481624.92 | 4553517.71 |
| 10. | 7481621.52 | 4553513.67 |
| | Лак 4 | Конвексност: 0.0699<br>Центар: X=4553713.14, Y=7481636.06<br>Радиус: 200 m<br>Почетен агол: 266°<br>Завршен агол: 282° |
| 11. | 7481677.05 | 4553517.39 |
| 12. | 7481688.47 | 4553519.78 |
| 13. | 7481801.87 | 4553543.52 |
| 14. | 7482429.92 | 4553675.02 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | 7482436.43 | 4553675.15 |
| 16. | 7482429.21 | 4553688.48 |
| | Лак 5 | Конвексност: -0.0906<br>Центар: X=4553825.26, Y=7482693.70<br>Радиус: 297.77 m<br>Почетен агол: 207°<br>Завршен агол: 187° |
| 17. | 7482397.93 | 4553790.80 |
| 18. | 7482381.57 | 4553930.30 |
| | Лак 6 | Конвексност: 0.2070<br>Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39<br>Радиус: 120 m<br>Почетен агол: 7°<br>Завршен агол: 53° |
| 19. | 7482333.80 | 4554012.75 |
| 20. | 7482316.07 | 4554023.64 |
| | Лак 7 | Конвексност: 0.1955<br>Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39<br>Радиус: 120 m<br>Почетен агол: 63°<br>Завршен агол: 108° |
| 21. | 7482225.96 | 4554030.66 |
| 22. | 7482186.37 | 4554018.04 |
| | Лак 8 | Конвексност: -0.1345<br>Центар: X=4554208.61, Y=7482125.66<br>Радиус: 200 m<br>Почетен агол: 288°<br>Завршен агол: 257° |
| 23. | 7482080.75 | 4554013.71 |
| 24. | 7482024.95 | 4554026.57 |
| 25. | 7482022.64 | 4554016.54 |

Концептот за просторен развој произлегува од постојната состојба, увидот на терен и потребите на инвеститорите, општината и сопствениците на земјиштето. Во најголем дел се задржува предвидената намена од важечкиот ГУП, освен тоа што, наместо мешаната зона за домување и терцијарни дејности се предвидени одделни зони со група на класа на намени А домување и престој и Б комерцијални и деловни намени, како и зона за секундарна улична мрежа и останата линиска инфраструктура (Е1).

Согласно планската програма за изработка на ДУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Општина Охрид, опфатот е дефиниран и ќе се движи по:

- на северозапад реката Даљан границата на опфатот на градот
- на североисток крак од клучка и булевар Туристичка
- на југоисток ул. Распаќе
- на запад Новопланирана улица 1

Планскиот опфат е опишан со следиве координати на прекршочни точки:

*Табела 2. Координати на прекршочни точки*

| Реден број | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7482227.86 | 4553875.06 |
| 2 | 7482212.43 | 4553867.69 |
| 3 | 7482219.97 | 4553851.90 |
| | Лак 1 | Конвексност: -0.3314<br>Центар: X=4553846.30 Y=7482222.65<br>Радиус: 6.2000<br>Почетен агол: 116<br>Завршен агол: 42 |
| 4 | 7482227.24 | 4553850.47 |
| 5 | 7482239.43 | 4553837.03 |
| | Лак 2 | Конвексност: -0.1334<br>Центар: X=4553674.96 Y=7482060.65<br>Радиус: 241.3000<br>Почетен агол: 42<br>Завршен агол: 12 |
| 6 | 7482296.85 | 4553724.34 |
| 7 | 7482297.17 | 4553722.77 |
| | Лак 3 | Конвексност: -0.1452<br>Центар: X=4553714.32 Y=7482256.75<br>Радиус: 41.3000<br>Почетен агол: 12<br>Завршен агол: 339 |
| 8 | 7482295.24 | 4553699.36 |
| 9 | 7482273.02 | 4553642.17 |
| 10 | 7482429.92 | 4553675.02 |
| | Лак 4 | Конвексност: -0.0740<br>Центар: X=4553827.58 Y=7482701.15<br>Радиус: 311.1927<br>Почетен агол: 209<br>Завршен агол: 192 |
| 11 | 7482397.25 | 4553760.62 |
| | Лак 5 | Конвексност: 0.2030<br>Центар: X=4553675.82 Y=7482094.92<br>Радиус: 314.0000<br>Почетен агол: 16<br>Завршен агол: 62 |
| 12 | 7482244.37 | 4553951.98 |
| 13 | 7482198.71 | 4553913.50 |

**Вака дефинираниот плански опфат за ДУП има површина од 32 385.68m$^2$, односно 3.24ha.**

Во опфат 1 од Урбан блок 4.4 се планирани 17 градежни парцели.

Со инвентаризацијата на терен, анализата на ажурираната геодетска подлога и добиените податоци и информации од јавните комунални претпријатија и други субјекти на државна управа може да се заклучи дека:

- Подрачјето на планскиот опфат се карактеризира со низок степен на изграденост

- Просторот има дефинирана и реализирана сообраќајна и комунална инфраструктура, само од примарната улична мрежа. Исто така утврдено е дека голем дел од опфатот е неизградено земјиште.

### 3.3 Намена на земјиштето

## 3.3.1 Намена на земјиштето и градбите

Со изработката на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на Охрид за Урбаната заедница 4, Урбан блок 4.4, предвидени се следните групи на класи на намена:

- **А – домување и престој;**
- **Б – комерцијални и деловни намени;**
- **Д – зеленило, рекреација и меморијални простори; и**
- **Е – инфраструктури.**

Со деталната разработка на дел од истиот во обедината постапка е предвидена прераспределба на намените во рамките на блокот и предвидување на површини за градење за градба со намена **Б2 – големи единици за трговија** во близина на крстосницата на ул. Распаќе со бул. Туристичка, согласно потребите на инвеститорот. Оттука, во рамките на опфатот 1 за изработка на ДУП ќе се предвидат следниве групи и класи на намена:

- **А – домување и престој;**
  - А1 – домување и куќи;
  - А2 – домување во згради;
- **Б – комерцијални и деловни намени;**
  - Б2 – големи единици за трговија;
- **Д – зеленило, рекреација и меморијални простори;**
  - Д1 – парковско и пејсажно зеленило;
  - Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило;
  - Д5 – полуприродни зелени хабитати;
    - Д5.1 – водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта – река Далјан;
- **Е – инфраструктури;**
  - Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

**Озеленетост**

Во рамките на планскиот опфат се предвидува јавно зеленило и зеленило во рамките на градежните парцели. Јавното зеленило во рамките на планскиот опфат предвидено во овој план е заштитно и сообраќајно зеленило. Истото се предвидува во зоната на клучката, како и покрај реката Далјан. Со изработка на детални урбанистички планови во рамките на градежните парцели треба да се предвиди најмалку 20% од површината на градежната парцела за зеленило. За да може да се посади високо зеленило, на оваа површина не треба да се предвидува подземна градба.

## 3.4 Сегашна состојба на предметниот простор

### 3.4.1 Инвентаризација на изграден градежен фонд

За целосно согледувањето на постојната состојба, изработен е елаборат за ажурирана геодетска подлога, а потоа е извршено детално истражување по пат на директен увид на терен и направена е детална анализа на добиените податоци. При изработка на Планот, прибавени се мислења од надлежните институции (дадени во прилог на СОЖС).

При увид на терен од страна на планерите, направена е инвентаризација на изградениот градежен фонд, земјиштето и вкупната физичка супраструктура. Соодветно на тоа, изработена е табела во која е прикажана целокупната изграденост на теренот, состојбата, видот и степенот на изграденост на секоја катастарска парцела во рамките на планскиот опфат. Според споредбените показатели површини по намена на земјиштето и нивната застапеност во однос на вкупната површина од **постојната состојба и планското решение** се:

*Табела 3. Биланс на површини по намени за УЗ 4 (постојна состојба и планско решение)*

| Намена на земјиштето | Постојна состојба | | Планско решение | |
|---|---|---|---|---|
| | m² | % | m² | % |
| А – домување и престој | 6248.49 | 4.25% | 62819.09 | / |
| Б –комерцијални и деловни намени | / | / | 14158.58 | 9.64% |
| Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило | 15321.51 | 10.43% | 21782.52 | 14.83% |
| Д5 – полуприродни зелени хабитати (река Даљан) | 11857.84 | 8.07% | 16552.74 | / |
| Е1 – сообраќајнилиниски и други инфраструктури | 11788.11 | 8.02% | 31614.08 | 21.52% |
| Неизградено земјиште | 101711.06 | 69.23% | / | / |
| **ВКУПНО** | **146927.01** | **100.00%** | **146927.01** | **45.98%** |

*Табела 4. Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 опфат 1 (постојна состојба и планско решение)*

| Намена на земјиштето | постојна состојба | | планско решение | |
|---|---|---|---|---|
| | m² | % | m² | % |
| А1 – домување во куќи | 1634,82 | 5,05% | 4645,90 | 14,35% |
| А2 - домување во згради | / | / | 2518,89 | 7,78% |
| Б2 - големи единици за трговија | / | / | 10812,39 | 33,39% |
| Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило | / | / | 4095,48 | 12,65% |
| Д5 – полуприродни зелени хабитати (река Даљан) | 926,82 | 2,86% | 1195,47 | 3,69% |
| Е1 – сообраќајни линиски и други инфраструктури | 1760,00 | 5,43% | 9075,73 | 28,02% |
| Е1.8 - инфраструктура за пренос на електрична енергија | / | / | 41,82 | 0,13% |
| Неизградено земјиште | 28064,04 | 86,66% | / | / |
| **ВКУПНО** | **32385,68** | **100,00%** | **32385,68** | **100,00%** |

- **<u>Демографски податоци</u>**

Извршена е анализа- увид на терен со кој се добиени податоци за број на жители, број на домаќинства и слично, За да се овозможи иден развој. Главна цел на оваа анализа е согледување на демографската структура и досегашниот демографски развој.

Според извршената инвентаризација во рамките на планскиот опфат со вкупна површина од **146 927 m$^2$ (14.69 ha)** постојат **девет објекти** со намена А1 и три помошни објекти. Има 8 домаќинства и вкупно 25 жители.

За планскиот опфат на ДУП-от, констатирано е дека постои еден објект со намена А1, кој е во изградба, па оттука и нема постојано население.

## 3.4.2 Инвентаризација на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење

Според добиените податоци од Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство со допис бр. 17-1519/2 од 09.04.2024 година, планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, општина Охрид, плански период 2024-2034** се наоѓа во непосредна близина на археолошкиот локалитет „Хермелеја“ и археолошкиот локалитет „Козлук“, како и дека претставува дел од природното и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Во дописот од Министерство за култура е напоменато дека: „Поради тоа, ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, да утврди дали некој од археолошките локалитети навлегува во предметниот плански опфат, и да утврди услови под кои може да се изработи планот“. Согласно податоците добиени од **Националната установа завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид**, допис бр. 13-613/2 од 28.05.2024 година, во рамки на предметниот опфат **нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети**.




**Слика 6.Заштитни зони во граници на ГУП Охрид и потенцирана предметна локација културно наследство) (извор: ПУПКНОР)**

Но, наведено е дека планскиот опфат согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, („Сл. Весник на РМ“ бр. 45/2020), се наоѓа во Зона III-а (слика 6), каде се предвидуваат низа мерки со посебен режим на заштита, кои треба да се почитуваат во планското решение каде според заштитните мерки **максималната дозволена катност е П+4, и процент на изграденост од 50%.**

Третата зона е простор со поретка концентрација на културно наследство, а во конкретниот опфат нема видливо или познато културно наследство, па затоа се прифатливи сите интервенции кои се во склад со развојните стратегии на општина Охрид, но со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејсажот и хармонијата со целината.

Заради тоа, потребно е да се почитуваат Владините заклучоци за задолженија и укажувања од Дваесет и шестата седница, одржана на 7 декември во 2020 година, а се однесуваат на спроведувањето на „Планот на управувањето со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион“, како и „Закон за заштита на културното наследство“ („Сл. Весник на РМ“, бр.

20/04, 115/07, 18/11 и 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и 03/25) кои треба да се земат во предвид при изработка на предвидената планска документација.

Помеѓу другото, во Извадокот од Нацрт записникот од 187-та Владина седница во точка 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во потточка 18 се задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општините, сите урбанистички плански документации да ги доставуваат до комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, на мислење уште во фаза на предлог опфат, односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови. Општина Охрид ја има известено комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (допис бр.19-1743/7 Дата 19.052025), но за време изработка на нацрт извештајот за СОЖС, не е пристигнат одговор.

## 3.4.3 Инвентаризација на комуналната инфраструктура и супструктура

Низ територијата на општина Охрид поминуваат следните национални патишта:

- А2 – Граница со Р. Бугарија (ГП Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце (Куманово) – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – Граница со Р. Албанија (ГП Ќафасан);
- А3 – Раскрсница Требеништа (спојка со А2) – раскрсница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – Р. Бугарија (ГП Рамна Нива).

Регионални патишта низ територијата на општина Охрид:

- Регионалниот пат R 1301: Охрид (спојка со А3) – Свети Наум – граница со Р. Албанија;
- Регионален пат R 1208: Охрид (спојка со R 1301) – Подмоље – (спојка со А3) – Струга – Радожда.

Во рамките на планскиот опфат **11 788.11 m$^2$**, или **8.07%** од вкупната површина се со намена **Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури.**

- **Сообраќајни инфраструктури**
  Сообраќајна инфраструктура во планскиот опфат ја сочинуваат:
  **Примарни улици** – постоечка градска магистрала – бул. Туристичка и клучка – чии осовини се североисточната граница на опфатот. Собирна улица Распаќе чија осовина е јужната граница на опфатот.
- **Инфраструктури на водоснабдувањето и канализациски инфраструктури**
  Од **ЈП Водовод Охрид** со допис бр. 09-767/1 од 09.04.2024 година се добиени податоци за постоечката хидротехничка инфраструктура – водоводна мрежа.
  Во дописот е потенцирано дека во рамките на планскиот опфат поминува водоводна мрежа со ∅300mm.
  Сите постојни водови од графичкиот прилог на овој допис се нанесени на графичкиот прилог бр. 04 од Документационата основа – Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.




**Слика 7.План за фекална и атмосферска канализација**

- **Инфраструктури за пренос на електрична енергија**

  Со допис бр. 10-23/7-98 од 29.02.2024, **Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје**, информира дека во рамките на планскиот опфат постојат нивни инфраструктури – 10(20)kV подземна и надземна мрежа и 0.4kV подземна и надземна мрежа.

  Освен тоа, во опфатот има и планирана 10(20)kV подземна мрежа.

Сите постојни водови од графичкиот прилог на овој допис се нанесени на графичкиот прилог бр.4 од Документационата основа – Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.

Со допис бр. 11-2507/1 од 03.04.2024 година, **АД МЕПСО, Скопје** известува дека предметниот плански опфат не се пресекува со електроенергетски објекти во нивна сопственост.




**Слика 8.Електроенергетски и телекомуникациски ситем**

- **Телекомуникациски инфраструктури**

  За телекомуникациските инфраструктури се добиени податоци од **Агенцијата за електронски комуникации, Скопје** со допис бр. 1404-1352/2 од 19.04.2024;

  **Македонски Телеком АД, Скопје** со допис бр. 60952 од 03.04.2024 и **А1 Македнија ДООЕЛ, Скопје** со допис бр. 11-2455/1 од 01.04.2024 година.

  Сите постојни водови од овие дописи се нанесени на графичкиот прилог бр. 04 од Документационата основа – Инвентаризација на градби и водови од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.

- **Гасоводна инфраструктура**

  Со допис бр. 08-2117/2 од 29.03.2024 година, **АД НОМАГАС, Скопје** известува дека во рамките на планскиот опфат нема изградено, ниту планирано гасоводна мрежа.

- **Инфраструктура за заштита и спасување**

  Со допис бр. 09/3-98/2 од 03.04.2024 година, **Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Охрид**, известува дека во планскиот опфат не располага, ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура.

- **Инфраструктура од областа на цивилно воздухопловство**

  Со допис бр. 12-8/315 од 01.04.2024 година, **Агенцијата за цивилно воздухопловство** известува дека предметниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или

воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот може да се планира без посеби услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

- **Инфраструктура од областа на заштита на водите**

  Со допис бр. 11-4165/2 од 31.05.2024 година, **Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор за води,** известува дека планскиот опфат зафаќа еден непостојан водотек.

  Согласно Законот за водите („Сл. Весник на РМ“, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/16, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21 и 03/25) потребно е во планската документација да бидат вградени следните критериуми:

  - Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласности издадена врз оснца на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегуларните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регуларни водотеци;
  - Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
  - Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
  - Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
  - Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
    - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користењето на водите;
    - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор за води;
    - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение;
    - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 m од внатрешната страна и 10 m од надворешната страна на ножицата на насипот;
    - за посточеките канали потребно е слободен пристап по 5 m лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.
  - Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните вода од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите („Сл. Весник на РМ“, бр. 18/99).

# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 Карактеристики на просторот

### 4.1.1 Местоположба на проектниот опфат

Општина Охрид (сл.9) се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, лоцирана на североисточниот брег на Охридското Езеро, со површина од 389.93 km$^2$. Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра Планина од западната страна и Галичица од источната страна.




**Слика 9. Местоположба на Охридски регион**

Градот лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија – ридови на кои е Стариот Град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино – населбите Рача и Бејбунар. Според важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), предметниот опфат се наоѓа на северозападната страна на градот Охрид, поточна на северната страна на Урбаната заедница 4. Урбаната заедница 4 е поделена на 7 урбани блокови.

Предмет на измена е Урбан блок 4 од Урбана заедница 4. Во блокот 4, дефиниран со важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), застапени се следните намени: домување, домување со терцијарни дејности, река, заштитно зеленило, бензински пумпи и улици. Блокот е ограничен со реката Далјан (дел од границата на опфат на градот) и улиците Гоце Делчев, Распаќе и Булевар Туристичка. Во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, интерполирани се содржините од терцијалниот стопански сектор.

Согласно планската програма за предмената Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, општина Охрид, опфатот е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:

- на северозапад – реката Далјан – граница на опфатот на градот;
- на север и исток – Булевар Туристичка и клучка;
- на југ – улица Распаќе.
-

**Урбанистичко и просторно планирање**

Планските документи што го насочуваат просторниот развој на подрачјето се: Просторниот план на РМ односно Просторниот план на охридско-преспанскиот регион, Генералните урбанистички планови (ГУП) на градовите Охрид и Струга, деталните урбанистички планови (ДУП), урбанистичките планови за село, урбанистичките планови за вон населено место (УПВНМ), урбанистички планови за подрачја и градби од државно значење, урбанистичко-плански документации за градби од посебен интерес, државни урбанистички плански документации (ДУПД), локални урбанистички планска документации (ЛУПД), урбанистичко планска документација за туристичко-развојни зони (УПТРЗ), урбанистичко-плански документации за автокампови и за инфраструктурни проекти во Охридскиот регион.

Постојните просторни планови врз основа на кои се управува со намената и користењето на земјиштето во границите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се:

1. Просторен план на РМ (2004-2020);
2. Просторен План на Охридско-Преспанскиот регион (2005-2020),
3. План за просторно уредување на  Националниот Парк Галичица (1988)

Просторниот План на општина Охрид е донесен во 1988 год. но неговата важност е истечена. Нацрт Просторен план за Националниот парк Галичица (2010-2020) се уште не е доработен. Градот Охрид има Генерален урбанистички план, ГУП на Охрид (2002–2012), усвоен во 2006 година. Предметниот опфат е неизградено земјиште.

## 4.2 Социјално-економски карактеристики

Просторен опфат на планот се совпаѓа со територијата утврдена со административните граници на општина Охрид согласно актуелната административно-територијална организација на Република Северна Македонија.

### 4.2.1 Основни карактеристики на населението

Населението спаѓа меѓу основните елементи на кои се базира предвидувањето на идната организација. Тоа е најбитен фактор на идниот развој на земјата и општеството. Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Регионот зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

**Вкупно население**

Според Попис 2021: Охрид има 51.428 жители, 18.368 домаќинства и 33.660 станови. Од вкупниот број жители (51.428), 25.231 се мажи, 26.197 се жени. Во Охрид живеат 40.488 Македонци (19.903 мажи и 20.585 жени), 1.942 Албанци (921 мажи и 1.021 жени), 1.831 Турци (890 мажи и 941 жени) и 232 Роми (100 мажи и 132 жени). Согласно ДЗС, бројот на жители бележи пад низ годините (слика 10).




**Слика 10. Вкупно проценето резидентно население во Охрид, (извор: Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021)**

## Природен прираст

Драстично опаѓа стапката на природниот прираст на населението во Охрид. Загрижува негативната стапка на природниот прираст. Охрид во земјата има најниска стапака на наталитет, а највисока стапка на морталитет.




**Слика 11.Живородени деца во општина Охрид, 2010-2024 (извор: Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021)**

## 4.2.2 Стопански развој

Во општина Охрид се наоѓаат многубројни стопански објекти (угостителски, производни, трговски и др.), кои даваат голем придонес за нејзиниот стопанско – економски развој.
Од аспект на активни деловни субјекти, според нивната големина, согласно најновите податоци од Државниот завод за статистика на РСМ од 2018 година на територијата на општина Охрид се регистрирани вкупно 2 622 деловни субјекти од кои: 1 840 се микро, 750 припаѓаат на категоријата мали претпријатија, 23 се средни, а 9 се големи претпријатија.
Доколку вкупните активни деловни субјекти (2 622) се класифицираат согласно дејностите на Националната класификација на дејности (НКД Рев.2), истите може да се класифицираат како во следната табела:

*Табела 5. Активни деловни субјекти по сектори на дејност 2021, (извор ДЗС)*

| Дејности | Бр. |
|---|---|
| А. Земјоделство, шумарство и рибарство | 21 |
| Б. Рударство и вадење на камен | 3 |
| В. Преработувачка индустрија | 279 |
| Г. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 10 |
| Д. Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 4 |
| Ѓ. Градежништво | 182 |
| Е. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 759 |
| Ж. Транспорт и складирање | 148 |
| З. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 337 |
| Ѕ. Информации и комуникации | 82 |
| И. Финансиски дејности и дејности на осигурување | 14 |
| Ј. Дејности во врска со недвижен имот | 44 |
| К. Стручни, научни и технички дејности | 287 |
| Л. Административни и помошни услужни дејности | 73 |
| Љ. Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 5 |
| М. Образование | 43 |
| Н. Дејности на здравствена  и социјална заштита | 122 |
| Њ. Уметност, забава и рекреација | 44 |
| О. Други услужни дејности | 114 |
| П. Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | ... |
| Р. Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

Општина Охрид има вековна традиција во развојот на туризмот. Туризмот и Охрид се нераскинливо поврзани, така што имаат симболистички карактер. Во развојните определби на туризмот со приоритетен карактер се присутни од неговата појава. Денес, Охрид е препознатлива туристичка дестинација не само во национални, туку и во светски рамки. Затоа стратегиската определба подразбира унапредување на овој развоен приоритет. Тоа подразбира подобрување на

квалитативно - квантитативните појави и односи и оптимално прифаќање на посетителите. Идниот развој подразбира активирање на атрактивните и рецептивните потенцијали и создавање конкурентни туристички производи прифатливи на туристичкиот пазар. Општината Охрид ја продолжува заложбата за репутација како пријатно место за посета и подобрен квалитет на животот на рецепиентното население и туристите. Константноста во унапредувањето на охридската препознатливост подразбира дополнителна афирмација на Охрид како туристичка дестинација, културен центар и заштитен природен простор во рамките на РСМ и државата во континентални и светски рамки. Стратегискиот приод во развојот на туризмот во наредниот десетгодишен период, треба да придонесе за подобрување на содржината на престој на посетителите и постојано да го унапредува квалитетот на услугите во насока на овозможување на потполно задоволство на туристите. Исто така, туризмот ќе биде во функција на интензивно вклучување на недоволно развиени средини во развојните процеси. Реализацијата на стратегиските определби ќе биде фактор на поттикнување на економските процеси, социјалната и интеркултурната соработка и разбирање, а самата општина ќе ја афирмира со иновативни солуции.

Согласно ДЗС, бројот на ноќевања на странски и домашни туристи за периодот 2023-2025, по месеци расте особено од странски туристи во летните месеци.




**Слика 12.Број и ноќевања на домашни и странски туристи**

Според ДЗС, растат градежните работи особено бројот на станбени и нестанбени згради во Охрид.

*Табела 6. Извршени градежни работи според видовите објекти, согласно Номенклатурата на градежни објекти, во илјади денари, по општини, по години*

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Вкупно** | **728149** | **604979** | **1247903** | **1982479** |
| **станбени згради** | 433150 | 435275 | 610604 | 1440951 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **нестанбени згради** | 100 | 17887 | 85598 | 20918 |
| **транспортна инфраструктура** | 4274 | 6498 | 101944 | 4457 |
| **цевоводи, водови и електрични водови** | 4650 | - | 77039 | 2489 |
| **комплексни конструкции во индустријата** | - | 1028 | 97569 | 14877 |
| **други објекти од нискоградбата** | - | - | - | - |
| **реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите** | 221038 | 132892 | 259759 | 473811 |
| **градежни работи** | 64937 | 11399 | 15390 | 24976 |

# 4.3 Природни карактеристики

## 4.3.1 Геолошки, геомеханички и сеизмички карактеристики

Градот лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија – ридови на кои е Стариот Град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино – населбите Рача и Бејбунар. Во Охриското Поле главно се сретнуваат три видови на почви: делувијални, алувијални и калливи, а педолошкиот состав на почвата на територијата на градското подрачје е главно на база на влажните алувијални и калливи почви. Калливите почви настануваат како последица на високата подземна вода и при дождливиот период кога водите се задржуваат подолго, а се делат на минералогени и мочуришни. Регионално, од геолошки аспект, подрачјето на Општина Охрид се наоѓа во Западно – македонската геотектонска зона, односно во рамките на Охридскиот неоген басен. На ова подрачје, во основата на неогените и квартерните седименти, лежат тријаски карпи, а на површината на теренот се констатирани езерски и барски седименти кои се таложени во квартерниот период и имаат најголемо распространување. Охридскиот регион е сеизмички активно подрачје. Раседите се протегаат по должина на источниот брег на Охридското Езеро кон планината Галичица и источниот раб на Охридското поле, а на север се наоѓа Дримската сеизмогена зона. Сеизмичките дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта, кои имаат влијание на овој простор, можат да предизвикаат земјотреси во Охридската котлина со интензитет од 7 до 9 степени MCS.




**Слика 13Сеизмолошка карта на Охридскиот регион**

Стандардните земјотреси, како и сулфатарата „Дувало“, поставена на тектонски активната североисточна-југозападна линија, која се наоѓа во Охридскиот басен, во близина на село Косел, ја оцртува тектонски нестабилната положба на регионот.
Охрид се наоѓа во Дримската сеизмогена зона, во која можна појава на земјотреси во подрачјата на Корча, Охрид, Дебар и Пешкопеја. Сеизмолозите регистрирале повеќе епицентри во поблиската околина на Охрид, со јачина од 8 до 9 степени по MCS, кај Свети Еразмо, над село Долно Лескоец, кај месноста Билјанини Извори, Љубаништа и кај Пештани. Делот од просторот на ридот, стариот град и делот од планината Петрино, во однос на рамнинскиот дел во Охридското поле, за најмалку еден степен се поиздржливи на земјотреси, додека крајниот источен дел, поранешното мочуриште, е почуствителен во однос на останатиот рамнински дел. Предметната локација е со благ оад кој југозапад – од околу 703 m надморска височина на југозападната страна.

## 4.3.2 Хидрометеоролошки и климатски карактеристики

Во Охридскиот регион преовладува умерено – континентална клима, како последица на струењата кои продираат од Јадранско Море преку реката Црн Дрим и влијанието на Охридското Езеро кое се јавува како термички регулатор. Овие влијанија придонесуваат пред се во формирање на специфични термички и плувиометриски режим, кој се карактеризира со мали амплитуди на промена на температурата на воздухот во текот на средината. Високите планински масиви на планините Галичица, Караорман и Јабланица, кои го опкружуваат подрачјето на Охридската Котлина, овозможуваат одржување на постојаност на климатските струења и овозможуваат „блага“ клима во регионот. Средногодишната просечна температура на воздухот во општината изнесува 11.4°C, со максимални средномесечни температури во јули и август од 21.2°C и 34.4°C. Најниската средномесечна температура е забележана во јануари -17.2°C и е апсолутен минимум. Охридската Котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење, а просечното годишно сончево зрачење изнесува 2 233 часови или во просек 6 часа дневно. Максимумот на сончевото зрачење се постигнува во јули месец со вкупно 308 сончеви часови или во просек 10 часа дневно, додека минимумот е во јануари и изнесува во просек 3 часа дневно. Релативната влажност на воздухот има спротивен од во однос на температурата на воздухот. Од јануари до јули опаѓа, а потоа се зголемува. Просечната годишна влажност на воздухот е 71%, со максимум во декември и јануари (79%), а минимум во јули и август (60%).
Испарувањето од слободната водна површина во Охридската Котлина е поголемо од количината на врнежи. Просечно годишно испарување 836 $l/m^2$, а годишната сума на врнежи изнесува 708 $l/m^2$. Најголемо е испарувањето во август (137 $l/m^2$), а потоа во јули (132 $l/m^2$), а најмало во јануари 27 $l/m^2$.
Маглата е ретка појава во Охридската Котлина, а просечно годишно се јавуваат 5 дена во зимските месеци од годината. Просечниот број на мразни денови изнесува 61.
Просечните средногодишни врнежи изнесуваат 704 mm, додека пак просечните врнежи во околината на Езерото изнесуваат приближно 759 mm годишно. Количината на врнежи во Општината има два максимуми, примарен во неомври и секундарен во февруари. Меѓу ноември и февруари доаѓа до незначително намалување на врнежите. Минималните врнеж се во јули.
Охридската котлина се одликува со посебен режим на ветрови, условено од езерото. Покрај, ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот на копното и езерската површина.

## 4.3.3 Хидролошки карактеристики

Според хидрографската поделба на територијата на Р.С. Македонија, општина Охрид припаѓа на Јадранскиот речен слив. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Република Северна Македонија, односно површина од 3 350 km$^2$, а според големината претставува втор слив во нашата држава. На него му припаѓаат сливните површини на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е реката Црн Дрим.

Најважната карактеристика на овој регион е Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско-Струшката котлина, поточно на 41 степен северна географска широчина и меѓу 20 и 21 степен источна географска должина. Учеството на езерската површина во вкупниот слив изнесува 7.36%.

Охридското Езеро се наоѓа на надморска височина од 693.17 m и преставува тектонска потонатина. Зафаќа површина од 358 km$^2$, од кои 2/3 или 238.79 km$^2$ и припаѓаат на Р. С. Македонија, додека останатата 1/3 или 119.39 km$^2$ и припаѓаат на Р. Албанија. Езерото е со должина од 31 km, широчина 15 km, просечна длабочина од 155 m и максимална длабочина од 288 m. Се смета за едно од најпровидните езера во Европа (22 m), а според длабочината се наоѓа на седмо место.




**Слика 14.Слив на Охридско Езеро со посочена предметна локација  (извор :ПУ со слив на Охридско Езеро)**

Сливното подрачје на Охридското Езеро (слика 14) опфаќа 40 притоки, 23 на албанска и 17 на македонска страна, меѓу кои доминираат суводолици кои течат само при обилни врнежи и при топење на снег. Главни површински водотеци во Охридското Езеро се реките Коселска, Велгошка, Черава, а од 1961 година и реката Сатеска.

Предметната локација е во сливот на река Далјан за што е изработена и Хидролошка студија. Коселска Река или Опејничка Река (Далјан) е река во Северозападна Македонија која извира од западните падини на Плакенска Планина на височина од 1 070 м, а се влева во Охридското Езеро на височина од 693 м под името Далјан во истоимената населба на источниот крај на Охрид. Вкупната должина на речниот тек изнесува 66 км, има вкупен пад од 377 м, и просечен пад од 2.27 ‰. Сливот зафаќа површина од 103.74 $km^2$. Коселска Река е поројна. Пороите од сливот и го насипуваат коритото со наноси, така што при голем водостој се случуваат излевања од коритото и поплави во атарите на селата каде реката поминува. Заштита на коритото се врши со комплексни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот. Квалитетот на водата на реката до с. Косел е од прва категорија, а од селото до вливот во Охридското Езеро истата е променлива. Регулација на Река Далјан во градското подрачје, што претставува всушност и граница на урбаниот опфат, сè уште не е направена. Реката Далјан во време на поројни дождови се излева од своето природно речно корито. Коритото на овој водотек е со природен неправилен попречен профил, обраснат со вегетација. Трасата на регулираното речно корито е вцртана во геодетска ажурирана ситуација за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид во размер 1:1000. Просечниот годишен проток изнесува 1.30 $m^3/s$. Најголемо количество вода има во пролет, а најмало кон крајот на летото. Реката Далјан се наоѓа меѓу планините Исток и Плакенска Планина. Тече непосредно со патот Ресен – Охрид. Поминува низ селата Опејница, Косел и Лескоец. Се влива во Охридското Езеро. Во горнито тек се вика Опејничка, па Коселска и пред вливот во Охридско Езеро се вика Далјан (слика бр.17).



**Слика 15.Слив на река Далјан (извор: ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА за регулација на Река Даљан)**

Хидрауличката пресметка на река Далјан (извор Хидролошка студија)

Хидрауличката анализа на предвидениот попречен профил на коритото на Река Даљан, Општина Охрид е извршена за меродавните протекувања и тоа за води со повратен период Т=2

години и T=100 години. За Река Даљан предвиден е напречен профил со трапезно речно корито. Влезни параметри за хидрауличка анализа на регулираното корито се:

- Q50%=1,25m3/s проток со појава еднаш на две години
- Q1%=30,17m3/s проток со појава еднаш на сто години
- n=0,028 рапавина за регулираното корито од камен во цементен малтер
- B=11.0m ширина на коритото во дното кај регулирано корито
- H=1.0m висина на регулирано корито
- m=1:1,5 наклон на косините на регулирано речно корито
- J=8.0 ‰ подолжен пад на регулирано речно корито
- hзаш.=0,10m заштитна висина на регулацијата

## 4.3.4 Климатски промени

Предвидените промени во климата (изразени како промени во температура на воздухот и врнежите) се развиваат постепено и резултатите се значајни на подолг период. Најголемо влијание имаат поплавите. Поплавите се зачестена појава во Република Македонија претставуваа локална манифестација на последиците од глобалните промени и предизвикаат значителни штети.
Според подготвените регионални сценарија за Македонија оваа зона е под доминантно-континентално климатско влијание. Од анализата на тие климатски сценарија произлегува дека средногодишната температурата во оваа рефугијална зона за 50 години ќе се покачи во просек за 2.0$^{o}$C, додека за 100 години 4.0 $^{o}$C. При тоа зимските температури ќе се зголемат речиси исто како просекот (2.0 и 3.9 $^{o}$C за 50 и 100 години), што важи и за летните, освен температурата после 100 години (2.1 и 4.4 $^{o}$C за 50 и 100 години). Годишните суми на врнежи ќе се намалат за 3% (50 години) и 8% (за 100 години). При тоа врнежите ќе се намалат само во тек на летната, пролетната и есенската сезона (-18% за 100 години - лето) додека зимските врнежи ќе се зголемат (+4% за 100 години). Меѓутоа врнежите во југозападниот регион какде и спаѓа Охридскиот регион нема да се намалат значително како во централните и јужните делови на Македонија.
Климатските прилики во овој рефугијален реон поради присуството на Охридското и Преспанското Езеро, како и клисурата на Црн Дрим се прилично константни, бидејќи целиот тој систем делува како еден термостат и овозможува поволни услови за развиток на рефугијалната шумска вегетација.

## 4.3.4 Биодиверзитет

Предметната локација е во границите на Светско природно и културно наследство, во близина е на Охридско Езеро-споменик на природата и Рамсар подрачје. Подетални податоци за областите кои се од посебно значење за животната средина од аспект на диви птици и хабитати се дадени во поглавје 5 од овој Нацрт Извештај за СОЖС.
Според Corine Land Cover во граници на планскиот опфат застапени на терени под шуми, пасишта, урбани површини, депонии, лозја, овоштарници, земјоделски површини со присуство на диво зеленило, необработена плодна површина, површини со различни земјоделски површини и др. Од аспект на бидиверзитет, најзначајна е рипариската или крајбрежна вегетација кој преставува простор со вегетација што го следи брегот по река Далјан. Рипариската вегетација е составена од дрвја, грмушки и високи ревни бусени што даваат сенка над водата и ги стабилизираат бреговите (сл.16). Природната, наративна рипариска вегетација по бреговите е важно живеалишта за

сувоземните и водоземните животни. Поради конверзија во обработливо земјиште, но и поради ерозивниот карактер на реката Далјан, рипарискoто живеалиште во голем дел е деградирано.



**Слика 16.Рипариска крајречна вегетација покрај река Далјан**

Оттаму, се смета дека предметниот опфат кој е во граници на ГУП, не поседува критични живеалишта или пак ретки и ендемични видови на флора и фауна.

## 4.3.5 Пределска разновидност

Познавањето на пределската разновидност и структурно - функционалните карактеристики на пределите ќе создаде услови за предвидување мерки за интегрална заштита на природата, кои покрај заштитата на биолошката разновидност (за која постојат повеќе иницијативи и стратегии на локално, регионално и глобално ниво) ќе го земат предвид и зачувувањето на геонаследството и водните богатства во Охридскиот Регион. Покрај тоа, карактеризацијата на пределите обезбедува и сознанија за визуелните вредности кои може да бидат нарушени на пределите чие зачувување може да има големо значење. Според досегашните истражувања (слика 21), во Охридскиот регион можат да се разликуваат следните основни групи предели (пределни типови):

- урбани предели;
- рурални предели;
- шумски предели;
- езерски предели.

Секој од овие групи содржи по два или по повеќе типови предели прикажани во табела 9 со валоризација за истите.




**Слика 17.Предели во Охридски Регион (извор: Пределите во Република Македонија (Меловски, 2016))**

*Табела 7. Валоризација на пределските типови во Р. С. Македонија*

| Група на предели | Тип на предел | состојба | Вредност – биодив. | вредност - културна | Сензитивност | Конективност | Уникатност во МК | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Езерски предел** | Охридски предел | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 13 |
| **Урбан предел** | Урбан предел | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **Шумски предел** | Предел на мезофилни широколисни шуми | 2 | 3 | 3 | 1 | 3 | 0 | 12 |
| | Предел на термофил. деградирани шуми | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 8 |
| | Предел на мешани шуми со иглолисни насади | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 6 |
| **Ридест предел** | Ридест рурален предел | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 12 |

*Извор: Студија за геодиверзитетот и геонаследството на Република Македонија и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност), 2016 година*




**Слика 18..Графички приказ на валоризација на предели според Студијата за геодиверзитетот и геонаследството на Република Македонија и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност), 2016 година**

Според резултатите од вреднувањето на пределските типови во согласност со погоре образложените критериуми за валоризација, во Охридскиот регион можат да се издвојат повеќе значајни предели:

<u>Субмедитеранско-континентален езерски предел - Охридски предел </u>(оценка 12). Структурата на пределот ја определува CLC-[2]класата „водни тела" со речиси 60%, како и класите на земјоделско земјиште, кое учествува со околу 36% во вкупната површина на пределот. Присуството на CLC-класата „влажни станишта" е незначително, за разлика од Дојранскиот и од Преспанскиот предел, што укажува на целосното дренирање на некогашните блата, кои биле застапени со големи површини во пределот, особено во Струшкото Поле. Карактеристично за Охридскиот предел е присуството на значителни урбани површини (вкупно околу 3.5% од вкупната површина на пределот). Пределот има исклучително значење за биолошката разновидност. Најзначаен простор од аспект на биолошката разновидност во овој предел преставува Охридското Езеро, кое има многу високо национално и глобално значење. Високо значење за биолошката разновидност имаат и влажните станишта, кои егзистираат покрај самото Езеро. Крајбрежните карпестите хабитати имаат значење поради гнездењето на некои птици и присуството на ендемични растителни и животински видови. Поради исклучителното значење на овој регион, тука се прогласени или идентификувани повеќе подрачја за заштита на биолошката разновидност: Споменик на природата „Охридско Езеро", Биосферен резерват „Охрид-Преспа", Подрачје на светско природно и културно наследство „Охрид", Значајно подрачје за птици „Охридско Езеро" и Значајно подрачје за растенија „Охридско Езеро".

Копнениот дел на Охридскиот предел, според своите биолошки карактеристики, е сличен на рамничарскиот брегови супконтинентален рурално-земјоделски предел т.е. се одликува со

[2] CLC- Corine Land Cover

релативно ниска биолошка разновидност. Сепак, присуството на Охридското Езеро (преселни птици) и реката Сатеска придонесуваат за поголемиот број значајни хабитати и видови.

Предел на мезофилни широколисни шуми (оценка 12). Овој предел типичен за западна Македонија доминира над останатите шумски предели и на ситен размер се чини дека речиси има континуирано распространување. Распространет е во височинскиот појас меѓу 1 400 и 1 800 мнв. (Јабланица), но допира и многу пониско во зависност од експозицијата и инклинацијата на подлогата. Релјефот е претставен со средни до стрмни падини и долови. Кафеавите шумски почви на силикатна геолошка подлога се доминантен почвен тип. Климата е континентална до планинска. Главен тип станиште е планинскиот буков екосистем (претставен со ass. *Calamintho grandiflorae-Fagetum*) распространет на сите експозиции, а секундарни станишта се планинските пасишта, кои се развиваат по чистините. Шумите се полуприродни до природни. На пониските височини доминираат шуми на дабот горун, дури и термофилните плоскачево-церови шуми на помали површини. Генерално, овој предел, во споредба со останатите од истражуваното подрачје, е најзначаен од аспект на конзервацијата на крупните животни, бидејќи се карактеризира со незначителна фрагментација. Сепак, е потребно унапредување и подобрување на конективноста на мезофилните шуми за овој предел, во иднина, да претставува континуиран коридор за крупните цицачи (Brajanoska et al. 2009).

Ридест рурален предел. Ридестиот рурален предел зазема значителна површина, заедно со неговите структурни карактеристики – значителни подрачја под: шуми, деградирани шуми, грмушести состоини и друга природна вегетација. Се тоа го прави овој предел значаен за зачувување на биолошката разновидност во Охридско и има оцена 12.

Во табела 6, во однос на природноста на Охридскиот предел е наведено дека се работи за целосно вештачки предел (освен езерото) пред се поради користењето на земјиштето интензивно земјоделие – мешани култури; интензивен туризам. Копнениот дел на Охридскиот предел (што е всушност Струшко Поле), според своите биолошки карактеристики, е сличен на рамничарскиот брегови супконтинентален рурално-земјоделски предел т.е. се одликува со релативно ниска биолошка разновидност. Сепак, присуството на Охридското Езеро (преселни птици) и реката Сатеска придонесуваат за поголемиот број значајни хабитати и видови.

### 4.3.6 Користење на земјиште

Подрачјето на Општината располага со голема површина обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште. Вкупното расположливо земјиште и површини, кои се користат за земјоделство, во Општина Охрид е 2 395 ha. Повеќе од 2/3 од територијата на Општина Охрид е под шумска вегетација, односно 19 123.9 ha. 775 $km^2$ од сливното подрачје на Охридското Езеро се пошумени, со просечна биомаса од 100 до 450 $m^3$ шума. Од дрвјата во шумската површина се застапени: дабот со 55%, буката со 35% и американскиот бор со 10%. Околу 90% од шумите се во државна сопственост и со нив стопанисуваат државни претпријатија кои се надлежни за сечење и пошумување на шумите. Шумско - стопански единици во Општина Охрид се „Мазатар“, „Буково“ и „Галичица“-1. Остатокот шуми околу 10 % се во приватна сопственост. Покрај земјоделските и шумските површини се среќаваат и следните површини: урбано место, плантажи со овошје,

индустриски единици, површина со блато, ливади и пасишта, спортски комплекси, водни тела и др (сл.19).




**Слика 19. Карта на користење на земјиштето во општина Охрид**

Како што е прикажано на сликата подолу, Охридскиот регион бележи тренд на конверзија на обработливо во градежно земјиште.




**Слика 25. Пренамена на земјоделското и шумското земјиште од 2000 до 2020 година (извор:Управување со почвите – недостатоци и препораки, Проф. Душко Мукаетов, УКИМ – Земјоделски институт во Скопје)**

# 4.4 Опис на сегашната состојба со животната средина

## 4.4.1 Квалитет на амбиентен воздух

Загадувањето на воздухот во општина Охрид е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни и мобилни изворзи, преку одвивање на хемиско-технолошки процеси, биохемиски процеси, процесите на согорување на горивата итн.

Општина Охрид е вклучена во Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух во октомври 2022 година, но се уште нема обработка на податоците и истите не се внесени во Годишниот извештај за квалитетот на животната средина, кој што го изработува Министерството за животна средина и просторно планирање.

Загадувањето на воздухот во општина Охрид е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни извори, преку одвивање на хемиско-технолошки процеси, биохемиски процеси, процесите на согорувања на горивата итн.

Во општина Охрид се врши периодично мерење на аеросединмент, на четири мерни места во градот: во близина на Општата Болница, Градинката „Јасна Ристеска“, Главната Автобуска Станица и северниот влез во градот.

Аеросединментите се значајни, бидејќи истите негативно влијаат врз природното и културно наследство. Резултатите од измерени вредности за аеросединмент во Охрид за период 2016-2018 година се дадени во следниот табаларен преглед.

*Табела 8. Измерени концентрации на аеросединмент 2016-2018 година*

| Година | Загадувачка материја mg/m3 | Број на мерни места | Број на примероци | Просечна месечна концентрација (mg/m$^3$) | Минимум mg/m$^3$ | Максимум mg/m$^3$ | Број на примероци над МДК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | Аеросединмент | 07 | 84 | 103.52 | 21.55 | 284.16 | / |
| **2017** | Аеросединмент | 07 | 84 | 87.13 | 15.19 | 200.22 | / |
| **2018** | Аеросединмент | 07 | 84 | 86.91 | 70.29 | 105.11 | / |

Охрид е дел од ЕУ ПРОЕКТОТ AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиентиот воздух. Поставени се 11 станични сензори. Се гледаат 5 еколошки параметри и 3 метеоролошки параметри. Податоците служат за потребите на проектните активности (сл20).




**Слика 20.Локации на мерните места во општина Охрид (извор: ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Охрид)**

Во 2019 година општина Охрид има изработено „Интегриран Катастар на загадувачи на животната средина на подрачјето на општина Охрид“. Идентификацијата на загадувачите на воздухот на подрачјето на општина Охрид е направена врз основа на претходно дефинирани критериуми, локација на загадувачите (урбана, рурална и индустриска зона), видот на дејноста и големина на загадувачите (големина на емисиони количества генерирани во теков на одвивање на деловната активност, на годишно ниво).

На територијата на општина Охрид, нема евидентирано инсталации со А-Интегрирана еколошка дозвола. Во согласност со регистарот за индустриски капацитети во општина Охрид регистрирани се 6 (шест) инсталации кои поседуваат Б-Интегрирана еколошка дозвола. За сите останати субјекти имаат одобрено, т.е издадено решение за Елаборати за заштита на животната средина. Ресторaните, сендвичарите и останатите угостителски објекти се помали емитери на загадувањето, увидено, дека при подготовка на храна најчесто се користи ќумур, дрва, пропан бутан гас, а поретко и електрична енергија.

Во стационарни извори на емисии во амбиентниот воздух во општина Охрид, спаѓаат и автомеханичарските работилници и автосервисните центри, кои неправилно постапуваат со отпадните масла и истите ги користат за греење. На следните слики се прикажани картите на загаденост - емисионо оптоварување:




**Слика 21.Карти на загаденост**

## 4.4.2 Водни ресурси и квалитет на води

Како што е наведнео во точка 4.3.3 низ планскиот опфат проаѓа река Далјан (река Коселска во горен тек). Коселска Река извира под Плаќенска Планина и по должината на својот тек ги носи имињата на населените места покрај кои тече (р. Свињишка, р. Опеничка, р. Коселска и пред вливот во Охридско Езеро – р. Далјан). Коселска Река е поројна. Пороите од сливот и го насипуваат коритото со наноси, така што при голем водостој се случуваат излевања од коритото и поплави во атарите на селата каде реката поминува. Заштитата на коритото се врши со комплексни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот.

Регулација на р. Далјан во градското подрачје, што преставува всушност и граница на урбаниот опфат, се уште не е планирана.

Како и останатите реки во охридскиот слив кои минуваат низ населени места, Коселска река многу често е загадени со комунални отпадни води и цврст отпад. Најзагрижувачка состојба е состојбата со река Коселска, во чија близина се наоѓа депонијата „Буково“. Во неа се влеваат индустриски води

од правните субјекти во индустриската зона и комунални отпадни води. Исто така, проблем преставува и направениот бај-пас на колекторскиот систем, бидејќи во периоди на поинтензивни атмосферски врнежи доаѓа до мешање на атмосферските и комуналните отпадни води и уште поголемо оптоварување на реката Коселска. **Реката Коселска пред вливот во Охридско Езеро е река Далјан.**




**Слика 22. Еколошки статус на водните тела (извор ПУ со слив на Охридско Езеро)**

Согласно ПУ со слив на Охридско Езеро (сл.22. и табела 9), еколошкиот статус на река Коселска (река Далјан е умерен согласно класификацијата Рамковната директива за води).

*Табела 9. Еколошки статус/потенција на водните тела во сливот на Охридско Езеро*

| Водно тело | Еколошки статус/Потенцијал | Должина на водно тело (m) | Вкупна должина на реката (m) | Водното тело како % од вкупната должина на реката |
|---|---|---|---|---|
| Река Сатеска 1 | ДОБАР | 23,138 | 40,428 | 57% |
| Река Сатеска 2 | УМЕРЕН | 10,727 | | 26% |
| Река Сатеска 3 | УМЕРЕН | 6,963 | | 17% |
| Река Коселска 1 | ДОБАР | 13,963 | 33,779 | 41% |
| Река Коселска 2 | УМЕРЕН | 19,816 | | 59% |
| Река Церава | ЛОШ | 19,940 | 19,940 | 100% |
| Река Сушица | ЛОШ | 7,627 | 7,627 | 100% |
| Вештачко Водно Тело Студенчишки Канал | МНОГУ ЛОШ | 625 | 625 | 100% |

Во однос на Охридското Езеро, 5 од водните тела се класифицирани со олиготрофна бистра вода, 6 како олиготрофни – А, и останатите 2 езерски водни тека како мезотрофни – вода со умерено бистра состојба според системот ЕРА. Сите водни тела во сливот се оценети дека во моментот имаат добра хемиска состојба.

Од аспект на планирање и развој, многу е значајна состојбата со резевите на подземните води и нивното искористување, следње и ажурирање на податоците на ниво на Р. С. Македонија, резервите на подземните води се прикажани само како проценети експлоатациони резерви. Во приобалниот рамнински дел од Охридското Поле, како и меѓу Љубаништа и Св. Наум, се јавуваат високи подземни води се уште недоволно испитани и утврдени. Во овој простор досега се регистрирани околу 20 извори од кои 5 се со издашност од 1-2 l/sec, 3 со издашност 1 l/sec. Карстните врела кај Охрид, Св. Наум и Велгошти достигнуваат издашност и до 20 l/sec. Крајбрежниот езерски појас е изложен на штетно дејствување на поројните води или засипување од поројните наноси кои се јавуваат како последица на ерозија. Овие појави се манифестираат поради геолошката подлога, топографските услови, изразени преку стрмните наклони на падините како и отсутност на добар вегетациски покрив, тревна или шумска површина. На потегот Охрид – Горица – Пештани под падините на планината Галичица регистрирани се 5 порои со површина од 22.60 $km^2$, кои немаат постојан проток, а повремено носат наноси од покрупен материјал како резултат на дробење на неотпорната подлога.

**Користењето на водите за производство на енегрија:** Иако, Охридското Езеро е прогласено за светско природно наследство заштитено од УНЕСКО, тоа со децении се користи како акумулација за производство на електрична енергија од страна на АД ЕЛЕМ врз основа на добиена водостопанска дозвола. АД ЕЛЕМ е одговорна за регулација на водостојот на Охридското Езеро во Македонија. Регулацијата на водостојот се врши со испуштање на водата од езерото во р. Црн Дрим кое се уште се изведува рачно со дрвени прегради.

По течението на реката Црн Дрим има поставени две хидроелектрани на територија на Македонија, ХЕ „Шпилје“, општина Дебар и ХЕ „Глобочица“ во близина на општина Струга и три хидроелектрани на територија на Р. Албанија. Во сливот на река Далјан има мали хидроцентрали.

## 4.4.3 Управување со отпад

Во општина Охрид се генерираат следните видови на оптад:

- Неопасен отпад:

- комунален отпад (вклучувајќи и комерцијален отпад);
- биоразградлив;
- отпад од пакување и кабаст отпад;
- инертен отпад – градежен шут;
- отпадна мил од септички јами.

▪ Опасен отпад:
  - медицински отпад;
  - отпад од азбест;
  - посебен отпад (отпадни масти и масла, отпадни масла за јадење, отпадни гуми, батерии и акумулатори, електрична и електронска опрема, искористени возила)

Комуналниот отпад е најзастапен во вкупните количини отпад создадени во општината. Тој го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и одржувањето на јавните парковски површини, комерцијалните објекти и институциите. Третманот на органскиот отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со други фракции од комуналниот цврст отпад.
Во соработка со ЈП Охридски Комуналец на територијата на општината има поставено вкупно 732 садови за комунален отпад со вкупен капацитет 814.90 $m^3$ od koi 729 садови од 1.000 литри, 2 прес контејнери со вкупна зафатнина од 4 $m^3$ и два подземни контејнерии со вкупна зафатнина од 9 $m^3$. Исто така, поставени се 63 собирни садови за ПЕТ амбалажа, 40 корпи за отпад од хартија, 835 корпи за џебен отпад.
Фреквенцијата на собирање на комунален отпад од страна на ЈП Охридски Комуналец е два пати во неделата, според однапред утврден распоред за градот Охрид и приградските населени места. Во периодот на туристичката сезона отпадот од хотелите се собира секојдневно.

## 4.4.4 Бучава

Општина Охрид, како една од најпосетуваните дестинации во С. Македонија, секоја година е домаќин на илјадници домашни и странски туристи. Покрај значителните финасиски придобивки од посетеноста на Градот и развојот на туризмот, општината се соочува со сериозни проблеми од аспект на животната средина, особено проблеми кои потекнуваат од зголемено ниво на бучава. Илјадниците гости, зголемената фреквенција на возила, забавните и рекреативни активности кои ги нудат Градот и угостителските објекти, градската врева, генерираат ниво на бучава која претставува сериозна закана за животната средина и здравјето на луѓето.
Имајќи ги во предвид горенаведените факти и недостаток на податоци од мониторинг на бучава, а со цел да се утврдат главните извори и состојбата со бучава во општината и да се превземат соодветни мерки за управување со истата, во отсуство на стратешка карта, општина Охрид изработи Акционен План и Програма за управување со бучава во 2011 година.
Во Акциониот план и програмата за управување со бучава во општина Охрид, особено високи вредности на ниво на бучава се забележани на мерните места на улиците Цар Самоил, Коста Абраш и градскиот плоштад, каде исите достигнуваат вредност и до Leq = 81.9-89.9 dB(A) во период на мерење ноќ, во 02:00 часот по оплноќ, во екот на туристичката сезона.

Овие локации се карактеризираат со голем број на угостителски објекти со отворени летни тераси или затворени простори во кои се пушта жива или друг вид на гласна музика. Во полноќните часови улиците се полнат со малди луѓе кои создаваат врева,

Ваквата состојба придонесува за зачестеност на поплаки од граѓаните на општина Охрид, пореди вознемиреност од бучава.

Во Акциониот план и програмата за намалување на бучавата во општина Охрид, предложени се мерки за намалување на нивото на бучава, и е нагласено дека при имплементацијата на истите треба да се земат во предвид и дел од мерките и препораките кои се предвидени како долгорчна стратегија за намалување на бучавата.

Во општина Охрид, мерења на бучава се спроведува во случај на поплака од граѓани за зголемена бучава и вознемирување, а мерењата се вршат од страна на инспекциските лица на општина Охрид.

**Проектниот опфат:** Во околината на проектниот опфат се генерираат емисии на бучава од сообраќај, земјоделии, домување и сл. Досега не се вршени мерења на нивото на бучава во животната средина.

## 3.4.5 Озеленост на просторот

Согласно Геодата базата на зелен катастар наведена во СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕЛЕНИЛО НА ОПШТИНА ОХРИД 2023-2032, предметната локација има неуредено зеленило (слика 23).




**Слика 23.Приказ на неуредено зеленило според Зелен Катастар на општина Охрид**

Од извршениот увид на терен забележано е дека во рамките на опфатот постои заштитно и сообраќајно зеленило, како и високо зеленило покрај реката Далјан (сл.24). Постои зеленило во дворовите на куќите, додека останатиот дел се смета за неуредено зеленило. Дел се овожтарници,лозја и ниви.




**Слика 24.Зеленило во планскиот опфат**

# 4.5 Материјални добра

## 4.5.1 Транспортна инфраструктура

**<u>Патен сообраќај</u>**

Низ територијата на Општина Охирд поминуваат следните национални патишта:

- А2 – Граница со Р. Бугарија (ГП Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце (Куманово) – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – Граница со р. Албанија (ГП Ќафасан);
- А3 – Раскрсница Требениште (спојка со А2) – раскрсница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – Р. Бугарија (ГП Рамна Нива).

**Регионални патишта низ територијата на Општина Охрид**

- Регионален пат R 1301: Охрид (спојка со А3) – Свети Наум – граница со Р. Албанија;
- Регионален пат R 1208: Охрид (спојка со R 1301) – Подмоље – (спојка со А3) – Струга – Радожда.

Со Јавниот паркинг – простор стопанисува ЈП „Билјанини извори“. Во моментот постојат следните паркинзи:

- Паркинг – простор кој се наоѓа до цвеќара „Мартина“;,
- Паркинг – простор „Ривиера“;
- Паркинг – простор „АСНОМ“;
- Паркинг – простор „Горна порта“.

Општина Охрид се соочува со недоволен број на паркинг места.

**Булевари:**

Булевари во општината се бул. „Македонски Просветители“ во вкупна должина од 870 m и Бул. „АСНОМ“ со вкупна должина од 1320 m.
На територијата на општината се наоѓаат 16 собирни улици со вкупна должина од 30.2 km. Додека, пак, стамбено сервисни улици има 29 во должина од 144 km. Дел од тие улици се: Гоце Делчев, Илинденска, Абас Емин, Кеј Македонија, Партизанска, Димитар Влахов, Трајче Трајчески, БУстрица итн.

## 4.5.2 Комунална инфраструктура

Комуналната инфраструктура во Охрид преставува суштински сегмент за обезбедување на квалитетни услови за живот, одржлив развој и заштита на природното и културното наследство. Во рамките на регионот се опфатени системи за водоснбдување, фекална и атмосферска канализација, управување со цврст отпад, улично осветлување и одржување на јавни површини.
Собирањето, подигањето, трасппортирањето и депонирањето на комуналниот отпад се задачи на Јавното Претпријатие „Охридски Комуналец“ Охрид.
Во изминатиот период се спроведени повеќе инфраструктурни зафати со цел модернизација и проширување на мрежите, подобрување на ефикасноста на јавните претпријатија и зајакнување на отпорноста на системите кон климатските промени. Специфични активности се однесуваат на рехабилитација на дотраени водоводни линии, изградба на нови канализациони краци во урбани и рурални зони, набавка на специјализирана опрема, како и воспоставување на одржливи решенија на управување со отпадот.
Развојот на комуналната инфраструктура се реализира во согласност со националните регулативи, локалните урбанистички планови и меѓународни стандарди, со активна вклученост на општините, јавните претпријатија и донаторки организации.

## 4.5.3 Енергетска инфраструктура

Со мрежата на електроенергетскиот систем на Р. С. Македонија се опфатени сите населени места во Општина Охрид и истата е дадена на следната табела:

*Табела 10. Електроенергетска инфраструктура општина Охрид*

| Елементи | Број | Должина (km) |
|---|---|---|
| **Хидроцентрала** | 1 | |
| **Напојни трафостаници** | | |
| **ТС 10/0.4 kV Дистрибутивни трафостаници со моќност од 50 kVa до 1000 kVa** | 301 | |
| **В.Н надземна мрежа** | | 51 |
| **В.Н надземна мрежа** | | 2 |
| **С.Н надземна мрежа** | | 117 |
| **С.Н надземна мрежа** | | 127 |
| **Н.Н надземна мрежа** | | 171 |
| **Н.Н надземна мрежа** | | 135 |

## 4.5.4 Водоснабдување, наводнување и управување со отпадни води

### *4.5.4.1 Водоснабдување*

Општина Охрид има единствен водоснабдителен систем за чие одржување е одговорен МЈП Проаква“ Струга и регионална единица „Водовод“ Охрид. Од системот за водоснабдување на Охрид се врши централно водоснабдување за градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети по должина на брегот на езерото.

Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј. Вкупниот број жители кои се снабдуваат со вода за пиење од МЈП „Проаква“ изнесува околу 55 000.

Како изворишта на вода се користат: Охридско Езеро со зафатот кај хотел Метропол, Билјанини Извори, подземна вода од Беј Бунар, Летнички Извори од Рамне, извор Св. Илија од Велгошти, подземна вода во близина на Коселска река, кај Орман и извори кај Лескоец и др..

Поголемиот дел од водата за водоснабдување до домакинствата се доведува со пумпање, а додека водата за водоснабдување од Летничките Извори и изворите од Велгошти и Лескоец се доведуваат по пат на гравитација.

Водата за водоснабдување од Охридското Езеро се користи во туристичката сезона, кога се јавува недостаток од вода за водоснабдување. Водата од езерото најпрвин поминува третман за пречистување со мрежести микро филтри поставени во пумпната станица, а потоа се дистрибуира до потрошувачите.

Пумпната и гравитационата вода најпрво се доведуваат во високо поставен резервоар лоциран над Беј Бунар, а од таму водата се доведува во резервоарите за ниска зона.

- Извори на вода, каптажи, пумпни станици и бунарски подрачја

  - Извори по гравитација (Летница, Биглишта, Поник и Св. Илија) со просечна издашност од q средно/год = 64 l/s;

  - Со пумпање од Билјанини Извори и бунарите Студенчишта просечно годишно 135 l/s;

- Со пумпање од Охридско Езеро (само во лето) Q инст. = 200 l/s;
- Од локални извори за с. Трпејца само со пумпање Q средно/год = 4 l/s;
- Од локални извори за с. Љубаништа гравитационо q средно/год = 2 l/s и со пумпање qсредно/год = 5 l/s;
- Од локалните извори за с. Лескоец q средно/год = 4 l/s.

Водоснабдителниот систем на Охрид во поголемиот дел од годината скоро целото водоснабдување го врши со пумпање или препумпување на водата до корисниците за што се користат следните пумпни станици: ПС Студенчишта-Билјанини Извори и за бунарите Студенчишта; ПС Метропол; Препумпна станица Дрвара; ПС Коњско; ПС Трпејца; ПС Љубаништа; Препумпна страница Орман; ПС Вапила; ПС Долно Лакочереј; Хидрофор Коњско; Хидростаници Елшани, Лескоец, Рача, Рача I, Коњско и Стобекс.

- **Резервоари за вода**

За израмнување на часовната нерамномерност во системот за водоснабдување на Охрид изградени се резервоари со вкупна запремнина од 7 380 $m^3$ на следните локации:

- Резервоар на високо ниво Студенчишта од 3 500 $m^3$ и за ниско ниво од 1 000 $m^3$;
- Резервоар на високо ниво Чекоштина од 1 000 $m^3$ и за горна зона 100 $m^3$;
- Резервоар во Самуилови тврдини 500 $m^3$;
- Резервоар за населба Беј Бунар 100 $m^3$;
- Резервоар за населба Д. Коњско и н. Исток 100 $m^3$;
- Резервоар за населба Велгошти (100+260) 360 $m^3$;
- Резервоар за населба Пештани 160 $m^3$;
- Резервоар за населба Трпејца 50 $m^3$;
- Резервоар за населба Рача - горна зона 140 $m^3$;
- Резервоар за с. Љубаништа (70+80) 150 $m^3$;
- Резервоар за с. Лескоец 100 $m^3$;
- Резервоар за с. Вапила 120 $m^3$.

- **Дистрибутивна мрежа за водоснабдување**

Цевководите во системот за водоснабдување на Општината се од различен вид и материјали. Вкупната должина на мрежата од системот за водоснабдување изнесува околу 207 km.

- **Потрошувачка на вода**

Во согласност со податоците од ЛЕАП за општина Охрид, во деновите со максимална потрошувачка на вода во водоводната мрежа се доведува околу 450 l/s, а во деновите со минимална потрошувачка на вода потребите се задоволуваат со 220 l/s.

Во Интегрираниот Катастар на загадувачи на животната средина на Општина Охрид (2020) даден е приказ на потрошувачка на вода за санитарни и технолошки потреби кај производните и непроизводните деловни субјекти.

- **Квалитет на вода за пиење**

Квалитетот на водата за пиење, ги задоволува законските барања за квалитет на вода. Меѓутоа, повремено се појавуваат неисправни примероци вода кои се микробиолошки неисправни односно во примероците вода изолирани се E. Coli или Enterococcus, или се појавуваат примероци со зголемени вредности на боја и матност или не содржат резидуален хлор.

### *4.5.4.2 Наводнување*

Наводнувањето на површините во општина Охрид се врши преку:

- Хидросистеми со природни водотеци и реки:
    - ХМС30 Лескоец - Водите за наводнување кај овој систем се зафакаат од Скребатска река;
    - ХМС Косел - Лакочереј - Вода за наводнување кај овој систем се снабдува од Коселска река.

- Систем со испумпување на вода:
    - ХМС Љубаништа - Водата за наводнување кај овој систем се снабдува по пат на испумпување на водата од изворите кај Св. Наум со пумпна станица.

### *4.5.4.3 Управување се отпадни води*

Канализацискиот систем во Општина Охрид, покрај основната функција на одведување на урбани отпадни води, има за цел и заштита на Охридското Езеро од внесување на отпадни води кои можат да ја нарушат неговата олиготрофност и специфичната флора и фауна. Системот за заштита на Охридското Езеро од отпадни води, овозможува прифакање и третман на 67.91% од отпадните води кои се продуцираат во регионот со кој управува МЈП „Проаква“. Системот за заштита на Охридското Езеро со сочинуваат:

- Канализациона мрежа: мешовита канализациона мрежа; мрежа за комунални отпадни води и атмосферска канализациона мрежа;
- Колекторски систем за примарен третман на отпадни води;
- Пречистителна станица за отпадни води;
- Путекс станици во камп Љубаништа, камп Св. Наум, камп Градиште и Хотел Бисер. Во

Општина Охрид изградена е секундарна канализациска мрежа во должина од околу 128 km и објекти на канализациониот систем, шахти и пумпни станици. Оваа канализациска мрежа е составена од:

- Улична канализациска мрежа за комунални отпадни води во должина од 87 km преку која се одведуваат урбани отпадни води од домаќинствата и индустријата;
- Атмосферска канализациска мрежа во должина од 37 km преку која се одведуваат атмосферските отпадни води;
- Заедничка канализациска мрежа во должина од 41 km преку која се одведуваат измешани урбани отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни и атмосферски отпадни води.

Отпадните води од уличната канализациска мрежа и отпадните води од заедничката канализациска мрежа се прифакаат во колектор кој е дел од Системот за заштита на Охридското Езеро, а потоа се пречистуваат во пречистителната станица за отпадни води во Враништа (Општина Струга). Реципиент на вака пречистените отпадни води е реката Црн Дрим.

Отпадните води од атмосферската канализациска мрежа се испуштаат во колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, а реципиент на овие отпадни води е Охридското Езеро.

Степенот на приклученост на објектите и домакинствата на канализационата мрежа во градот Охрид е 93 %, додека во поголем број населени места, во руралниот дел на Општината, отсуствува канализациска мрежа за комунални и атмосферски отпадни води.

При зголемени атмосферски води доаѓа до мешање на комуналните и атмосферските отпадни води при што, заради недоволниот капацитет на канализациската мрежа, доаа до излевање на отпадната вода од шахтите и поплавување на делови од населените места. Исто така, при вакви појави доаѓа до преоптеретување на колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, заради што отпадните води не доволно пречистени се испуштаат во езерото.

## 4.6 Културно наследство

Охридскиот регион во 1979 година е впишан во Листата на светското наследство заради своите природни вредности (УНЕСКО). Истата година, во препораките од евалуацијата спроведена од страна на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) е укажано дека впишувањето на Листата на светското наследство треба да се темели и на културните вредности на доброто. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинациското досие со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii), и (iv) и доброто е впишано под името „Охридски регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина“.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион ги вклучува историскиот центар на градот Охрид, градот Струга, рибарските населби на брегот на Охридското Езеро, ранохристијанските духовни центри и менастири, како и над 250 археолошки локалитети кои опфаќаат период од над 5 000 години.

Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменична целина чие формирање, според потврдени артефакти и зачуваните објекти, опстојува без прекин од праисториските времиња, преку античкиот и доцно – античкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, па се до денес (периодот од IV век пред н.е. до денес). Градот, формиран во карактеристични приородно – географски, историски, етно – социјални и естетски услови на живеење и стопанисување, во изминатиот период, се издигал и развивал во една карактеристична хармонија, без тенденција за узурпација на просторот. На следната слика прикажани се локалитети со културни вредности во Охридскиот период.

Долгиот историски континуитет на овој простор и размената на културите помеѓу истокот и западот формирал посебен идентитет на оваа мала територија каков што не постои надвор од границите на регионот (сл.25).




**Слика 25.Локалитети со културни вредности во Охридскиот регион и обележување на предметната локација**

Квалитетот на специфичната архитектура и успешното остварување на единството помеѓу градовите, населбите и природната околина на езерото го прават овој предел автентичен и заради тоа исклучително вреден.

Имајќи ги предвид богатите културно-историски, архитектонски, археолошки и етнолошки вредности кои на регионот му даваат посебност, единственост, репрезентативност, автентичност, со нивната зачуваност, разновидност и интегралност, создадени се можности регионот да претставува добро од највисоко национално значење со универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност и наука.

Запишаното добро ги вклучува историскиоте центари на градовите Охрид и Струга со нивнатасвојата архитектонско-урбанистичка матрица, неколку рибарски населби на брегот на Охридското Езеро, над 250 археолошки локалитети кои опфаќаат период од над 5 000 години, ранохристијанските духовни центри и манастири, градби од Византискиот и Османлискиот период, преродбенскиот период и модерната.

● Охрид како споменична целина, има огромно значење поради комплексноста од многубројните археолошки остатоци, како и низата поединечни градби кои ги имаат карактеристиките на културно наследство од исклучително значење, како и големо значење и значајно културно наследство. Како една од најстарите човекови населби во Европа тој претставува ретко архитектонско и уметничко достигнување и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности. Градот, формиран во карактеристични природно-географски, историски, етно-социјални и естетски услови на живеење и опстојувањестопанисување, во изминатиот период, се издигал и развивал во една карактеристична хармонија, без тенденција за узурпација на просторот и визурите.

● Старото градско јадро на Охрид вклучува градби и други структури кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, преродбенскиот период и модерната. Изграден претежно помеѓу VII и XIX век, Охрид е седиште на најстариот словенски манастир (Свети Пантелејмон) и дом на повеќе од 800 икони со светска слава во византиски стил, насликани помеѓу XI и XIV век. Охридската архитектура е најдобро сочуваната и најкомплетната збирка на урбана архитектура од овој дел на Европа. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа. Во градот Охрид се наоѓа еден од најстарите словенски манастири, основан од Св. Климент Охридски во IX век (се смета за првиот „Универзитет“на Балканот), кој ја ширел писменоста, образованието и културата низ целиот древен словенски свет. Со археолошките истражувања откриени се седум базилики во стариот дел на Охрид (ова сигурно не е конечниот број), кои датираат од периодот меѓу IV, V и почетокот на VI век, а содржат такви архитектонски и декоративни својства кои неспорно укажуваат на силниот подем и слава на античкиот Охрид (Лихнидос), во овој поглед. Структурата на градското јадро е збогатена со голем број на археолошки локалитети, со акцент на ранохристијански базилики, кои имаат бројни мозаични подови.

- Како најистакнати репрезенти со архитектонско-урбанистички вредности и духовни центри се издвојуваат старите урбани јадра на Охрид и Струга, манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил (Св. Наум) на јужниот дел од охридското крајбрежје, манастирскиот комплекс Св. Богородица Захумска-Заум, кај с. Трпејца и манастирскиот комплекс Св. Богородица – Калишта, Св. Архангел Михаил во с. Радожда на западниот брег од Охридското Езеро и Св. Јован Богослов - Канео.
- Крајбрежни населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта):
- Трпејца: со векови населението се занимавало со риболов како основен извор на приходи. Значајна улога има и сточарството, а земјоделството е ограничено на мала обработлива површина во сувото трпејчко поле. Селото има 370 жители. Во непосредна близина на селото е сместена најстарата сочувана црква Св. Богородица Захумска од XIV век.
- Пештани: со векови жителите се занимавале со рибарство и сточарство, но последните неколку децении се ориентираат кон развој на туризмот со добро развиени услужни дејности трговија и угостителство. Ова наложило старите селски домаќинства да се преадаптираат во модерни современи објекти за потребите на туризмот и угостителството и претставуваат ревитализирани рурални средини.
- Радожда: претставува типично рибарско село, сместено во рамничарскиот дел крај езерскиот брег кое постепено прераснува во туристичка рурална населба, со идеални можности за развој на селски туризам. Селото постепено се трансформира во современа туристичка населба со

развој на услужните дејности: трговија, угостителство и туризам. Над селото се наоѓа пештерната црква Архангел Михаил со сочуван вреден живопис.

- Калишта: претставува типично рибарско село каде во последните години се повеќе се градат мали угостителски објекти и се развива угостителството и туризмот. Во непосредна близина на селото се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Богородица со пештерниот храм Рождество на Пресвета Богородица. Манастирската црква и конаците се изградени во поново време и активни се и денес.
- Градот Струга: иако е лоциран долж брегот на Охридското Езеро, неговиот живот сепак е сконцентриран на бреговите на реката Црн Дрим, која како природен феномен истекува од Езерото. Настанувањето на Струга е поврзано со наколните населби покрај Охридското Езеро. Археолошките локалитети сведочат за постоењето на наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско- хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период.

Во близина на планскиот опфат има две археолошки наоѓалишта „Хермелеја“ југозападно и „Козлук“ северозападно од локацијата.

Хермелеја — археолошко наоѓалиште во градот Охрид. Претставува населба од римско време. Населба од римското време. Се наоѓа на 3-от километар од Охрид кон Струга и на околу 800 м северно од брегот на Охридско Езеро. Во долината што служи за стрелиште и јужно покрај магистралниот пат во 1974 година Заводот и музеј - Охрид извршил археолошко заштитно ископување. Откриени се темели од повеќе градби и во нив многубројни фрагменти од керамички садови, монети и други предмети. [3]

Козлук — археолошко наоѓалиште во градот Охрид. Претставува населба од римско време[1]. Се наоѓа на 1 км западно од градот, во непосредната близина на крстосницата Охрид - Кичево -Скопје. Со заштитните археолошки истражувања во 1974, 1982 и 1983 година е откриена монументална градба – раскошна вила со терма. Објектот има три апсидни делови,повеќе големи простории и остатоци од хипокауст во северниот крај. Во повеќе простории се пронајдени површини од подни мозаици. Наодите се чуваат во Заводот и музеј - Охрид.

[3] Маленко В., 1976, 220; Шапкарев А.К., 1976, 556; Маленко В., Кузман П., 1988, 89-116. (В.М., П.К.)

# 5. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

## 5.1 Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион под заштита на УНЕСКО

Регионот околу Охридското Езеро, како и целата територија на општина Охрид, припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство под заштита на УНЕСКО и се протега на површина од 83 350 ha. Границите се прикжани на следната слика.




**Слика 26.Граници на заштитена зона под УНЕСКО**

Поради исклучителното значење на овој регион, од аспект на заштита и управувањето со биолошката разновидност и животната средина, од вкупната површина на територијата на општината (389.93 km$^2$), околу 180 km$^2$ се со посебен начин на управување, односно се прогласени или идентификувани повеќе подрачја за заштита на биолошката разновидност: Споменик на природата „Охридско Езеро“, Биосферен резерват „Охрид-Преспа“, Подрачје на светско и културно наследство „Охрид“.

Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство дефинира два различни вида на светско наследство: културно и природно. Комбинираните, односно мешовитите локалитети ги содржат елементите на дват вида наследство. Во конвенцијата се наведува дека делови од културното или природното наследство се од исклучителен интерес и поради тоа треба да бидат зачувани како дел од светското наследство на човештвото како целина. По впишувањето на Листата на светско наследство, состојбата на конзервацијата на локалитетите ја следи Центарот за светско наследство на УНЕСКО.
Охридскиот регион е прогласен за Светско природно наследство во 1979 година, а во 1980 година е впишан во листата на Светско културно наследство. Преставува едно од само 31те подрачја во светот, впишано во Листата како мешовито добро, кое подеднакво поседува природни и културни универзални вредности.

### Атрибути на природните вредности

**Охридското Езеро** е познато како суперлативен природен феномен. Со геолошка и биолошка историја од 2 до 5 милиони години се истакнува како најстаро природно езеро во Европа и едно од најстарите езера во светот. Овој суперлативен феномен се одликува со следните атрибути на исклучителната униврзална вредност:

- Со најголема просечна длабочина од 155 m Охридското Езеро е надлабоко езеро не само на Балканскиот Полуосторв, туку и во Европа, а четиринаесетто во светот;
- Езерото претставува последен остаток од древниот воден регион на евроазискиот континент пред леденото време и според својата геолошка и биолошка историја се смета за настаро езеро во Европа;
- Од настанувањето на езерото во плеистоценот се создале услови за одредени екосистеми (посебно пештерски и водни екосистеми) и елементите на фауна кои се дел од овие екосистеми за да преживеат во текот на подолги периоди. Прастарите групи (реликтни видови на фауна) се распространиле преку процес на еволуција каде од еден вид настануваат два или повеќе генетски независни видови (специјација), што резултирало со бројни локални ендемски видови;
- Езерото преставува исключително жариште на биолошката разновидност од глобално значење. Со 212 ендемски вида флора и фауна и повшрина од 358.20 $km^2$ најверојатно преставува езеро со најголема разновидност во светот, во смисла се застапени ендемски видови на единица површина. Живите фосили и ендемските видови се развиле како единствен резултат на географската изолација и непреченото одвивање на биолошката активност. Овој ендемизам на езерото опфаќа полжави, трепчети црви, голем број реликти од алги и од дијатомеи, езерски сунѓери, алги, риби, како и 88 вида птици. Овие видови се приспособиле на олиготрофните услови што се поддржани од карстните извори и Студенчишкото Блато. Степенот на еднемизам на езерото се проценува на 36% од сите видови и 34% за животинските видови. Значајни е да се одбележи дека се затапени 72 гастроподни вида од кои 78% не се среќаваат на друго место од планетата.
- Езерото го подржува развојот на биолошката разновидност на слатководните риби со густина на >8 таксони на секои 104 $km^2$. Застапена е релативна рамнотежа меѓу циприндните и салмонидните риби. Ихтиофауната е претставена со 21 вид, од кои 15 се карактеристични

за Западен Балкан, 13 се среќаваат во Југоисточниот Јадрански Регион, а 8 се ендемски за Охридското Езеро;

- Во езерото се среќаваат бројни загрозени видови од регионален, европски и глобален карактер. Според глобалната Црвена листа на ИУЦН, во Охридско Езеро се среќаваат 26 ранливи, 17 засегнати и 11 критично загрозени вида.
- Студенчишкото Блато го снабдува со вода преку подземна врска, притоа, регулирајќи ги екосистемските услуги на поширокиот регион преку задржување на нутриенти, и со тоа го намалува антропогеното влијание и го подобрува квалитетот на водите. Студенчишкото Блато е остаток од претходното поголемо блатно живеалиште, но тоа е се уште функционално, а стратифицираните слоеви на тресет претставуваат еден вид палеоеколошки архив; во блатото се мрестат три таксони на комерцијално значајни риби. Блатото придонесува и за секвестрација на јаглерод во 300 cm длабокото хистосолно тресетиште.

При вреднувањето на просторот, особено значење е дадено на геоморфолошките и топографските специфики, визурите, атрактивноста на регионот и посебни климатски специфики.

Од планините централно место зазема масивот Галичица со врвот Магаро (2255 m), додека планината Јабланица до високите врвови (Стрижак – 2333, Крстец – 2185 и Чумин Врв – 2125 m н.в) преставува западна граница на регионот со географскиот диверзитет на планианта Галичица е претставен со сите видови релјефни форми, кои се типични за карст.

Охридското Езеро, Националниот парк „Галичица“ и Преспанското Езеро, како комплексна целина, преставуваат област со изразено богата биолошка разновидност, висок степен на хетерогеност и едемиза, и во таа смисла се смета занавистина импресива локација во Европа.

На подрачјето на Охридскиот регион, како светско природно и културно наследство, идентификувани се следните локалитети со природни вредности:

- Света Богородица Калишка – сублакустриски извори;
- Калишта – единствено природно живеалиште на жолтиот локвањ на Охридско езеро;
- Подмоље – најраспространетиот појас на трска на Охридското Езеро, природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап;
- Мазија – ревитализирано природно жеивеалиште на жолтиот локвањ, мрестилиште на крап и живеалиште и гнрздилиште на птици;
- Студенчишко Блато – макрофитска вегетација и плодиште на краповидни риби;
- Вели-Даб – сублакустриски извори, плодиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
- Свети Петар – крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна;
- Извори Свети Наум – најиздашен извор на Охридско Езеро, мрестилиште на пастрмки и краповидни риби и биодиверзитет на бентосна фауна.




**Слика 27.Локалитети со атрибути на природни вредности и предметна локација**

Согласно сликата со локалитетите, **предметната локација не зафаќа ниеден од нив**.

## Граници на заштитените зони на природното наследство во Охридскиот регион

Заради подобро управување и одржување на исклучителната универзална вредност, односно, контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

Првата заштитна зона се формира појас од 50 m сметано од границата на катастарската парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) и има тири подзони (Ia, Iб и Iв).
Втората заштитна зона има две подзони (IIa – се формира со подрачја зафатени со рипарисните живеалишта и IIб) – ги зафаќа природните и полуприродните живеалишта над 866 m надмосрка висина.
Третата заштитна зона е формирана на деловите под кота 866 m н.в, односно, зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или главно се користат за земјоделско производство.
Границите за зоните за заштита воспоставени во заштитените подрачја се преземаат во целост и се применливи мерките/режимите за заштита што се веќе воспоставени во согласност со соодветните планови за управување донесен врз основа на Законот за заштита на природата.
Планскиот опфат не потпаѓа под овие зони.

## 5.2 Заштитени подрачја според Просторен план и национално законодавство

Просторниот план на Република Македонија од 2004 година е највисокиот долгорочен и интегрален плански документ за просторот на државата, со кој се даваат насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата и уредувањето на просторот на територијата на државата и за уредувањето со тој простор. Биолошката разновидност и нејзината заштита се третира согласно стариот Закон за природни реткости. Во поглавјето што го третира природното наследство, утврдени се заштитените и подрачјата предвидени за заштита, како и поединечните видови во и надвор од заштитените подрачја дадено во табелата.
Планскиот опфат не е во границите на ниедно заштитено подрачје.

*Табела 11. Преглед на заштитени подрачја во општина Охрид*

| | Група | Име на објектот | Општина | Состојба на заштита |
|---|---|---|---|---|
| **1** | НП | Галичица | Охрид, Ресен | Заштитено |
| **2** | СП | Макеоднски даб (с. Трпејца) | Охрид | Заштитено |
| **3** | СП | Охридско Езеро | Охрид, Струга | Заштитено |
| **4** | СП | Платаново дрво | Охрид | Заштитено |
| **5** | СП | Дувало, во близина на с. Косел (пост – вулканска појава) | Охрид | Заштитено |
| **6** | СП | Пештера Самоска Дупка | Охрид | Заштитено |
| **7** | СП | Острво | Охрид | Заштитено |
| **8** | СП | Пештера Волја | Охрид | Заштитено |

**Национален Парк Галичица**

Националниот парк Галичица е прогласен во 1958 година, со цел да се зачува растителниот и животинскиот свет и природниот изглед на планината Галичица. Паркот се препознава како едно од најважните подрачја или т.н. „жаришта“ на биолошката разновидност во земјата и пошироко. Тоа е потврдено од и со бројните меѓународни номинации, како на пример: „Емералд подрачје“,

„Значајно растително подрачје“, „Примарно подрачје за пеперутки“, „Светско наследство на УНЕСКО“, а потенцијално и „НАТУРА 2000 подрачје“. Планскиот опфат не е во границите на НП Галичица.

## ОХРИДСКО ЕЗЕРО СП (споменик на природата-заштитен)

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографки услови, зачувани се и во него живеат околу 146 ендемични видови организми. Еден дел од нив преставуваат живи фосили, речиси неизменети од времето на терциер наваму-ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка, белвицата и други видови риби со ендемски карактер, како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено во Списокот на светското наследство како природно добро, а во 1980 година поради значјаните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинорано и како Охридско природно и културно-историско подрачје.
Површината на езерото изнесува 23 000 ha. Важи за едно од најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно историски значење од светски размери; научно-истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна.

### Предлог зонирање на заштитеното подрачје

Во однос на предлог зонирањето, Споменик на природата - Охридското Езеро опфаќа 57 сегменти/локалитети кои припаѓаат на една од следните три зони: Зона за строга заштита, Зона за активно управување и Зона за одржливо користење. Согласно Студија за валоризација за Охридското Езеро, предметната локација е во близина на :

- Предлог Строгата заштитна 13 Област на реката Далјан 26.0 ха
- Предлог Активната зона за управување 3 Езерски Лозја - Далјан 987.6 ха




**Слика 28.Зонирање на заштитено подрачје**

## МАКЕДОНСКИ ДАБ СП (споменик на природата-заштитен)

Дабовото стебло (*Querqus macedonica*) се наоѓа во с. Трпејца и истото е најголемото стебло од овој вид во Македонија. Височината му изнесува 18 m, а обемот на деблото е 4.60 m. Има дендролошка и образовна намена, во добра состојба е и има Меѓународен статус: Категорија III по IUCN и режим на заштита 6.

## СП Платаново дрво

Платановото дрво (*Platanus orientalis*) се наоѓа на улица „Гоце Делчев“ во Охрид. Дрвото е во добра состојба и ги има следните димензии; висина 24 m, обемот на стеблото е 6.20 m и проекцијата на круната е 20 m и има дендролошка и образовна намена.

## СП – Дувало

Овој локалитет е активна пост-вулканска појава, а се наоѓа во близина на с. Косел во близина на Охрид. Има минијатурен кратер со димензија од 0.5 m и длабочина од 30 cm. Емисиите на јаглероден диоксид и сулфурниот водород се генерираат од отворениот дел, и затоа оваа појава е во исто време мофета и сулфурен извор.

### СП – Пештера Самоска Дупка

Се наоѓа на десната страна на долината Студино на планианта Галичица (1430 m н.в.). Пештерата има геоморфолошко значење и претставува преципитна фосилна пештера со значително присуство на пештерски украси. Долга е 301 m.

### СП – Острво

Езерото Острво е посебен тип на извори – крајбрежни езера. Се наоѓа покрај брегот на Охридското Езеро, во близина на манастирот „Св. Наум“, на местото каде што извираат водите на најголемиот карстен извор на Македонија. Должинната на заезерениот дел е околу 220 m, а најголемата измерена длабочина изнесува 3.5 m.

Езерото Острово, со Охридското Езеро е поврзано преку канал со должина од околу 10 m. Во однос на Охридското Езеро, езерото Острво изгледа како „крипто депресија“, бидејќи дното е повисоко, во просек 2.94 m, од нивото на Охридското Езеро, додека површината е над нивото на водата во Охридското Езеро за 0.56 m. Големината на изворот Острво изнесува 0.342 $km^2$, а протокот во Охридското Езеро изнесува околу $11m^3/s$.

### СП – Пештера Волја

Пештерата Волја, исто така позната како „Скалана“, се наоѓа 250 m источно од патот Охрид – Суво Поле до с. Коњско. Влезот на пештерата е на надморска височина од 1450 m и тешко може да се забележи поради густата шума.

Вкупната должина на пештерата Волја е 37 m. Сепак, оваа должина е неизвесна и треба да се зема со резерва. Длабочината на пештерата, од влезот до дното на најниската галерија достигнува 20 m. Пештерата Волја е најбогатата пештера со орнаменти од сите пештери во Галичица. Пештерските украси се особено репрезентативни во вторoт пештерско проширување (кон исток).

### ЧИНАРИ – Природа реткост Охрид

Со цел да се спречи оштетување, уништување и наградување на природните реткости, со Решение на Министерството за животна средина и просторно планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.205/19), а на иницијатива на општина Охрид, како природна реткост е прогласен чинарот „Чинар-Охрид“, кој се наоѓа на плоштадот „Чинар“ во Охридската чаршија.

### Студенчишко Блато (Предлог подрачје за заштита)

По однос на биолошката разновидност значаен е локалитетот – Студенчишко Блато, валоризиран како природен феномен сочуван со милениуми кое претставувало интегрален дел на Охридското Езеро.

Студенчишко Влато е предлог заштитено подрачје во категорија Парк на природата, кое е ставено под привремена заштита со донесено решение кое е објавено во „Сл. Весник на СРМ“ бр.164/21 од 19.07.2021 година.

## 5.3 Репрезентативна мрежа на заштитени подрачја

Во однос на интеранционално идентификувани подрачја се напоменуваат ЕМералд подрачја, Натура 2000, начајно подрачје за птици, Значајно подрачје за растенија, Примарно подрачје за пеперутки. Планскиот опфат не е во границите на ниедно заштитено подрачје, но е во близина на Охридското езеро.

### Емералд Подрачја

Емералд мрежата преставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување назначени со цел зачувување на мрежата на природните живеалишта и се протега на територијата на земјите членки на Бернска конвенција. Според Емералд мрежата на подрачја од посебен интерес за зачувување во рамките на општина Охрид номинирани се две Емералд подрачја (Планината Галичица и Охридско Езеро).




**Слика 29.Емералд Мрежа**

### Рамсар Подрачје

Република Македонија ја ратификуваше Рамсарската Конвенција за водни или блатни живеалишта од меѓународна важност во 1991 година. Во 2021 година Охридското Езеро и Студенчишко Блато беа впишани во Рамсар Листата.

Впишувањето на Охридско Езеро и Студенчишко Блато на Светската Рамсарска листа значи меѓународно признавање и препознавање на специфичниот и богат биодиверзитет и ендемичните и ретки видови, како и присуство на голем број на живеалиште и видови од национално и ЕУ значење на ова подрачје. Подрачјето е прифатено согласно сите 9 критериуми на Рамсарската Конвенција и е со вкупна површина од 25 205 ha.




**Слика 30. Карта на Рамсар подрачје**

## Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН)

Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН) е изработена во периодот 2008-2001 година. Кафеавата мечка е земена како закрилен вид за идентификација на клучните (јадрови) подрачја, еколошките коридори и подрачјата за ревитализација кои ги поврзуваат јадровите подрачја и заштитните појаси. Насоки за заштита и управување со идентификуваните коридори се опфатени во Планот за управување со коридорите на кафеавата мечка. Во општина Охрид, опфатено е јадрово подрачје за кафеавата мечка и тоа Галичица.




**Слика 31.Национална еколошка мрежа МАК-НЕН**

## Еколошка мрежа Натура 2000

Еколошката мрежа Натура 2000 е воспоставена на териториите на земјите членки на ЕУ со цел обезбедување на биолошката разновидност преку зачувување на природните живеалишта и на дивата флора и фауна. Обврската за воспоставување на Натура 2000 произлегува од членот 3 на Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/EEC).

МЖСПП тековно спроведува активности за понатамошна хармонизација и усогласување на националното законодавство за заштита на природата со ЕУ законодавството, односно со директивите за живеалишта и птици. Во таа насока извршена е идентификација на живеалишта и видови од европско значење на национално ниво. Идентификувани се девет подрачја како потенцијални подрачја за Натура 2000 и две подрачја со висок природен потенцијал. Од нив Охридското Езеро е предложено како потенцијално Подрачје со посебна заштита (СПА) според директивата за птици, а Галичица како Подрачја од важност за заедницата (СЦИ), во согласност со Директивата за живеалишта. Според присуството на значајни хабитати, како и видови особено од фауната, Стунечишкото Блато би требало да се земе во предвид во идните фази на идентификација на Натура 2000 подрачја.




**Слика 32.Предложени Natura 2000 подрачја (Студија за валоризација на Споменик природата Охридско езеро 2021 година)**

## Значајни подрачја за растенија (ЗПР)

Подрачјето „Охридско Езеро“ се простира во југозападниот дел на Македонија, Админстративно припаѓа на општините Охрид и Струга, а сосема мал дел од крајбрежјето на Охридското Езеро припаѓа на општината Дебарца. Се протега на околу 700 m н.в. Само дел од ова ЗПР, односно Охридското Езеро е во рамките на Споменикот на Природата „Охридско Езеро“. Останатиот дел од крајбрежјето, со остатоците од блатните живеалишта, не е под никаков режим за заштита. Најзначајни живеалишта на ова ЗПР се остатоците од блатата и мочуриштата, но и литоралниот дел од езерото со појасот на трската.

## Значајни подрачја за птици

Лоциран во југо-западниот дел на Република Македонија, го вклучува Охридското Езеро, следејќи ја бреговата линија и државната граница со Република Албанија, која поминува преку површината на Езерото. Подрачјето е во непосредна близина на локацијата на Албанската IBA „Охридско Езеро“ (AL002).

Бреговата линија на Езерото е полигенична, со лимноген брег (од езерски седименти) кој се наоѓа на север. Кај Љубаништа и Св. Наум се среќава потамоген брег, додека западните падини на планианта Галичица се од тектогенско и абразивно потекло, со карактеристично клифови. На крајбрежјето доминираат тријарски варовноци. Езерото е тектонско, старо околу 3 милиони годиним со максимална длабочина од 286 m.

Вкупниот број на презимувачки водни птици на површината на езерото (само македонскиот дел) била помеѓу 79 000 единки во 1989 година и 24 000 единки во 1997 година. Најброен вид е Лиската, после која следуваат Црвеноглавиот кожувар, Патка превез, Цуцулеста патка и Големо штипче.




**Слика 33.Значајни области за растенија (IPAs) и Значајни области за птици (IBAs)**

## Прекуграничен Биосферен резерват Охрид – Преспа

Охридско-Преспанскиот регион беше прогласен за прекуграничен биосферен резерват во октомври 2014 година во Корча, Албанија. Сертификатот за прогласување на прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа беше предаден од претставници на УНЕСКО.
Овој прекуграничен резерват се наоѓа помеѓу Република Албанија и Република Сееверна Македонија. Областа е комбинација од водни површини, обиколени со планински релјефи, додека рамните области се граничат со надворешните граници на териториите што се протегаат низ двете земји.




**Слика 34. Прекуграничен Биосферен резерват Охрид – Преспа (извор: Protected Area Management by Mohd Nazip Suratman)**

# 6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнувањето на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија за развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Северна Македонија („Сл. Весник на РМ“ бр. 52/91, 01/92, (Амандман I и II), 31/98 (Амандман IV-XVIII), 84/03 (Амадман XIX), 107/05 (Амандман XX-XXX) и 03/09 (Амандман XXXI)), како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Исто така, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но тоа е исто така, обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирнано право на граѓаните (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, Република Северна Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување на платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустрија, давателите на услуги и други субјекти во облста на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Последно, но е и најмалку важно, е зголемување не нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Р.С. Македонија ги има ратификувано.

Прашања за заштита на природата, обезбедување на чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени во предвид при изработка на Стратегиската овена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.
Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Северна Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весника на Рпублика Македонија“ бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентата на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Р.С. Македонија за заштита на животната средина се:

- Конвенција на Он за заштита на светското природно и културно наследство е ратификувана во поранешна СФРЈ во 1974 година со Законот за ратификација („Сл. Весник на СФРЈ“ бр. 56/74), а Република Македонија па прифати со акт за сукцесија;
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) “„Сл. Весник на СФРЈ“ бр.09/77);
- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолопка разновидност („Сл.весник на РМ“ бр. 40/05);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/99 и 13/02).
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот и растителен и животински свет и природните живелаишта („Сл. Весник на РМ“ бр. 49/97):
- Париската Конвенција за заштита на светското културно и природно наследстов („Сл. Весник на СФРЈ“ бр. 56/74);
- Европската Конвенција за пределот (Фиренца, 2000) („Сл. Весник на РМ“ бр. 44/2003);
- Закон за ратификација на Кигали Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка („Сл. Весник на РСМ“ бр. 34/2020);
- Закон за ратификација на Амандманот од Доха на Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатските промени („Сл. Весник на РМ“ бр. 152/19);
- Закон за ратификација на Договорт од Париз („Сл. Весник нанРМ“ бр. 161/17);
- Рамковна Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени (Њујорк, Мај) („Сл. Весник на РМ“ бр. 61/97);
- Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени („Сл. Весник на РМ“ бр. 49/04);
- Конвенција за оценка на влијаниаајта врз животната средина во прекугграничен контекст (Еспо, февруари 1991) („Сл. Весник на РМ “ бр. 44/99);
- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 40/99);
- Протоколот за стратешка оценка на животната средина („Сл.весник на РМ“ бр. 120/13);

- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Сл. Весник на РМ“ бр. 13/02);
- Конвенција за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера (Хелсинки) („Сл. Весник на РМ“ бр. 117/15);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка („Сл. Венсик на РМ“ бр. 01/90), ратификувана од Република Македонија на 10 март, 1994 година;
- Стокхолмската Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, потпишана од Република Македонија на 23 мај, 2001 година и ратификувана на 19 март 1994 година;
- Комуникација од Комисијата од Европскиот Парламент, Советот, Економскиот и Социјален Комитет и Комитетот на регионите (Наше животно осигурување, наш природен капитал: ЕУ Стратегија за диверзитет до 2020 година);
- Рамковна Конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 205) („Сл. Весник на РМ“ бр. 25/11);
- Конвенцијата за вредностите на културното наследство на Европа (Гранада 1985):
- Конвенција за заштита на археолошкото наследство на Европа *Валета 1992) („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/05) и др.

## 6.1 Заштита на природното и културното наследство на Охридскиот регион

Исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство на Охридскиот регион се препознаени пред речиси едно столетие, не само од страна на научната јавност, туку и од националните институции од областа на заштитата на природното и културното наследство на тогашната С:Р: Македонија, во рамки на СФРЈ. Така, во повоениот преиод започнува процес на правна заштита на регионот, односно негови поединечни делови:

- Националниот парк Галичица (ИУЦН категорија II), е прогласен во 1958 година. Опфаќа територија од вкупно 24.151 ha, од кои 72% (односно 17.385 ha) се вклучени во доброто подоцна прогласено за светско наследство;
- Охридско Езеро во 1977 година е преогласено за Споменик на природата (ИУЦН категорија III) со Законот за заштита на Охридско, Преспански и Дојранско Езеро. Спомеников на природата ја опфаќа целокупната територија на езерото која припаѓа на Република Северна Македонија (~200 km$^2$);
- Старото градско јадро на Охрид е прогласено за споменична целина во 1968 година (Решение бр. 07-57/1 од 28,03,1968 година). Во 2011 година е прогласено за културно наследство од особено значење, заштитено со посебен закон (Закон за прогласување на Стерото градско јадро на Охрид за културно наследство ов особено значење „Сл, весник на РМ“ бр. 47/11 и 154/15).

Охридскиот регион е заштитен како природно и културно-историско подрачје во 1978 година (Решение бр. 03-461 од 08.12.1978 година).

По овие низа правни документи за заштита на регионот на национално ниво, следува неговото впишување на Листата на светско наследство, меѓу првите добра по усвојувањето на Конвенцијата за заштита на светскотот културно и природно наследство од 1972 година (Париз, 1972 година).

Охридскиот регион во 1979 година е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности (според критериумот (iii), односно сега критериум (vii)). Истата година, во препораките од евалуацијата спроведена од страна на Мешународната унија за заштита на природата (IUCN) е укажано дека впишувањето на Листата на светско наследство треба да се темели и на културните вредности на доброто. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинациското досие со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто впишано под името „Охридски регион со неговите кулктурни и историски аспекти и неговата природна средина“.

Во 2006 година, извршена е промена на именувањето на доброто во „Природно и културно наследство на Охридскиот регион“ (30 COM 8B.9, Вилнус, Литванија), додека во 2009 година е извршена мала модификација на неговите граници на македоснкиот дел од доброто (33 COM 8B.40, Севилја, Шпанија).

Во 2018 година, Република Албанија поднесе номинација за проширување на „Природното и културното наследство на Охридскиот регион“, со вклучување на албанскиот дел од Охридското Езеро, што беше одобрено од Комитетот за светското населдство на неговата 43-та седница (43 COM 8B.9, Баку, Азербејџан, 2019 година). Денес, вкупната површина на заштитеното добро изнесува 94.728,6 ha, со контактна зона лоцирана на албанската страна од 15.944,4 ha.

Исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион е резултат на милениумската интеракција помеѓу неговите природни особености и човекови дејности. Охридскиот регион (пред се Охридското Езеро и Националниот парк Галичица) е препознаен како едно од најважните подрачја или т.е „жариште“ на биолошката разновидност во земјата и пошироко. Тоа е потврдено и со бројните меѓународни номинации, како на пример: „Емералд подрачје“, „Римсарско подрачје “, „Значајно растително подрачје“, „Значајно подрачје за птици“, „Примарно подрачје за пеперутки“, а потенцијално и „Натура 2000 подрачје“. Спојот меѓу извонредните природни феномени (извонредно богатство на биодиверзитет, висок индекс на ендемизам со над 200 евидентирани ендемски видови, присуство на мноштво ретки, архаични и реликтни видови на флора и фауна итн) со богатото материјално и нематеријално културно наследство напластувано со милениуми, и неговите бројни атрибути, го прави овој регион уникатен.

Покрај прогласувањето за светско наследство, поединечни подрачја во рамките на Охридскиот регион дополнително се и под национална и меѓународна заштита, а дел се и добра кои се во процес на (ре)прогласување:

- Охридскиот регион е дел од Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа (Р. Албанија – Р.С. Македонија), прогласен од страна на УНЕСКО во 2014 година);
- Во рамките на доброто се наоѓа и Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро и Студенчишко блато (досие бр. 2449), прогласен во 2021 година, со територија од 25.205 ha;
- Во постапка за репрогласување се наоѓа Споменикот на природата Охридско езеро (ИУЦН категорија III);
- Во постапка на прогласување се наоѓа и Паркот на Природата Студенчишко Блато (ИУЦН категорија IV).

## 6.2 Корелација на целите на планскиот документ со цели на Стратегиска оцена на животната средина

Согласно Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина, потребно е да се потенцираат целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки. Спроведување на целите за животна средина со целите и активнстите во стратешкиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дели развојот, односно идната имплементација на Урбанистичкиот проект за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ, ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС).

Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновиснот, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во Урбанистичкиот проект за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на Урбанистички план за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на негова идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

*Табела 12. Врска меѓу целите на СОЖС и целите на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ*

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | Цели во плански документ (копатибилност/некомпатибилност) | Индикатори на СОЖС |
|---|---|---|---|---|
| Население и здравје на населението | Унапредување на животните услови на населението | - Подобрување на медиумите и областите од страна на животната средина;<br>- Подобрување и заштита на здравјето на луѓето;<br>- Подобрување на социоекономската состојба (вработување, зголемување на приходите, демографски развој, намалување на миграцијата);<br>- Подобрување на инфраструктурата;<br>- Подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | <u>Компатибилност:</u><br>- Планирање на просторот во согласност со законските прописи за урбанизација и користење на земјиштето;<br>- Урбанизација на земјиштето кое досега се користи за истата намена;<br>-Развој на активности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>- Имплементација на мерки за зачувување на состојбата на медиумите во животната средина;<br>- Подобрување на локалната инфраструктура и поврзување на селските населби;<br>- Подобрување на безбедноста во сообраќајот;<br>- Подобрување на условите за развој на нови бизниси и зголемување на стандардот на живеење во општината;<br>Подобрување на условите за стимулирање и поттикнување на нови вработувања и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на населението;<br><u>Некомпатибилност:</u><br>- Урбанизација на простор со намена земјоделско земјиште и негова пренамена во градежно земјиште. | - Согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на планските содржини;<br>- Зголемен број на корисници на просторот;<br>- Број на сообраќајни несреќи;<br>Трендови на емисии во медиумите од животната средина;<br>- Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението;<br>- Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнати страни;<br>- Стапка на вработеност;<br>Животен стандард;<br>Приходи од општинскиот и државниот буџет;<br>Стапка на трансформација на земјоделско земјиште од I-IV класа за неземјоделско користење;<br>Добиени дозволи и согласности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Биолошка разновидност и природно наследство | Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природно наследство | - Подобрување на состојбата со биолошката расзновидност преку заштита на екосистемите/ живеалиштата, видовите и генетската разновидност;<br>- Подобрување на постојните деградирани живеалишта и нивна ревитализација;<br>- Намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност;<br>- Воспоставување комплексен мониторинг на биолошката разновидност (видови, живеалишта, екосистеми, значајни подрачја). | <u>Компатибилност:</u><br>- Урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>- Отсуство на евидентирано природно наследство во границите на планскиот опфат.<br><u>Некомпатибилност:</u><br>- Планскиот опфат е во границите на простор заштитен како светско природно и културно наследство УНЕСКО;<br>Планскиот опфат е во близина на СП Охридско Езеро<br>- отстранување на крајречна вегетација;<br>- Генерирање на емисии во животната средина кои може да ја засегнат биолошката разновидност во опкружувањето на планскиот опфат, во случај на несреќи и хаварии. | - Примена на препораките пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020–2029)<br>- Добиени дозволи и согласности за пренамена на замјиштето и негова урбанизација;<br>- Усогаласеност на просторниот развој на просторот во спогласност со планската документација и препораките од Извештајот за СОЖС;<br>- Контролирни емисии во медиумите на животната средина;<br>Не се евидентирани загуби и штети врз биолошката разновидност и пределот во опкружувањето, предизвикани од содржините на урбанистичкиот проект. |
| Води | Заштита и упаредување на состојбата на водите | - Одржливо управување и користење на водените ресурси;<br>Заштита, зачувување и подобрување на состојбата на крајбрежното | <u>Компатибилност:</u><br>- Планирање на просторот во согласност со потребите за изградба на инфраструктура за домување и комерцијални објекти и линиска инфраструктура, со цел одржливо искористување и намена на земјиштето;<br>- Прифаќање на комунални и атмосферски води од објектите, сообраќајната мрежа; | - Дефиниран рецепиент за прифаќање на канализациски и атмосферски води;<br>- Третман на канализациските и атмосферските води;<br>- Квалитетот на испуштени води е во рамките на МДК дефинирани во националното законодавство; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | земјиште, водните екосистеми и екосистемите зависно од вода;<br>- Намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстенции во водите;<br>- Зачувување набиолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите. | - Организирано управување со отпад;<br>- Реупотреба на вишок ископан материјал.<br>Некомпатибилност:<br>- Во урбанистичкиот проект комуналната инфраструкура е само од примарна улична мрежа; | - Добиена дозвола за испуст на канализациските и атмосферските води;<br>- Трендови на емисии на загадувачки материи во животната средина;<br>- Воспоставување на систем за управување со отпадот;<br>- Изработени планови и имплементирани мерки за управување со несреќи и хаварии. |
| Почва | Заштита и унапредување на состојбата на почвата | - Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност;<br>- Заштита на почвата од загадување;<br>- Зачувување на агробиолошката разновидност. | Компатибилност:<br>- Изградба на комунална унфраструктура<br>- Поставување на заштитно зеленило<br>-регулирање на река Далјан<br>- уредување на градежно земјиште<br>некомпатибилност<br>- Генерирање на емисии кои може да го нарушат квалитетот на почвите, особено во случај на инцидентни истекувања на масла, масти, нафта и сл.;<br>-ефект на запечатување на почвата поради изградба на објекти за домување и комерцијални објекти и линиска инфраструктура;<br>-конверзија на обработливо во градежно земјиште. | Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнати страни;<br>Стапка на трансформација на земјоделско земјиште од I-IV класа за неземјоделско користење;<br>Добиени дозволи и согласности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -запечатување на почвата<br>Загуба на агробиолошка разновидност. | |
| Воздух и климатски промени | Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови | - Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот;<br>- Ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат природните системи;<br>- Ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздух;<br>- Намалување на емисиите на стакленичките гасови и зголемно искористување на обновливи извори на енергија;<br>- Намалување на причините и последиците од климатски промени. | <u>Компатибилност:</u><br>- Изградба на инфраструктура за домување и комерцијални објекти и линиска инфраструктура, со примена на мерки за намалување на емисии во воздух;<br>- Поставување на заштитно зеленило.<br><u>Некопатибилност:</u><br>- Урбанизација и пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште. | - Изградба на инфраструктура за домување и комерцијални објекти и линиска инфраструктура со имплементирани мерки за третман на емисиите во амбиентниот воздух;<br>Поставено заштитно зеленило и негова процентуална вредност;<br>- Тренд на квалитет на амбиентен воздух;<br>- Непроеменета здравствена состојба на населението во однос на статистичките податоци пред фазата на имплементација на планот и сл. |
| Бучава и Вибрации | Заштита на лушето и биолошката разновидност од зголемено ниво на бучава и вибрации | - Одржување на нивото на вучава и вибрации до нивоа кои се прифатливи за населението и билошката разновидност. | <u>Компатибилност:</u><br>- Развој на активности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br><u>Некомпатибилност:</u><br>- Генерирање на зголемени нивоа на бучава и вибрации при имплементирање на планските содржини. | - Нивото на бучава и вибрации во рамките на планскиот опфат се во согласност со законските прописи;<br>- Применети се мерки за намалување на нивото на бучава и вибрации; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Број на доставени поплаки за вознемирување од генерирана бучава и вибрации. |
| Материјални добра | Заштита на материјалните добра | - Намалување на количините генериран отпад и негово одрживо управување;<br>- Изградба, заштита и подобрување или санација на системите за водоснабдување, третман на оптадни води;<br>- Подобрување и ефикасно косристење на постојната изградба на нова инфраструктура;<br>- Подобрување и ефикасно користење на постојниот начин на снбдување со електрична енергија и изградба на нова електроенергетска инфраструктура и преносна мрежа;<br>- Поставување на инфраструктура на локации кои не располагаат со значајни вредности. | Компатибилност:<br>- Планирање на просторот во согласност со постојната состоја и потребите од изградба на инфраструктура со цел постигнување на просторен урбан развој;<br>- Подобрување на планскиот опфат на кое не е евидентирано природно наследство, но се наоѓа во граници на простор заштитен како светско природно и културно наследство во Охридски регион;<br>- Изградба на инфраструктура за собирање на канализациони и атмосферски води;<br>- Урбанизација на просторот во согласност со мислењата и препораките за присутната инфраструктура во планскиот опфат и негово опкружување со цел почитување на заштитни зони и стандарди;<br>- Управување со отпадот во согласност со законските прописи.<br>Некомпатибилност:<br>- Зголемување на количините генериран отпад;<br>- При планирањето се обезбедени мислење од Агнецијата за цивилно воздухопловство на РСМ. | - Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>- Добиени согласниости од надлежни иснтитуции;<br>- Примена на препораките од мислењето на ЈП „Водовод“ Охрид;<br>- Изградба на мрежа за зафаќање и одведување на рецепиент на отпадни води;<br>- Добиена дозвола/склучен договор за исписут на канализациони и атмосферски води;<br>- Превземени мерки за заштита на материјалните добра;<br>- Почитување на заштитните зони;<br>- Евидентирани дефекти или конфликти со материјалните добра;<br>- Склучени договори со овластни постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>- Изработени и имплементирани планови за управување со хаварии и несреќи;<br>- Поплаки од населението и правните субјекти. |
| Културно наследство | Заштита и унапредување на | - Зачувување и подобрување на | Компатибилност: | - Препораките пропишани во Планот за управување со Светското |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | културното наследство | историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети. | - Во Планот се препорачува почитување на законските обврски за заштита на вредноста на културното наследство. | природно и културно наследство на Охриднскио регион (2020-2029) се почитуваат;<br>- Евиденција на евентуално откриени и заштитени културни добра. |

## 6.3 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Во Р. С. Македонија изработени се низа национални, регионални, локални стратешки и плански документи документи, кои главно се фокусирани на проблематиката на заштита на животната средина, природата и биолошката разновидност, покрај останатите и на подрачјето каде што се планира реализација на мерките предложени во планот

Во табелите подолу даден е приказ на корелацијата (усогласеност/неусогласеност) на целите за развој и целите за заштита на животната средина со постојните национални, регионални и локални стратешки и плански документи, со целите и активностите од Планот.

Под усогласеност на целите се подразбира дека имплементацијата на целите и активностите, предвидени во Планот ќе придонесат за постигнување на целите на веќе донесените стратешки и плански документи.

Под неусогласеност на целите се подразбира дека имплементацијата на дел од мерките и активностите дефинирани во Планот, заради нивната природа и трендови за развој, не може во целост да се усогласат на ниво на стратешки документ, туку тоа ќе се постигне на пониско ниво во процесот на имплементација на Планот на ниво на планска/проектна документација.

*Табела 13. Планови, програми и стратегии на локално ниво*

| Национални планови, стратегии и програми | Цели на планскиот документ | Врска на документот со измените на планскиот документ |
|---|---|---|
| **Просторен план на Република Македонија** | - Создавање услови за непречено вршење на основните човечки активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржливиот развој;<br>- Децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој со вклучување на принципите на полицентричност и хиерархичност;<br>- Усогласување на динамиката на процесот на просторна прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;<br>- Зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно-образовната, воспитната, рекреативната и други функции;<br>- Зачувување, заштита и унапредување на сите карактеристични претставници на одделни еко-системи и изразити биогеографски подрачја, особено претставници на одделни типови и предели;<br>- целосна заштита на флората и фауната преку заштита на поголеми просторни единици и насочено користење на природните потенцијали во склад со еколошките услови; | **Усогласеност:** При планирањето на просторот се земени во предвид генералните насоки и смерници за урбанизација на предметниот плански опфат врз кои се темели Просторниот план |
| **Просторен план на Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020** | - Обезбедување на развој на локалната економија со почитување на плански определби за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој;<br>- Функционална, економска и социјалната интеграција на регионот;<br>- Заштита и унапредување на природните и рационално користење на создадените добра; | **Усогласеност:** Изработката на планската документација претставува исполнување на целите за просторен развој на регионот, заштита на биолошката и пределската разновидност, односно природното наследство. Концепцијата за просторно планирање на општина Охрид се темели на основните принципи, развојни цели и |

| | | |
|---|---|---|
| | | одредби, дефинирани во Просторниот план за Регионот. |
| **Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)** | - Да се користи механизмот за чист развој според протоколот од Кјото како дополнителна алатка за спроведување на проекти за намалени емисии на стакленички гасови и поттик на руралниот развој.<br>- Обезбедување заштита на природата во Македонија базирана на принципите на „Натура 2000“ мрежата преку засилена имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност и Акциониот План;<br>- Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;<br>- Контрола на квалитетот на воздухот и да се намалат заканите по човековото здравје и функционирањето на екосистемите;<br>- Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето како основа за развој на планови за управување со речни корита;<br>-Да се интензивира фокусот на алтернативни извори на енергија, кои не се штетни за животната средина, развојот на екотуризмот и производството на здрава храна. Понатаму, да се искористат посебните погодности и можности на животната средина во Република Северна Македонија во поттикнувањето на соработката и управувањето во поширокиот регион. | **Усогласеност:** Во Планската документација земен е предвид прифатениот концепт на Република Македонија за одржлив развој како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина. |
| **Национална Стратегија за води (2011-2041)** | - Главна цел на Стратегијата е зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречување на хидро-морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен.<br>- Доволен квалитет на водата за пиење за јавно снабдување;<br>- Потребни количини на вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели; | **Усогласеност:** Во Планската документација се предвидени мерки и активности во однос на управувањето со водите, односно активности за водоснабдување, одведување и третман на отпадните води, заштита на водите, регулација на река и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | - Заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата; - Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br>- Заштита на водата и екосистемите зависни од вода;<br>- Усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори;<br>- Одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | |
| **Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)** | - Воведување стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад;<br>- Воспоставување систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>- Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад;<br>- Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со посебните текови отпад;<br>- Воведување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други капацитети за депонирање на отпадот во согласност со современите стандарди;<br>- Постапно затворање и/или санирање на постојните комунални одлагалишта за отпад и/или индустриски еколошки жаришта. | **Усогласеност:** Планскиот опфат е во градот Охрид, каде е воспоставен систем за превземање, транспорт и одлагање на комуналниот и другите типови на отпад. |
| **Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019)** | Главни цели на Планот се:<br>- одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет; | **Усогласеност:** Бидејќи Планската документација се однесува на домување, комерцијални објекти, не се очекуваат влијанија во воздухот. **Неусогласеност:** |

| | | |
|---|---|---|
| | - подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет;<br>- преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување;<br>- усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух. | Можни се влијанија во воздухот во случај доколку се користат фосилни горива при загревањето на објектите за домување. |
| **Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, (2018 2023), 2019** | - Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност;<br>- Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги. | Усогласеност: Планскиот опфат се наоѓа во урбаниот дел на градот Охрид, каде не се идентификувани значајни или ендемични видови, ниту значајни живеалишта. Но самиот опфат влегува во границите на „Светското природно и културно наследство на Охрдискиот регион“<br>Неусогласеност: пренамена на зелени површини (на државноземјиште) во градежно земјиште, заради дооформување парцели за градба. |
| **Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)** | Нацрт Извештајот за Стратегијата има за цел да се спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки. | Во постапката на усвојување на Планот и спроведување на СОЖС процедурата ќе биде обезбедено учество на јавноста што ќе придонесе во процесот на одлучување и донесување одлуки. |
| Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ 2010-2020 | - Подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси.<br>- Подобрување на условите за живот.<br>Системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развој на механизми за социјално вклучување на ранливите категории на граѓани во локален контекст. | Усогласеност :<br>Намалување на сиромаштија.<br>- Отворање на нови работни места.<br>Намалување на социјални разлики. |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратегија за демографски политики на Република Македонија (2015 – 2024)** | Подобрување на постојните демографски трендови во Република Северна Македонија, преку спроведување на долгорочни политики и подрачја на делување, кои директно и индиректно ќе влијаат на демографскиот развој во Република Македонија. | - Политики за подобрување на условите за нега, грижата, раст и развојот на децата.<br>- Намалување на емиграцијата.<br>- Поттикнување на повратните миграциски текови,<br>Подобрени здравствени и социјални услуги. |
| **Извештај за напредокот во остварување на Милениумските развојни цели за Република Македонија (2008) – МРЦ 7 Одржливост на животнатасредина** | Извештајот го покажува прогресот на РМ во исполнување на глобално прифатените Милениумски Развојни Цели (вкупно 8 развојни цели со повеќе индикатори) кои се однесуваат на севкупниот квалитет на живот (сиромаштија, образование, економски развој, здравствени аспекти, социјалната вклученост, одржливост на животната средина - МРЦ 7).<br>Одржливоста на животната средина е една од заложбите за акција на земјите потписнички на Милениумската Декларација во 2000 год. со цел да се обезбедат човековите сегашни потреби без да се наруши капацитетот на природните системи и да се обезбеди чист воздух, вода, земја и доволно ресурси за идните поколенија. Дефинирани се сегашните | - Директна врска може да се воспостави ако индикаторите за одржлив развој и МРЦ индикаторите и МРЦ 7 индикаторите се земат како репери во локалната самоуправа при креирање на политики на одржлив развој на градот, општината и Југозападниот плански регион. |
| **Програмата за развој на Југозападниот плански регион (2015 2019)** | - Модерна регионална економија базирана врз висока технологија и знаење<br>- Развој на туризмот поврзан со природното и културното наследство, и<br>- Зачувување на квалитетот на животната средина | **Усогласеност:** Имплементацијата на Планот ќе допринесе за социо економски развој на населението (вработување, подобрување на животниот стандард и сл.), а преку тоа и до развој на стопанството и економијата |
| **Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион 2023-2030** | - Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион<br>- Контролирано просторно и урбанистичко планирање и одржлив развој<br>- Контролирано инфраструктурно планирање | **Усогласеност:** При изработката на Планската документација се земени во предвид барањата на управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029) и истите се инкорпорирани во Планот. |

| | | |
|---|---|---|
| | - Планирање и развој на одржлив туризам | Планскиот документ води кон контролирано урбанистичко планирање |
| **План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020 2029)** | - Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион;<br>- Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското езеро;<br>- Развивање на одржлив туризам;<br>- Заштита на пределот (контролирана урбанизација, контрола врз реализацијата на инфраструктурните проекти, контрола врз пренамената на земјоделско во градежно земјиште);<br>- Обновување на урбанистичко-архитектонските вредности. | **Усогласеност:** При изработката на Планската документација се земени во предвид барањата на управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029) и истите се инкорпорирани во Планот.<br>Исто така во Планската документација се пропишани и мерки за заштита на природното и културното наследство. |
| **Акционен план и програма за управување со бучавата во општина Охрид** | - Намалување на нивото на бучава;<br>- Избегнување на последиците по здравјето на луѓето и животната средина во целост, односно создавање услови за подобар квалитет на живеење;<br>- Подобрување на квалитетот на домување во урбаните средини и намалување;<br>- Зголемување на атрактивноста на областа за развој на локален бизнис и туризам;<br>- Вклучување и соработка со сите релевантни изнституции на локално ниво и другите засегната страни во донесување на одлуки. | **Усогласеност:**.Во планскиот документ се пропишани мерки за заштита од бучава |
| **Интегриран катастар на загадувачи на животната средина на општина Охрид** | - Интерираниот Катастар на загадувачи е со цел да се добие основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генерираниот отпад и постапувањето со него, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Охрид;<br>- контрола на успешноста на превземените мерки врз основа на соодветни одлуки и решенија на локално ниво. | **Усогласеност:** во планскиот документ се пропишани мерки со кои намалиле емисиите во загадувачи |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид** | - Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење;<br>- Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот;<br>- Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства. | **Усогласеност:** Со реализација на Планската документација ќе се допринесе до подобрување на туристичката понуда на општина Охрид, во однос на развојот на услуги. |
| **План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 2030 година** | - Зачувување и мониторинг на природното наследство;<br>- Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето;<br>- Управување со шумски живеалишта и екосистеми;<br>- Развој на одржлив туризам и рекреација;<br>- Локален развој. | Во Нацрт Извештајот за Стратегијата Националниот Парк Галичица не е предмет на анализа, заради фактот што се наоѓа надвор од опфатот на ГУП-от за Охрид. |
| **Студија за валоризација на Споменик на природа Охридско езеро** | - Зачувување на составот, структурата, функцијата и еволутивниот потенцијал на биолошката разновидност;<br>- Зачувување на разновидноста на пределот и живеалиштата и на придружните видови и екосистеми;<br>- Зачувување на значајните карактеристики на пределот, геоморфологијата и геологијата;<br>- Обезбедување придобивки за жителите и локалните заедници (во согласност со целите на управување. | **Усогласеност:** Со регулацијата на реката Далјан ќе се постигне заштита на квалитетот на водите во Охридското Езеро од реката |
| **План за управување со Охридското Езеро Споменик на природата** | - Исклучителните природни вредности на споменикот на природата Охридско Езеро се валоризирани, заштитени, зачувани и континуирано следени;<br>- Природните процеси и еколошките функции се одвиваат непречено; | **Усогласеност:** Со регулацијата на реката Далјан ќе се подобри квалитетот на водите во Охридското Езерово делот на вливот на реката во Езерото |

| | | |
|---|---|---|
| | - Поволниот статус на зачувување на живеалиштата и на видовите се одржува со почитување на националното законодавство за заштита на природата и со режимите за зонирање и заштита на заштитените подрачја;<br>- Природните ресурси се користат одржливо и во согласност со националното законодавство за заштита на природата, рибарство и земјоделство. Развиен е концепт на екосистемски услуги за Охридското Езеро и обезбедува одржливо користење на екосистемските услуги, што создава можности за локален економски развој;<br>- Заштитата, валоризацијата и промоцијата на културните вредности на заштитеното подрачје доведува до зголемен интерес за посетители;<br>- Поттикнување и поддршка на локалното вклучување во заштитените подрачја, што ќе придонесе за зајакнување и промовирање на одржливиот локален развој;<br>- Ефективна инфраструктура за посетители, точни информации за кои јавноста е редовно известувана, едукативна програма. | |
| **Стратегија за развој на зеленило на Општина Охрид 2023-2032** | Стратешки цели се:<br>▪ Да се претвори сивото во зелено,<br>▪ Зеленило за сите,<br>▪ Зелени кровови и ѕидови,<br>▪ Да ја донесеме природата во градот,<br>▪ Да зазеленуваме заедно. | **Неусогласеност:** Планот не е во корелација со целите на Стратегијата за развој на зеленило на општина Охрид 2023-2032, бидејќи со Планот се предвидува зголемување на процентот на домување, комерцијални објекти, а намалување на процентот на неизградено земјиште. Намалување на зелениот урбан фонд.<br>**Усогласеност:** Сепак во планот се предвидува почитување на Законот за урбано зеленило и обезбедување најмалку 20% зеленило на градежна парцела |

| | | |
|---|---|---|
| **Локален еколошки акционен план за општина Охрид (2019-2025)** | - Спроведување на барањата за заштита на животната средина на локално ниво;<br>- Поттикнување на сите субјекти кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, особено јавноста;<br>- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на Европската унија во областа на животната средина, на локално ниво;<br>- Спроведување на барањата за заштита и управување со светското природно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион. | **Усогласеност:** Планот ќе обезбеди просторна и функционална организација, која овозможува непречена размена на добра и услуги, оптимална разместеност на дејностите и активностите и нивно неконфликтно користење и истовремено обезбедува зачувување на културниот и урбаниот идентитет на опфатот, темелејќи се на концептот на одржлив развој и придонесувајќи кон остварување на висок квалитет на живот и работа во него. |

# 7.АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

## 7.1 Состојба без имплементација на планскиот документ

Оваа глава од Нацрт Извештајот се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на предвидениот плански документ. СОЖС треба да помогне во идентификацијата на долгорочни одржливи алтернативни решенија, да ги идентификува и процени влијанијата врз животната средина/одржливиот развој за да ја информира јавноста, да даде подршка во изборот на алтернативи и да објасни како тие алтернативи биле избрани. Со други зборови СОЖС треба да го направи процесот на донесување на одлуки поактивен, постратегиски, поодржлив и помалку политички. СОЖС исто така може да обезбеди сигурност дека, во рамките на ограничувањата со кои се соочуваат носителите на одлуки, тие не пропуштиле некои други подобри алтернативи. “Business as usual”, “do nothing” и “do minimum” алтернативите се прилично слични помеѓу себе. “Business as usual” се однесува на продолжување на “статус кво” ситуацијата. “Do nothing” алтернативата се залага за непревземање на никаква активност. Кога станува збор за нова активност, тогаш “business as usual” и “do nothing” се едно исто. Кога активноста веќе постои и кај истата се вршат измени, “do nothing” алтернативата е изводлива. “Do minimum” опцијата претставува ситуација на минимално одржување на постоечките ресурси. “Do-nothing” сценарио – дава проценка за тоа како условите во животната средина ќе се променат со текот на времето без имплементација на планот, т.е. како воопшто и да немало план. Целта е да се идентификува моменталната состојба во животната средина, против која веројатните ефекти од имплементацијата на планот може да се проценат. Влијанието на планот може да се процени како разлика во условите во животната средина со или без имплементација на планот. “Do-nothing” сценариото претставува продолжување на сегашните трендови без никакви промени во политиката или инфраструктурни подобрувања - кои може да бидат предложени во нацрт планот. Тоа ја формира основата за споредба наспроти која ефектите од планскиот документ врз животната средина може да се утврдат.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот. Влијанијата од состојбата без имплементација на планскиот документ може да се поделат во три групи:

1. Социо-Економски влијанија

- Ограничен развој на општината;
- Послаба атрактивност на локацијата;
- Помали економски и финансиски придобивки;

2. Влијанија поврзани со животната средина

- Зачувување на неуреденото зеленило на локацијата и нерегулација на река Далјан

Со инвентаризацијата на терен, анализата на ажурираната геодетска подлога и добиените податоци и информации од јавните комунални претпријатија и други субјекти на државна управа може да се заклучи дека:

- Подрачјето на планскиот опфат се карактеризира со низок степен на изграденост,, освен мал дел на југозапад, каде се изградени неколку станбени куќи.
- Во рамките на опфатот тече реката Далјан, за која е предвидена регулација на коритото, но истата не е изведена.
- Просторот има дефинирана и реализирана сообраќајна и комунална инфраструктура, само од примарната улична мрежа. Исто така утврдено е дека голем дел од опфатот е неизградено земјиште.
- во рамките на опфатот постои заштитно и сообраќајно зеленило, како и високо зеленило покрај реката Далјан. Постои зеленило во дворовите на куќите, додека останатиот дел е неизградено земјиште
- Комуналната инфраструктура и супраструктура се карактеризираат со низок степен на реализација.

Оттука може да се заклучи дека реализацијата на генералниот план е ниска, поради што се јавува потреба од измена и дополнување на ГУП и негова детална разработка во рамките на еден опфат, за да се поттикне спроведувањето на урбанистичките планови преку плански решенија што ќе придонесат за унапредување на уредувањето на земјиштето.

Врз основа кажаното, се препорачува прифаќање на алтернативната на имплементација на планскиот документ со што за потребите од обезбедување на подобра заштита на животната средина се предлага максимално возможно интегрирање на предвидените мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина, пред се оние кои се однесуваат на управувањето фекалните и атмосферските води,отпад, контролата на влијанијата за време на фазата на градба и влијанија врз природно и културно наследство сл. Со реализација на вакво решение ќе се реализираат поставените економски и општествени цели, а ќе се обезбеди соодветна заштита на животната средина.

# 8. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно *''Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена''* извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Притоа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики. Анализата побарува разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ. Оттаму, не се разгледуваат поединечните развојни проекти од типот на домување, комерцијални и деловни намени кои се планираат во планскиот опфат. Во понатамошна фаза на имплементација на ДУП за поединечните развојни проекти иницирани од приватни инвеститори, за секој поодделно треба да се пристапи кон детална анализа на влијанијата и типот на влијанијата во сите фази на проектот во рамки на студии/елаборати. Пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на Урбанистичкиот проект за инфраструктура, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22). Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Измената и дополнувањето на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УБ 4 опфат, општина Охрид во обединета постапка генерално ќе доведе до рационално користење на земјиштето, преиспитување на предметниот простор и редефинирање на наменска употреба на земјиштето на ниво на блок во рамки на урбана единица, додека во рамки на постапката за измена и дополна на ДУП ќе ги редефинира градежните парцели, основните класи на намена, како и дефинирање на архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби. Со следење на мерките наведени во извештајот за СОЖС, влијанијата врз животната средина ќе бидат минимизирани.

## 8.1 Влијание врз квалитетот на воздухот

Реализација на планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 предвидува зголемување на степенот на искористување на градежното земјиште при што се очекуваат одредени нарушувања на амбиенталниот воздух (намалено струење поради градбите), а со тоа и на квалитетот на воздухот. Поради класата на намена која се планира на предметниот опфат како и компатибилните дејности (со намена А,Б,Д,Е), воглавно, не се очекуваат овие влијанија врз воздухот да се значително негативни.

При имплементација на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид, главните влијанија на развојните проекти врз квалитетот на воздухот во подрачјето се очекуваат за време на градбата – изведба на земјени и бетонски работи за поставувањата на темелите и конструкциите на објектите (за домување, комерцијални, деловни објекти) како и изведба на придружната инфраструктура (патна, комунална, телекомуникациска). Очекувани се одредени влијанија од работата на планираните деловните субјекти – заради видот и природата на нивната основна дејност во споредба со сегашната неизградена состојба на локацијата.

Со планскиот документ планирано е изнаоѓање на оптимално решение при решавањето на стационарниот сообраќај (паркирање и гаражирање) во планскиот опфат, што значи зголемувањето на фреквентноста на возилата на самиот плански опфат, што преставува потенцијална можност за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух. Од друга страна, со соодветна патна инфраструктура и паркиралишта ќе се постигне намалување на разнесување на прашина.

За намалување на влијанија, планерот предвидува зеленило (согласно Закон за урбано зеленило 20% од парцела), можност за зелени појаси богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатските промени.

*Детална анализа на влијанија врз квалитетот на воздухот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.2 Влијание врз микроклима

Со реализација на планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, предвидени се објекти со намена домување, комерцијални и деловни објекти кои ќе привлечат голем број на луѓе, а со тоа и зголемен број на моторни возила кои ќе гравитираат во регионот, што ќе влијае дополнително врз воздухот, а со тоа и на микроклиматските услови.

Доколку не се почитува предвидената висина на објектите, процент на изграденост на градежна парцела и предвидено зеленило зададени од планерот, сообраќајните решенија,доволен број на паркинг места, воздухот ќе стагнира во еден потесен или поширок регион и можно е да се појави смог. Сето тоа ќе се одрази негативно на целокупниот животински свет и на човечкото здравје.

Сепак, предвидените плански решенија со обезбедување на заштитно зеленило и хортикултурно уредување во рамките на планскиот опфат, преставуваат основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на микроклимата во опфатот и во поширокото подрачје.

*Детална анализа на влијанија врз микроклимата ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.3 Влијание врз водите

Реализацијата на планскиот документ каде во рамките на самиот опфат, како гранична линија е реката Далјан (во сливот на Охридското Езеро), наметнува потреба од анализа на влијанија врз површинските и подземните води. Реката Далјан во време на поројни дождови се излева од своето природно речно корито. Пороите од сливот и го насипуваат коритото со наноси, така што при голем водостој се случуваат излевања од коритото и поплави во атарите на селата каде реката

поминува. Квалитетот на водата на реката до с.Косел е од прва категорија, а од селото до вливот во Охридското Езеро истата е променлива (еколошкиот статус на реката е умерен). Регулација на Река Даљан во градското подрачје, што претставува всушност и граница на урбаниот опфат, сè уште не е направена. Реката Далјан е една од жешките точки во сливот на Езерото, поради внесот на нутриенти и седименти во Езерото. За потребите за изработка на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4, плански период 2024-2034 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4, опфат 1, плански период 2024-2029, Општина Охрид во Обединета постапка изработена е Хидролошка студија за регулација на коритото на Река Далјан, донесена е Одлука за определување крајбрежен појас на водотек река Даљан опфатена со измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 Од општина Охрид со бр.08-2489/31 донесена на 28.02.2025, врз основа на што и истата има добиено решение за согласност од МЖСПП на 12.2.2025 донесена е одлука за што е дадено решение за согласност од МЖСПП. Со тоа, влијанијата од реката Далјан врз Охридското Езеро ќе бидат намалени.
За градежната парцела со класа на намена Б2 големи единици за трговија не е предвидена поединечна намена затоа што во неа е предвидена рамковна површина за градба која ќе се разработи со урбанистички проект, во рамките на кој ќе се дефинираат соодветните поединечни намени.
Од друга страна со повеќе објекти со намена А и Б се зголемува и притисокот од отпадни води, а пак согласно Планот за управување со сливот на Охридско Езеро, несоодветното управување со отпадни води. т.е. испуштање на отпадни води, со сигурност е еден од најважните извори на загадување во сливот на Охридското Езеро. Врз основа на анализата дадена во Планот за управување со сливот, стапката на домаќинства кои имаат приклучок во јавниот систем за собирање на отпадни води во сливот изнесува 72%; останатите 28% се претпоставува дека користат септички јами за испуштање на отпадните води. Дополнителен важен аспект е присуството на голем број туристи во регионот, и особено како се распределени туристите и ноќевањата во текот на годината, коешто создава значаен дисбаланс во однос на загадувањето на водните тела. Исто така, покрај тоа постои ПСОВ Враништа и неколку станици од помал обем (децентрализирани) за локалните туристички објекти околу езерото, тие во моментов се соочуваат со одредени проблеми и ограничувања во секојдневното работење. Со оглед на тоа што планскиот документ предвидува намена домување,но и угостителски и комерцијални објекти особено е битно да се реши управувањето со отпадните води, со цел да се спречи дополнителен притисок врз Езерото, особено поради изградба на овие објекти покрај река. Во таа насока е и мислењето бр. 11-5751/2 од 03.10.2024 година, што е дадено од стана на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на заштите на водите, се напоменува обврската на инвесторите да обезбедат водостопанска согласност за изградба на објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои поминуваат преку или под површинските води. Во графичките прилози на планскиот документ е преземен постоечкиот вод од дописот од ЈП Водовод Охрид, а новопланирани водоводни цевки како и фекална канализација се предвидени по Новопланирана улица 1, Новопланирана улица 2 и Новопланирана улица 3, во рамките на опфатот.
Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градската водоводна мрежа со доизградување на секундарната водоводна мрежа. Од ЈП Водовод Охрид со допис бр. 09-767/1 од 09.04.2024 година се добиени податоци за постоечка хидротехничка инфраструктура водоводна мрежа. Во дописот е потенцирано дека во рамките на планскиот опфат поминува водоводна мрежа со Ø300mm. Планските решенија за комуналната инфраструктура и одведувањето на фекалните и атмосферските води од планскиот опфат нема да дозволат истите

неконтролирано да се испуштаат во непосредната околина. Според тоа, не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води.

Воглавно, влијанија врз водите се очекувани пред се во градежна и оперативната фаза на објектите, при што ќе се генерираат отпадни: технолошки, санитарни и атмосферски води. Доколку неправилно се управува со отпадните води, истите може да имаат влијание врз квалитетот на површинските и подземните води, односно да го нарушат квалитетот на подземните води и површинските води (Охридското Езеро). Во текот на изградбата може да биде загрозен квалитетот на подземните води, заради манипулацијата со градежните машини и другите градежни активности (земјени работи и слично). Подземните води може да бидат загрозени од евентуално испуштање на масти и масла од градежните машини во текот на изградбата. Во фаза на градба потребно е да се преземат мерки на добра градежна практика кои превентивно ќе влијаат на спречување на негативни влијанија на проектните активности врз водите.

*Детална анализа на влијанија врз водите ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.4 Влијание врз почвата

Имплементацијата на планскиот документ ќе влијае преку трајно покривање на почвата во делови од УЗ 4, УБ 4.4. поради изградба на инфраструктура, како изградба на објекти, патишта односно - запечатување на почвата.

Со запечатување со трајна пренамена на земјиштето кои во сегашната состојба е неизградено и на делови се обработува- се губат некои од основните функции на почвата и можно е намалување на природниот капацитет за инфилтрација. Од друга страна конверзијата на обработливо во градежно земјиште влијае на бонитетот на почвата.

Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел заштита на медиумите на животната средина, вклучувајќи ја и почвата, со добро компонираните плански решенија за инфраструктурата од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран во рамките на планскиот опфат, како и обезбедување на доволно зелени површини нема да се очекуваат значителни влијанија врз почвата. Со ваквите решенија се дава можност, работењето на идните деловни субјекти, како и инфраструктурните објекти да се остварува нормално и со доследно спроведување на законските обврски за да се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат и надвор од него. Индиректно негативно влијание врз квалитетот на почвата од планираните капацитети се проценуваат како не многу значајни, со оглад на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидените дејности.

*Детална анализа на влијанија врз почвите ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.5 Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство

Заканите врз биодиверзитетот поврзани со развојот на урбанизацијата се манифестираат во директното зафаќање на живеалиштата и вознемирување на видовите, предизвикани од често

неконтролираната и дисконтинуирана урбанизација и испуштањето на непречистени отпадни води во водните тела. Градежништвото, преку пренамената на земјоделско земјиште, доведува до загуба на продуктивно земјиште, значајно за агробиолошката разновидност.

Од аспект на влијание врз бидиверзитет, се очекува влијание врз рипариската или крајбрежна вегетација кој преставува простор со вегетација што го следи брегот по река Далјан. Очекуваните влијанија ќе се манифестираат преку неколку активности:

- Влијанија од истекување на горива, масти и масла во близина на река Далјан
- Влијанија од градежен отпад и градежни материјали во близина на река Далјан
- Влијанија од присутво на работници и бучава од градежна механизација
- Вознемирување на животните и предизвикување на миграција

Со оглед на дисконтиниуураниот карактер и степен на деградација на рипариското живеалиште долж реката Далјан во планскиот опфат и со превземање на мерки предложени во поглавје 9 (но и подетални во рамки студија за ОВЖС/Елаборат), овие влијанија не се очекува да бидат значителни. Во однос на останатите градби во опфатот ,техничката имплементација на инфраструктурните проекти и активностите за реконструкција/изградба/уривање на системите, може да предизвикаат негативни влијанија врз локалитетите каде истите ќе се имплементираат и интензитетот на влијанијата ќе зависи од изборот на локацијата, чувствителните рецептори, како и од развојните активности во областите каде истите ќе се градат. Овие влијанија подетално ќе се разгледуваат на ниво ОВЖС/елаборат. Подетално разгледување на влијанијата врз биодиверзитетот и планирање на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето неопходно е да се направи на ниво на техничка и проектна документација при познати технички детали. Во услови на повеќе познати детали, а во зависност од обемот и потребите, за други помали поврзани проекти можеби би било неопходно да се спроведе оценка на влијанието на ниво на елаборат за заштита на животна средина.

*Детална анализа на влијанија врз биодиверзитетот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.6 Влијание врз пределот

Имплементацијата на планскиот документ се очекува да предизвика промени на визуелниот лик на пределот како резултат на предвидените објекти кои ќе се изградат на неизградено земјиште. Сепак се очекува влијанијата да бидат со мал интензитет бидејќи од областа на заштита на природата и културата, урбанистичката документација е усогласена со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспаснкиот регион, како и Законот за управување со светското културно наследство во Охридскиот регион и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и ПУПКОР, на тој начин, што врз основа на режимите на заштита, се организирани активностите за разработка на планската документација и изградба на градби, кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

Со реализација на  ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1 промени во пределот се очекуваат при активностите кои ќе се превземаат на теренот во облик на расчистување, копање на темели, доаѓање и присуството на големи транспортни возила, камиони и друга механизација потребна за транспорт на градежниот

материјал и конструкциите, довод на електрична енергија, водоснабдување и одведување на отпадни води на предметната локација.

Особено битно е предвидените објекти да ги почитуваат насоките дадени од планерот а произлегуваат од Планот за управување со природно и културно наследство на Охридскиот Регион да нема изградба на објекти повисоки од П+4 ката и поголем процент на изграденост од 50%, нема да има значителни влијанија врз пределот.

Генерално земено имплементацијата на планската документација нема да има значително влијание на пределот, ќе доведе до пејсажна и функционална компонираност со постојната инфраструктура и ќе делува како осмислена урбанизирана целина во која покрај градежните објекти се предвидени зелени површини, хортикултурно уредување и регулирање на река со ерозивен карактер.

*Детална анализа на влијанија врз пределот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.7 Влијанија врз културно-историското наследство

Согласно добиените податоци и информациите од Управата за заштита на културно наследство бр. 17-1519/2 од 09.04.2024 година за изработка на Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4, општина Охрид, констатирано е дека планскиот опфат се наоѓа во близина на археолошкиот локалитет „Хермелеја“ и археолошкиот локалитет „Козлук“, како и преставува дел од природното и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО.

Согласно добиените податоци и информации од Националната Установа Завод за Заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, бр. 13-613/2 од 28.05.2024 година, констатирано е дека нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети, согласно Законот за заштита на културното наследство.

Но, планскиот опфат, согласно оддел 9.2.2. Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот регион од „Планот за управување до Светското природно и културно наследствона Охридскиот регион со Акциски План 2020-2029“ („Сл. Весник бр.45 45/2020), опфатот се наоѓа во Зона III а, каде се предвидуваат низа мерки со посебен режим на заштита, кои треба да се почитуваат во планското решение каде според заштитните мерки максималната дозволена катност е П+4 и процент на изграденост од 50%. Третата зона е простор со поретка концентрација на културно наследство, а во конкретниот опфат нема видливо или познато културно наследсвто, па затоа се прифатливи сите интервенции кои се во склад со развојните стратегии на општина Охрид, но со придржување на основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката за урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и рбота со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејсажот и хармонијата во целина.

Новите градби треба да имаат:

- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот обрзец на околните градби, доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;

- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Во рамките на планскиот опфат се предвидени градежни парцели со намени А1 домување во куќи, А2 домување во згради, Б2 големи единици за трговија и Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија трафостаници. Од класата на намена А1 се предвидени објекти со поединечни намени А1.1 станбени куќи слободностоечки и А1.2 станбени куќи со споен ѕид на меѓа двокуќи. За нив е предвидена катност од П+2 и висина до венец од 7.5m и 9m, во зависност од потребните растојанија до граница на градежна парцела за да може да се предвидат отвори со парапет помал од 1,6m. Од класата на намена А2 се предвидени објекти со поединечни намени А2.1 станбени згради слободностоечки блокови и кули и А2.2 станбено-деловни згради, слободностоечки, во низи, во периметрална формација и др. За овие објекти е предвидена максимална катност од П+3 и висина до венец од 12,1m, што е во рамките на дозволеното за IIIa зона од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020 2029). Градбите со намена Б2 и Е1.8 се предвидува да бидат приземни со висина од 9m и 4m, соодветно. Процентот на изграденост во рамките на опфатот се движи од 25,4% до 50%, што е во рамки на дозволеното за IIIa зона од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020- 2029).

За овој плански опфат нема потреба од изготвување на Заштитно-конзерваторски основи, солгасно Член 71 став (10) од Законот за заштита на културно наследство („Сл. Весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи солгасно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

*Детална анализа на влијанија врз културното наследство ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.8 Влијание од зголемено ниво на бучава

Имплементацијата на планскиот документ значи и зголемување на нивото на бучава во опфатот каде моментално нема изградени објекти. Интензитетот на бучавата ќе биде зголемен во фазата на имлементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и реализацијата на секој поединечен проект. Фазата на изградба е поврзана со градежни активности како извори на бучава. Вознемирувањето од страна на човекот преку разни активности, рекреативни активности и туризам се можни закани по однос на бучавата. Зголемувањето на опфатот со домување, можност за развојот на туризам како и зголемувањето на атрактивноста на локацијата и привлекувањето на туристи може долгорочно да резултира со промени во нивоата на бучава и релативно мирниот карактер на локацијата. Обемот и интензитетот на влијанијата од бучавата како во фазата на изградба, а особено во оперативната фаза детално и соодветно треба да бидат определени и оценети во рамки на студијата, односно елаборатите за заштита на животната средина.

*Детална анализа на влијанија од бучава емитуван во животната средина ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите*

## 8.9 Управување со отпадот

Управувањето со отпадот генерално претставува проблем за целиот регион поради несоодветното собирање на комуналниот отпад, недостапноста за собирање и транспорт на комуналниот отпад на одредени места и постоењето на ѓубришта т.н. диви депонии. Проширувањето на опфатот со нови парцели за домување и очекуваниот развој на поширoката локација со комерцијални објекти, како и идното очекувано зголемување на атрактивноста на локацијата и привлекување на туристи ќе значи зголемено влијание во однос на количините и видовите отпад. Сето тоа дополнително би се одразило на состојбата со управувањето со отпадот во околината.

Предвидените објекти на ГП 4.4.01 пред се намена Б2- големи единици за трговија, се очекува да генерираат големи количини на комерцијален отпад кој предвидено е да се складира на истата парцела на дел со намена Г4. Овој комерцијален отпад кој ќе биде застапен според природата на дејностите кои ќе се одвиваат во планскиот опфат треба да биде третиран од страна на овластени фирми. Доколку отпадот уредно се селектира и собира во контејнери, а после тоа и организирано се транспортира на депонија се очекува влијанијата од генерирањето на отпад да бидат сведени на минимум.

Решавањето на проблемите со отпадот ќе допринесат во добар дел за решавање и на други поврзани со тоа проблеми, како што се влијанија врз воздухот и водите, како и хигиената во градот.

Регионалниот план за управување со отпадот за Југозападниот регион поставува конкретни цели за одредени аспекти од управувањето со отпадот кои произлегуваат од националните и ЕУ целите. Тие цели, неопходно е да бидат преточени и соодветно рефлектирани во ГУП-от и на пониско ниво на ДУПови и проектна документација. Меѓу нив, особено се важни целите за собирање на отпадот, негова селекција, како и намалување на процентот на отпад што завршува на депонијата.

*Детална анализа на влијанија од управувањето со оптадот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите*

## 8.10 Влијание врз населението и социо-економските услови

Измената и дополнувањето на ГУП концептот за просторен развој произлегува од постојната состојба, увидот на терен и потребите на инвеститорите, општината и сопствениците на земјиштето. Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението. Со имплементацијата на урбанистичката планска документација, се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на Општината и пошироко, како што е подобрување на бизнис климата, развој на комерцијални, трговски и угостителски дејности, зголемување на нивото на животен стандард, користејќи ги притоа предностите што ги нуди местоположбата на градежната парцела со намена домување добрите комуникациски врски.

Реализацијата на планската документација би предизвикала позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и реденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на ниво инвестициони вложувања.
Подобрената социо-економска состојба на населението, ќе се подразбира преку нови места за домување (Домувањето од 5,5 се ззголемува на 14% а згради на 7,78%), зголемено анагажирање на расположлива работна сила преку привремени и постојани вработувања во објектите и останати деловни и комерцијани објекти, истовремено на краток и среден рок ангажирајќи работници за потрабите на изградбата на самите објекти, како и на потребната инфраструктура за потребите на целиот опфат. Ќе се придонесе да се зголемат вкупните инвестиции во регионот, што ќе се одрази со подобрена инфраструктура и комунални и социјални услуги на населението.
На УЗ 4, УБ 4.4. има неколку куќи но и земјиште кое се обработува. Доколку настане раслеување и одземање на земјиптето, очекувани се социо-економски влијанија, кои со почитување на националното закондавство кое се однесува за експропријација = ќе бидат намалени.
*Детална анализа на влијанија врз социо-економските аспекти ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите*

## 8.11 Влијание врз човековото здравје

Можни се влијанија врз здравјето на луѓето, во фазата на градежните работи, односно градењето на планираните објекти, како и комплетирањето на потребните инфраструктурни мрежи (сообраќајни мрежи, комунални мрежи и др.). Влијанијата би се однесувале на влијанија од зголемена бучава, издувни гасови од возилата, прашина, вибрации, отпад и др. Овие влијанија Според извршената инвентаризација во рамките на планскиот опфат со вкупна површина од 146927m2 (14,69ха) постојат девет објекти со намена А1 и три помошни објекти. Има 8 домаќинства и вкупно 25 жители. За планскиот опфат на ДУПот, констатирано е дека постои еден објект со намена А1, кој е во изградба, па оттука и нема постојано население. Очекувани се одредени влијанија врз нив, за што конкретни мерки ќе се разработуваат на друго ниво. Потребно е почитување на националното законодавство.
*Детална анализа на влијанија врз човековото здравје ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите*

## 8.12 Прекугранични влијанија

Со имплементација на планскиот документ не постои опасност од појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на изградба, ниту во оперативната фаза, заради доволната одделеченоста на градот од границите на Р.С.Македонија и заради релативно малиот обем на работи поврзани со реализацијата на објектите и инфраструктурата на локациите/зоните.

## 8.13 Кумулативни влијанија

Иако можеби самиот плански документ предвидува интервенции од локален карактер, сепак во комбинацијата со други проекти и развој на туризмот може да има поголем ефект врз животната средина. Согласно стратегијата за туризам идниот развој на Охрид подразбира

активирање на атрактивните и рецептивните потенцијали за развој на туризмот. Оттаму урбанизирање на планскиот опфат може да поттикне урбанизација во околните зони. Од друга страна со повеќе објекти со намена А и Б се зголемува и протисокот од отпадни води, а пак согласно Планот за управување со сливот на Охридско Езеро, несоодветното управување со отпадни води. т.е. испуштање на отпадни води, со сигурност е еден од најважните извори на загадување во сливот на Охридското Езеро. Со оглед на тоа што планскиот документ предвидува намена домување, но и угостителски и комерцијални објекти особено е битно да се реши управувањето со отпадните води, со цел да се спречи дополнителен притисок врз Езерото.

## 8.14 Влијанија од несреќи и хаварии

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание од несреќи и хаварии кои може да бидат изразени преку:

- Ризик од електрична опасност
- Ризик од експлозија
- Ризик од пожар
- Ризик од земјотрес
- Метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави,
- Инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти и технолошки непогоди
- -можност за поголеми загадувања на површинските и подземните води поради хаварии при транспорт на штетни материи, но исто така и за перманентни микро загадувања;

Опасностите при користење на електрична енергија треба да бидат опфатени при проектирање и изведба на објектите во состав на урбаните опфати. Ризикот од експлозија и пожар е присутен како во фазата на изградба така иво функционалната фаза.

Природни катастрофи можат да бидат земјотресите, кои може да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Охридскиот регион е сеизмички активно подрачје, што значи дека областа се наоѓа во зона на очекувани земјотереси. Како природна непогода или катастрофа претставуваат и поплавите и надоаѓањето на големи води, бранови од езерото а од останатите метеоролошки појави кои може да имаат карактер на природни непогоди и катастрофи се: појава на град, силни ветрови и магли.

Заради конфигурацијата на теренот истиот е под ризок од два вида на опасности од поплави и тоа поплаав од појава на подземни води и поплави од река Даљан при пројни дождовни води.Исто така ризик претставува и непосредната близина на Охридското Езеро . Техничко-технолошки катастрофи, односно хаварии и несереќи може да се јават за време на функционирање на објектите. Поради тоа е потребно да биде изготвен план за управување со хаварии и несреќи кој ќе биде составнен дел во елаборатот, односно студијата за влијание на проектот врз животната средина и здравјето на човекот.

Валоризацијата на природните и културните карактеристики, нивните погодности и ограничувачки фактори представуваат појдовна основа на планирањето на просторот во Охридскиот регион. Оттаму, при анализа на влијанијата посебно внимание е посветено на

влијанијата врз заштитеното светско наследство. Во Документационата основа на планскиот документ анализирани се цела низа природни карактеристики, а заедничко за сите е што ниту една од нив не претставува фактор на ограничување на просторниот развој на градот, но секако имаат влијание врз некои негови аспекти.

# 9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина во поглавје 8, ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија. Изработка на нови и измена и дополнување на урбанистички планови во Охридскиот Регион мора да се во согласност со заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. Во таа насока општина Охрид треба да обезбеди позитивно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион што е обврска согласно член 17 од Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

Конечните мерки, утврдени со точна локација, вид и обем на активности, ќе бидат дефинирани низ постапки за конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина (за секој проект/објект поединечно). На тој начин мерките за заштита на животната средина и културно наследство ќе се вградат во проектот и ќе бидат земени предвид при изведбата.
Имплементацијата на препораките даден во СОЖС, но и во подоцнежна фаза на ниво на проект, пред се зависи од заложбата на надлежните органи, како и од инвеститорите.

### 9.1 Мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот и микроклима

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и микроклимата од имплементацијата на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид во обединета постапка се предлагаат следните мерки:

- Почитување на законски барања за заштита на воздухот;
- Да се осигура постоење ефект на разладување со соодветна ориентација на објектите, улиците и отворените простори, % на пропустливи површини но и со зачувување на односот меѓу висината на објектот и растојанието на објектите и ширината на улицата;
- При планирањето и изградбата на капацитетите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Избегнување на користењето на фосилните горива како енергетски ресурс;
- Третман на емисиите во воздух и контрола на емитерите;
- Користење на обновливи извори на енергија онаму каде е возможно;
- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија и гас како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;

- Енергетска ефикасност на градбите;
- За подобрување на квалитетот на воздухот на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатските промени.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.2 Мерки за намалување на влијанието врз водите

Заради значењето и важноста на Езерото и заштитата на природното наследство, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува било какви негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина.

Со цел заштита на водите од реализација на планскиот документ, се предлагаат следните мерки:

- За објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои поминуваат преку или под површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, инвеститорите имаат обврска да обезбедат **водостопанска согласност за изградба на објекти**.
- -Да се обезбеди **Дозвола за испуштање во водите** на правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државна управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанци во реципитиентите, под услови и на начин утврдени со Законот за водите како и Дозвола за користење на подземните води издава Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, **забрането е, освен со дозвола или согласност** издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци;
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

- Регулацијата на речното корито е наведена во подзаконските акти ’’Крајбрежните и земјени зафати за заштита од ерозија и заради регулација на површински водни тела’’ како инфраструктурен проект за кој задолжително се изработува оцена на влијание врз животната средина (студија/елаборат). Потребно е да се изработи писмо за намера и да се достави до МЖСПП и да се анализираат детални влијанијата од оваа активност врз животната средина.
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:

  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина Сектор за води.
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
  - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот. за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5 м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.

- Регулација на коритото на река Далјан со цел да се заштити реката од загадувања, да се спречи излевање и уреди речното корито; крајбрежниот појас да се озелени со автохтони видови на дрва (врба, топола и сл.)
- Строго почитување на крајбрежен појас зад надворешна граница на регулационо корито со ширина од 3м од двете страни на речното корито на река Даљан, во согласност со донесена Одлука за определување крајбрежен појас на водотек река Даљан опфатена со измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 од општина Охрид со бр.08-2489/31 донесена на 28.02.2025.
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Соодветен третман на фекалните и другите отпадни води во пречистителни станици (поединечно за секој корисник или групни по договор);
- За време на изведба на градежните зафати задолжително да се контактира Техничката служба од ЈП “Водовод” – Охрид
- За комерцијалните објекти да се изработи План за управување со отпад;
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите

за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи

- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на емисии во води се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект*

## 9.3 Мерки за намалување на влијанието врз почвата

Со доследно спроведување на мерките предвидени за води, ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат надвор од него.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно. Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија. Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Се предлага мерките за заштита на почвата да се вградат во Оперативен план, кој ќе биде подготвен од експерт од таа област и воведување на строг и перманентен мониторинг на спроведување на планот.

- За подобрување на состојбата со почвите на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на почвите во поширокото подрачје.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на емисии во почва се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.4 Мерки за намалување на влијанието врз биодиверзитет и природното наследство

Со Законот за зашита на природата (“Службен весник на РМ” бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја. Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и

заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

За намалување на влијанијата врз биолошката разновидност се препорачува:

- Почитување на Законот за урбано зеленило. Во планираните активности на планската документација вклучени се заштитни појаси за заштита на просторот. Овие објекти ќе имаат позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина. Сите овие активности ќе служат за зачувување и збогатување на амбиентот на просторот. Потребната површина за зеленило ќе се утврди со проектната документација во зависност од потребите за градбата. Во рамките на парцелата треба да се обезбеди најмалку 20% од површината градежна парцела за зеленило. Од вкупната површина на градежната парцела треба да се обезбеди најмалку 20% слободна неизградена површина за дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило. Согласно Планот за зеленило на ДУПот за Уз 3,УН 4.4 опфат 1 даден во Прилог, предвидено е високо и ниско зеленило долж сообраќајницата и северната страна накај реката Далјан
- Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, почвата, воздухот, управувањето со отпад, бучава, мерките за заштита од несреќи и хаварии индиректно ќе се ублажат негативни влијанија врз флората и фауната;
- Обезбедување на соодветна инфраструктурна мрежа, особено водоводна и канализациона;
- Регулација на коритото на река Далјан со цел да се заштити реката и Езерото од загадувања, да се спречи излевање и уреди речното корито;
- Регулацијата на речното корито е наведена во подзаконските акти ’’Крајбрежните и земјени зафати за заштита од ерозија и заради регулација на површински водни тела’’ како инфраструктурен проект за кој задолжително се изработува оцена на влијание врз животната средина (студија/елаборат). Потребно е да се изработи писмо за намера и да се достави до МЖСПП и да се анализираат детални влијанијата од оваа активност врз животната средина.
- Строго почитување на крајбрежен појас зад надворешна граница на регулационо корито со ширина од 3м од двете страни на речното корито на река Даљан, во согласност со донесена Одлука за определување крајбрежен појас на водотек река Даљан опфатена со измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 Од општина Охрид со бр.08-2489/31 донесена на 28.02.2025.Оваа одлука е донесена врз основа на Хидролошката студија и истата има добиено решение за согласност од МЖСПП на 12.2.2025.
- За да се избегнат негативните последици врз речниот екосистем, неопходно е да се преземат мерки за обновување на функционалноста на рипариските крајречните станишта. Подрачјата за ревитализација по течението на реката имаат најголем удел во подобрувањето на функционалноста на рипариските станишта. Оттаму се предлага во крајбрежниот заштитен појас од најмалку 3 метри од двете страни на регулираното корито на реката Далјан, засадување на дрвја како: белата топола (*Populus alba* L.), белата врба (*Salix alba* L.), кршливата врба (*Salix fragilis* L.), евлата (*Alnus glutinosa* (L.) Gaertn.) и црната топола (*Populus nigra* L.).
- За спречување на загадување на езерото при изведба на градежните работи се предлага:

  - Зафаќање на минимален простор за работа во речно корито;
  - Проверка на исправност на возила и механизација пред влез работа во близина на или во речно корито;
  - Спречување на непотребно задржување на возила и механизација во речно корито;
  - Спречување на одложување на отпад во речно корито (отпад создаден од градежни активности во коритото) и негово изнесување надвор;
  - Спречување на внесување и/или складирање на опасни материјали во речно корито (садови со гориво, масти и масла и слично);
  - Планирање на времето на работа, со цел избегнување на чувствителните периоди од годината, како период на мрестење, миграција, развој на крајбрежна вегетација, гнездење на птици;
  - Избегнување на непотребно расчистување на вегетацијата;
  - Избегнување на расчистување на целата локација оддеднаш за да не се остави подлогата подолго време изложена на влијанија
- Следење и имплементирање на препораките пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и мислењето на Комисијата;
- Доколку при изработката на урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за заштита на биодиверзитетот и природното наследство се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.5 Мерки за намалување на влијанието врз пределот

За намалување на влијанијата врз пределот се препорачува:

- Доследно следење и имплементирање на препораките пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и комсијата;

Површините за градење кои ќе се дефинираат со плановите од пониско ниво да бидат усогласени со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со

Акциски план (2020 2029). Опфатот спаѓа во IIIа зона каде е дозволена максимална катност од П+4 и максимално дозволен процент на изграденост од 50%. Новите градби треба да имаат:

- Ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- Габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
- Силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- Висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите;

- Придржување кон основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејзажот и хармонијата со целината.

- - Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, почвата, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии;
- Да се осигура постоење ефект на разладување со соодветна ориентација на објектите, улиците и отворените простори, % на пропустливи површини но и со зачувување на односот меѓу висината на објектот и растојанието на објектите и ширината на улицата;
- При планирање и изградбата на објектите да се внимава на висината на објектите за нивно вклопување во амбиентните целини на просторот;
- Обезбедување на соодветна инфраструктурна мрежа, особено водоводна и канализациона;
- Почитување на законот за урбано зеленило. Во планираните активности на планската документација вклучени се заштитни појаси за заштита на просторот. Овие објекти ќе имаат позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина. Сите овие активности ќе служат за зачувување и збогатување на амбиентот на просторот. Потребната површина за зеленило ќе се утврди со проектната документација во зависност од потребите за градбата. Во рамките на парцелата треба да се обезбеди најмалку 20% од површината градежна парцела за зеленило. Од вкупната површина на градежната парцела треба да се обезбеди најмалку 20% слободна неизградена површина за дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанија врз пределот се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.6 Мерки за намалување на влијанието врз културното наследство

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објекти, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 14/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18). Во таа смисла, изведувачот е должен:

- Да го пријави откритието според член 129 став 2 од Законот;
- Да ги запре градежните работни активности и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап; и
- Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени. Според член 129, доколку откриените предмети се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита, изведувачот на работите е должен:
- Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата според член 66 на овој Закон, а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат;
- Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Исто така, наведено е дека предметниот простор претставува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирањето и проектирањето треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопувањетона објектите во амбиентот.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Во предметниот локалитет не постојат објекти од културно историски градби, но уранистичкото планирање максимално треба да ги почитува забранетите активности во заштитната зона III-а. Постојните и новите градби во однос на висината и процентот на изграденост потребно е да се во рамките на пропишаните мерки за градба.

Целта на планирањето за заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

## 9.7 Мерки за намалување на влијанието од зголемено ниво на бучава

Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучава се:

- Урбанистички планови да обезбедат спроведување на мерки и услови за заштита од бучава преку оптимален распоред на функциите во просторот, кои се однесуваат на инфраструктурата, индустриските, станбените, рекреативните и други објекти и да се планираат тивки зони со утврдување посебен режим на користење на тивките зони;
- -Доколку се планираат дискотеки, ноќни барови и други објекти за забава и рекреација да се поставуваат на локации оддалечени од станбени објекти, согласно законските прописи. Согласно Член 31 од Правилникот за минимално технички услови за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на туристичката понуда диско клубот на отворен простор треба да биде оддалечен од станбените објекти во радиус од најмалку 300 m воздушна линија;
- Да се изведуваат градби, кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава што се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација во градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- Да се вгради или постави соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- При градба на објектите задолжително да се применуваат специјални прозори за заштита од бучава, врати, ролетни, звучно изолациони ѕидови, кровови и сл. Инсталирањето на овој вид заштита ќе даде голем допринос во намалувањето на бучавата во објектите, а од друга страна ќе даде допринос во намалување на загубите на топлинска енергија. Примената на овие мерки најмногу ќе допринесе за намалување на бучавата во внатрешните простории на станбените објекти. Целите на заштита ќе бидат постигнати така што интензитетот на бучава во просториите ќе биде 40 dB(A) во текот на денот и 30 dB(A) во текот на ноќта.
- Доколку содржините предвидени со планот претставуваат извори на штетна бучава, потребно е истите да бидат усогласени со "Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава" (Сл. весник на Р.М. бр. 1/09 и 38/13), според која ќе се одреди максимално дозволено ниво на бучавост во зависност од намената на објектот и содржините во непосредна близина на тој објект и нивната оддалеченост од истиот.
- Се препорачува во иднина при планирање на просторот и користење на земјиштето и при издавање решенија за пренамена од станбен во деловен простор и дозволи за работа особено на угостителски објекти, целосно вклучување на сите релевантни надлежни органи, подетални инспекциски надзори, почитување и имплементација на законската регулатива во сите сегменти на работа.
- За спречување на бучава, на сите слободни површини особено околу сообраќајниците да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите.

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на емитување на бучава се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.8 Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од управувањето со отпадот

Мерките за намалување на влијанијата од управувањето со отпадот се однесуваат на доследното исполнување на законските обврски за управувањето со отпадот, посебно на опасниот отпад, кои се во надлежност на операторите каде тој се создава. Останатите мерки треба да се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ, како:

- Намалување на количината на депониран отпад преку воведување на систем за селекција, рециклирање и реупотреба на отпадот како секундарна суровина.
- Воспоставување на инфраструктура за управување со и отпад.
- Во планскиот пафат во оперативна фаза треба да се обезбеди (универзална) услуга за собирање, третман и отстранување на неопасниот (главно комуналниот) отпад. За таа цел треба да се оптимизираат тековните шеми за собирање и третман и да се направат неопходните инвестиции во опрема за селекција на отпадот.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за управување со отпад се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.9 Мерки за намалување на влијанието врз населението и социо-економските услови

Спроведувањето на планскиот документ се очекува позитивно да влијае врз демографскиот развој на населението во околината. Со изградба на планираните објекти ќе се ублажи состојбата од социоекономски аспект, поради обезбедување на нови објекти за домување, потенцијални

вработување за време на изградбата, како и за време на оперативната фаза. Мерки кои се предлагаат се:

- Обезбедување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до секоја градба;
- Обезбедување на пешачкото движење во функција на инвалидизирани лица, без бариери;
- Обезбедување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствените парцели,
- При изработка на урбанистички проекти и проектна документација да се планира надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.
- Обесштетување на населението согласно законска регулатива
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за намалување на влијанија врз населението се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.10 Мерки за намалување на влијанието врз човековото здравје

Мерките за заштита на човековото здравје се вградени во добро компонираните плански решенија на овие измени и дополнувања на ГУП. Доследното спроведување на овие плански решенија за сообраќајната и комуналната инфраструктура, заштитно зеленило и хортикултурно уредување ќе доведе можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински иподземни води и воздух) да биде сведена на минимум, што ќе биде доволна гаранција за директа и индиректна заштита на човековото здравје. Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и процесот на изведба на објектите планирани во рамките на опфатот, ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

## 9.11 Мерки предвидени за заштита од несреќи и хаварии

Согалсно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. Весник на РСМ” бр. 199/14) како и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. Весник на РСМ” бр. 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Законот за градење (“СВ на РСМ” бр. 130/09,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 168/16), Подрачното одделение Охрид на Дирекција за заштита и спасување на РСМ, информира дека Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4, УБ 4.4 опфат 1, Општина Охрид, РСМ.
Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката 76 на Државната урбанистичко-

планска документација за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4, УБ 4.4 опфат 1, Општина Охрид, РСМ . Во делот мерки за заштита и спасување, да се опфатат следните мерки:

***<u>Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи</u>***

При изработка на планската документација за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид да се предвиди во Основните проекти за објектите кои ќе се предвидат да бидат изградени, да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РСМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12). Законот за пожарникарство („Сл. Венсик на РМ“ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.
Да се предвидат прописни ширини и соодветна висина на ивичњаците на сообраќајните улици (постоечки и новопланирани) за непречено движење и поставување на ПП возила, како и доволен врој за паркинг места за останати возила за резидентно предвидено население во овој опфат.
Да се предвиди изградба на улична хидрантска мрежа.

***<u>Заштита и спасување од урнатини</u>***

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урбатини, нивниот однос према слободните површини и стпенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создадат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала колинина на градеѓен материјал и релативно помали тежини.

***<u>Заштита и спсување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди</u>***

При изработка на планската документација: Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид да се предвиди уредување на овој плански опфат за заштита од поплаци согласно Законот за заштита у спасување („Сл. Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. Во рамките на планскиот опфат

се наоѓа река Далјан, која е планирано да има регулирано корито, чиј профил е даден во графичките прилози од планската документација.

***<u>Заштита и спасување од НУС</u>***

При изработка на планската документација: При изработка на планската документација: Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид, да се предвиди мерката Заштита и спасување од неексплодирани убојни средства.

***<u>Заштита и спасување од штетни јонизирачки зрачења</u>***

При изработка на планската документација: Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид да се предвиди мерката Заштита и спасување од штетни јонизирачки зрачења.

***<u>РХБ Заштита</u>***

При изработка на планската документација: Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид да се предвиди мерката за Радиолошки Хемиска и Билошка заштита.

***<u>Засолнување</u>***

При изработка на планската документација: Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид да се предвиди мерката Засолнување како законска обврска на ЕЛС за изградба на јавни засолништа.

Согласно Процената на загрозеност од природните непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот проект, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување – пречистен текст („Сл. Весник на РМ“ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

## 9.12 Мерки за намалување на кумулативни влијанија

Заради значењето и важноста на Езерото и заштитата на природното наследство, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува било какви негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина. Со имплементација на насоките од планерот како и мерките предвидени во СОЖС ќе се намалат кумулативните влијанија врз регионот.

# 10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на урбанистичка планска документација.

Согласно Законот за животна средина, Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата. Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Основните цели и бенефитот од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- Следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- Следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;

- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

*Табела 14. План за мониторинг*

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **- Подобрување на квалитетот на живот на локалното население;**<br>**- Подобрување на здравјето на луѓето;**<br>**- Зголемување на животниот стандард.** | Сите медиуми на животната средина;<br><br>Население | - Мониторинг на медиумите во животната средина;<br>- Следење на состојбата на здравјето на населението;<br>- Следење на стапката на вработеност;<br>- Следење на приходите на вработените во планскиот опфат. | - Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина;<br>- Намалени психо- физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина;<br>- Зголемена стапка на вработеност;<br>- Намалена миграција;<br>- Намален број на невработени. | - Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Извештаи од Министерство за здравство;<br>- Центар за развој на ЈЗР<br>- Институт за јавно здравје<br>- Агенција за вработување на РМ<br>- Финансиски извештаи;<br>- Статистички извештаи;<br>Локална самоуправа. |
| **- Подобрување на квалитетот на воздухот;**<br>**- Намалување на емисиите на стакленичките гасови** | Квалитет на воздухот;<br><br>Климатски фактори | - Мониторинг на амбиентен воздух и квалитет на воздух од испуст на инсталациите | - Концентрации на измерените вредности во границите на МДК;<br>Евидентиран третман на емисии на испусти во согласност со мерки од Елаборат за жс/ ОВЖС<br>- Непроменета состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба;<br>- Користење алтернативните извори на енергија; | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Катастар на загадувачи;<br>- Статистички извештаи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | Површински води<br><br>Подземни води<br><br>Квалитет на почва | - Мониторинг на квалитетот на третираните отпадни атмосферски, индустриски и комунални води.<br>Мониторинг на намалување на точкастите извори на загадувањето, подготвени во согласност со принципите: превентивни техники за контрола на загадувањето на местото на потекло и - “загадувачот плаќа” | - Квалитет според микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода;<br>- Подобрена ефикасност на употребата на водата;<br>- Резултати од извршен мониторинг на водата од Езерото и притоките согласно програматан а ХБЗ<br>Приклучок кон колекторскиот систем или изведба на ПСОВ<br>-регулација на коритото на река Далјан<br>- Количина на отпад кој е одложен на депонија<br>Имплементација на мерки за заштита од студии за ОВЖС/ елаборатите за заштита на ж.с. ИСКЗ Б дозволи ; | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП;<br>- Статистички извештаи;<br>- Редовни извештаи од Министерството за здравство.<br>Извештаи од ЈКП<br>-Институт за јавно здравје<br>- ХБЗ |
| **Заштита и унапредување на биодиверзитетот и природното наследство** | Флора, Фауна<br><br>Природни живеалишта | - Мониторинг врз квалитетот на живеалиштата и популациите на карактеристичните видови на флора и фауна<br>- Мониторинг на возобновување на | - Процент на зачувани живеалишта/видови<br>-процент на озеленост на КП<br>-број на засадени дрвја во рипариски крајбрежен појас | - МЖСПП<br>-Локална самоуправа<br>-Комсија за светско природно и културно наследство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | крајбрежна вегетација покрај река Далјан | | |
| **Заштита и унапредување на културното наследство** | Флора, Фауна<br><br>Природни живеалишта | - Мониторинг на имплементација на мерките од ПУПХНОР<br>-мониторинг при случано откритие на културно наследство | - степен на имплементација на мерките од ПУПХНОР<br>- записник за постапување при откритие | -Локална самоуправа<br>-Министерство за култура<br>-Комсија за светско природно и културно наследство<br>-Музеј Охрид |
| **- Соодветно управување со отпадот** | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и поземни води | - Мониторинг врз управувањето со отпад | - Намален процент на генериран отпад;<br>- Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад. | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП;<br>- Извештаи од локалната самоуправа;<br>- Редовни извештаи од јавното комунално претпријатие |
| **- Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии** | Сите медиуми од животната средина | Степен на имплементација на препораките за заштита од несреќи и хаварии | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии. | - Извештај за реализација на планска документација.<br>-ДЗР |

# 11. ЗАКЛУЧОК

Заклучоци кои се дефинирани при изработка на нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за реализација на Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид, во обединета постапка се следните:

- Измената и дополнувањето на ГУП концептот за просторен развој произлегува од постојната состојба, увидот на терен и потребите на инвеститорите, општината и сопствениците на земјиштето;
- Во најголем дел се задржува предвидената намена од важечкиот ГУП, освен тоа што, наместо мешаната зона за домување и терцијарни дејности се предвидени зони со одделни групи на класи на намени А домување и престој и Б комерцијални и деловни намени, како и зона за секундарна улична мрежа и останата линиска инфраструктура (Е1). Со предметниот ДУП се разработуваат зоните дефинирани во Измената и дополна на ГУП во рамките на опфатот 1;
- Дефинираниот плански опфат за ГУП има површина од 146 927.01$m^2$, односно 14.69 ha, додека дефинираниот плански опфат за ДУП има површина од 32 385.68 $m^2$, односно 3.24 ha;
- Планскиот опфат влегува во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” („Сл. Весник на РМ“ бр. 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона III-а на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува во планското решение каде според заштитните мерки максималната дозволена катност е П+4, и процент на изграденост од 50%;
- На подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство;
- Планскиот опфат се наоѓа во близина на Охридското Езеро споменик на природата и предложено: Емералд подрачје, Еколошката мрежа НАТУРА 2000, Значајно подрачје за растенија „Охридско Езеро“, Значајно подрачје за птици „Охридско Езеро“, Клучно подрачје за биодиверзитет, Прекуграничен биосферен резерват Охрид – Преспа, Рамсар подрачје.
- Во рамките на Планскиот опфат водоснабдувањето ќе се врши преку водоснабдителен систем, отпадните води ќе се одведуваат со помош на систем на атмосферска и фекална канализација.
- Имплементацијата на Планот ќе допринесе за економски развој, отварање на нови комерцијални објекти, односно ќе понуди нови работни места за населението, ќе допринесе за зголемување на животниот стандард за локалното население;
- Планскиот документ предвидува регулирање на коритото на река Даљан и обезбедување на крајбрежен заштитен појас од најмалку 3 метри;
- Имплементацијата на планските содржини може да бидат извори на емисии во животната средина кои доколку не се соодветно управувани може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите и областите во животната средина и да го загрозат здравјето на населението;

Во таа насока се даваат следните препораки:

- Земајќи во предвид дека Охридскиот Регион е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни и културни вредности, просторниот и урбаниот развој на Доброто мора да биде раководен од принципите на интегрирана заштита, односно почитување на традиционалните урбанистички модели за зачувување на природното и културното наследство, културниот пејзаж на Регионот на Охридското Езеро и неговата целовитост и интегритет, како и воспоставување рамнотежа меѓу потребите на современиот живот и зачувувањето на Исклучителните Универзални Вредности;
- При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;
- При носење на одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;
- Редовно известување на Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион за планирани активности;
- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за заштита на водите, воздух, биодиверзитет, предел, бучава како и мерките за заштита од несреќи и хаварии;
- Подетална анализа на влијанијата врз животната средина од реализацијата на плански содржини да се направи на ниво на проект (со изработка на Елаборат за заштита на животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина).
- Спроведување на Планот на мониторинг, ко кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на мерки за заштита и спасување, дефинирани во планската документација;
- Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа.

# 12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Нацрт Извештајот за Стратешка оцена на животната средина се изработува за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид. Изработката на УП е по барање на општина Охрид.

Планските периоди за кои ќе се изработува ова изменување и дополнување на ГУП и изработка на ДУП во обединета постапка се:

- за изменување и дополнување на ГУП – планскиот период е 2024-2034
- за ДУП – планскиот период е 2024-2029.

Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат во предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми.

Цели на СОЖС е да се осигури дека информациите за значајните влијанија врз животната средина од планскиот документ се собрани и достапни до донесување на одлуките, во текот на неговата подготовка и пред неговото донесување.

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ“ бр. 11/18, 42/20, и 224/24). Деталните услови за проектирање и градење важат за предметот офатен во Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, со плански период од 2024-2034 година, е во рамките на Урбаната заедница 4, чиј опфат е дефиниран со ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година.

Предметниот опфат се наоѓа на северозападната страна на градот Охрид, поточна на северната страна на Урбаната заедница 4. Урбаната заеденица 4 е поделена на 7 урбани блокови. Предмет на измена е Урбан блок 4 од Урбана заедница 4.

Во блокот 4, дефиниран со важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), застапенои се следните намени: домување, домување со терцијални дејности, река, заштитно зеленило, бензински пумпи и улици. Блокот е ограничен со реката Даљан (дел од границата на опфат на градот) и улиците Гоце Делчев, Распаќе и Булевар Туристичка. Во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, интерполирани се содржините од терцијалниот стопански сектор.

Во согласност со Законот за Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ“ бр.70/10), односно Планот за управување со светското природно и културно наследство на охридскиот регион со акциски план 2020-2029, границите на заштитните зони на културното наследство во Охридскиот регион, планскиот опфат припаѓа во Зона III-а. Во одно на границите на заштитените зони на природното наследство во Охридскиот регион се дефинирани планскиот опфат припаѓа во III заштитан зона.

Обемот на Нацрт Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, вода, културно и природно наследство и материјални добра.

Во поглавје за моменталната состојба во животната средина во Нацрт Извештајот е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина во општина Охрид, од аспект

на географска и демографска состојба, здравје на населението, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, состојба со бучавата, водите (хидрологија, квалитет на водите), почвата и состојбите со почвата, биолошка разновидност, природно наследство, пределската разновидност, културното наследство, користење на земјиштето, состојба со материјалните добра (управување со отпад, водоснабдување, управување со отпадни води, сообраќајна инфраструктура), како и за состојбите во планскиот опфат и неговото опкружување.

Според Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), Планскиот опфат влегува во рамките на агломерации, односно II заштитна зона, за која е пропишан соодветен режим за заштита.

Во рамките на опфатот не постојат објекти кои што поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за поединечни заштитени споменични добра. Во рамките на подрачјето на Нацрт Извештај за Стратегиска Оцена на Животната Средина за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид планскиот опфат не постои евидентирано незаштитено археолошко наоѓалиште.

Во Нацрт Извештајот за стратегиска оцена се презентирани областите кои се од особено значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитати. Во поширокото подрачје околу Планинскиот опфат се идентификувани подрачја кои влегуваат во неколку еколошки мрежи: Емерлд мрежа, Национална еколошка мрежа (МАК НЕН), Мрежата НАТУРА 2000, потоа Планскиот опфат влегува и во идентификуваните: значајно подрачје за растенија и значајно подрачје за птици, клучно подрачје за биодиверзитет, а влегува и во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот реион под заштита на УНЕСКО.

Согласно одредбите на Просторниот План на Република Северна Македонија за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особно нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производствените процеси и технологии врз животната средина.

Нацрт Извештајот за стратегиската оцена ги разгледува основните податоци за животната средина во и околу предметното подрачје, а тие се однесуваат на:

- географската местоположба на планскиот опфат;
- релјефните услови, наклон и експозиција на терените;
- сеизмичките карактеристики, кои укажуваат на тоа дека територијата на општина Охрид, припаѓа на простор кој е подложен на чести земјотреси предизвикани од локални и поодлачени епицентрални жаришта, кое се манифестираат со епицентрален интензитет VII според МКС скала;
- климатските услови на регионот со климатските елементи од умерено-континенталната клима;
- кавалитетот на воздухот како еден од главните медиуми и фактори за квалитетно живеење во животната средина;
- културно наследство;
- состојбата со биодиверзитетот (флора и фауна) на планскиот опфат;
- пределските карактеристики на предметното подрачје;
- воените разурнувања, природните и техничко-технолошките катастрофи се земени во предвид и анализирани во овој извештај.

Во изработката на овој Нацрт Извештај беше разгледан и стопанскиот развој кој според Просторниот План на Република Македонија се базира на дефинираните цели на економскиот развој во „Националната Стратегија за економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалните и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството. Според тоа, рализацијата на урбанистичката планска документација се очекува да предизвика поволни влијанија врз животниот стандар и квалитетот на живеење на луѓето, како и да даде допринос кон развојот на локалната и националната економија.

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и на почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дали развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид, ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС). Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Посебно внимание во извештајот се посветува на описот на веројатните влијанија на планскиот документ врз медиумите и областите на животните средина и врз социо-економските и демографските карактеристики, а исто така се предвидени и мерки за спречување, ублажување или отстранување на негативните влијанија.

Нацрт Извештајот за стратегиската оцена на влијанието на урбанистичката планска документација врз животната средина ги разгледува негативните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина и мерки за ублажување на негативните влијанија во поширок обем, додека пак, изведбата на секој планиран објект (проект) е предмет на разгледување на постапката на оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и кон неа ќе се пристапи дополнително.

Се обработуваат влијанијата на планскиот документ и мерките за ублажување на влијанијата врз нив:

- Демографските карактеристики и човековото здравје – реализација на Планот ќе има незначителни негативни и краткотрајни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата, и според тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: контрола на интензитетот на бучавата и контрола на контролата на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Социо-економската состојба – релизацијата на Планот ќе има позитвни долгорочни влијанија врз социо-економската состојба и поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата;
- Квалитетот на амбиентниот воздух – реализација на Планот ќе има незначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето при изградба и во оперативна фаза, и поради тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата, примена на јавен транспорт за вработените, користење на еколошки горива, зелени заштитни појаси;
- Бучава и вибрации – зголемен интензитет на бучава и вобрации ќе се појави во фазата на изградба, додека за време на оперативната фаза интензитетот на бучава е намален, а појава на вибрации не се очекува. Предвидени се соодветни мерки за намалување на влијанијата од бучава, поставување на звучни изолациски бариерим поставување на заштитени зелени појаси;
- Квалитет на површинските и подземните води – за спречување на негативните влијанија предвидени со следните мерки: приклучок ко нканализациски систем, контрола на квалитетот на отпадни води пред да се испуштат во реципиентот, а со соодветно управување на отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ;
- Почвата – дколку се применува системот на ефикасно управување со отпадот, не се очекува да има негативни влијанија врз водите и почвата со реализација на планскиот документм а се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата;
- Биодиверзитет (флора и фауна) – реализацијата на планскиот документ нема да предизвика позначјани негативни влијанија во глобални рамки, бидејќи на предметното подрачје не се евидентирани ендемични видови, па според тоа се предлага приемна на мерки за намалување на влијанијата;
- Пределските карактеристики – со реализација на планот ќе дојде до нарушување на пределските карактеристики, па споре тоа се предвидени соодветни мерки за ублажување на влијанијата: заштитни појаси, адекватно уредување на просторот, унапредување на естетските вредности, зачувување на пределските карактеристики, рационално користење на природните ресурси;
- Факт е дека целото подрачје во кое се наожа планскиот опфат се наоѓа на територијата на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, па согласно тоа, се предвидуваат посебни мерки во планската докуементација;
- Како составен дел од Извештајот е и Планот за мониторинг, со чија реализација ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина(воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите.

Планот за мониторинг овозможува селедење на состојбата на животната средина преку следните параметри, кои се прикажани табеларно во самиот извештај:

- Здравје на луѓето;

- Квалитет на амбиентен воздух;
- Ниво на бучава;
- Ниво на вибрации;
- Квалитет на површински води;
- Квалитет на подземни води;
- Квалитет на почва;
- Отпадни води;
- Создавање и управување со отпад;
- Состојба на биодиверзитетот; и
- Хаварии и несреќи.

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП УЗ 4 УБ 4.4. опфат 1, општина Охрид и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на мерките и активностите предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социоекономските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

# 13.ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА

# 14. ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Одлука за Стратегиска оцена

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 , 99/18,89/22,171/22 ),Општина Охрид, на ден 09.05.2025 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид , кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид,се определуваат следните: Министерство за животната средина и просторно планирање и Општина Охрид
3. За планскиот документ Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство и пејсаж).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме
г. Градоначалник

Место Кирил Пецаков
Охрид

| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4, УБ 4.4 опфат1 Охрид, Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Кирил Илоски |
| Назив на работното место | пом. Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно чл. 33 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), обединета постапка за изработување и донесување на урбанистички планови е единствена постапка што ги обединува постапките за изработување на генерален урбанистички план и детален урбанистички план со кој тој се разработува и спроведува. Обединетата постапка може да се применува и во постапките за изменување и дополнување на генералниот урбанистички план. Со обединетата постапка ќе се смета дека генералниот урбанистички план и деталниот урбанистички план се донесени како единствен акт, при што во делот од планскиот опфат на ГУП кој не соодветствува со планскиот опфат на донесениот ДУП, тој се спроведува како генерален урбанистички план со донесување на детални урбанистички планови и во делот од планскиот опфат на ГУП кој соодветствува со планскиот опфат на донесениот ДУП, тој се спроведува како детален урбанистички план со урбанистички проекти и други поединечни акти за градење.<br>Согласно чл. 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) урбанистичките планови се изработуваат врз основа на планска програма, која ја изработува комисијата за урбанизам на донесувачот, Јавна установа за урбанизам, правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови или Агенцијата за планирање на просторот.<br>Планската програма ја одобрува градоначалникот по предлог на комисијата за урбанизам на Општината.<br>Предметната планска програма се изработува за **Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка.**<br>Планските периоди за кои ќе се изработува ова изменување и дополнување на ГУП и изработка на ДУП во обединета постапка се:<br>- за изменување и дополнување на ГУП – планскиот период е 2024-2034<br>- за ДУП – планскиот период е 2024-2029<br>Предметниот планскиот опфат се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион чијашто заштита и управување е уредено со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 - 2029. Планот за управување е централен плански инструмент за заштита, користење, конзервација и одржлив развој на доброто, но и заштита на неговата автентичност и интегритет и пренесување на идните генерации. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да ☐<br>Не ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да ☐<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |

Страна 2 од 8

| |
|---|
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Изработката на **Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка**, треба да ги постигне општите цели на планирањето:<br>▪ Рамномерен просторен развој<br>▪ Рационално уредување и користење на просторот<br>▪ Создавање и унапредување на условите за хумано живеење на граѓаните<br>▪ Надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет<br>▪ Одржлив просторен развој<br>▪ Сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата<br>▪ Справување со климатските промени<br>▪ Сочувување и заштита на недвижното културно наследство и<br>▪ Безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Планските периоди за кои ќе се изработува ова изменување и дополнување на ГУП и изработка на ДУП во обединета постапка се:<br> за изменување и дополнување на ГУП – планскиот период е 2024-2034<br> за ДУП – планскиот период е 2024-2029 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Опфатот на предметното Изменување и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4,Урбан блок 4.4, Општина Охрид е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002 -2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:<br>▪ на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот,<br>▪ на север и исток – Булевар Туристичка и клучка<br>▪ на југ – ул. Распаќе<br>Вака дефинираниот плански опфат за **ГУП** има површина од **146927.01m2,** односно **14,69ха.**<br>Опфатот за изработка на детален урбанистички план ќе се движи по:<br>▪ на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот<br>▪ на североисток – крак од клучка и булевар Туристичка<br>▪ на југоисток – ул. Распаќе<br>▪ на запад – Новопланирана улица 1<br>Вака дефинираниот плански опфат за **ДУП** има површина од **29967.75m2,** односно **3,0ха.** |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☐<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(**Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува зголемување на степенот на |

<table>
<tr><td colspan="2">искористување на градежното земјиште, изнаоѓање на оптимално решение при решавањето на стационарниот сообраќај(паркирање и гаражирање) во планираниот опфат, како и максимално почитување на веќе создадените градежни вредности, нивно вклопување и дооформување на градежните парцели.<br> Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(Сл. Весник на РМ бр.75/10), Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) како и одредбите од Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација<br>Во однос на потенцијалните влијанија е сензитивно подрачје бидејќи е во близина на Охридското Езеро,а во рамки на планскиот опфат влегува и дел од реката Далјан .<br> Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>-Расчистување на вегетација, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации<br>-Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава<br>-Евентуални пропуштања и истекување на масло од возилата или опремата<br>-Создавање на различен вид отпад(вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт)</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Со изработката на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на<br>Охрид за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4 ќе се предвидат следниве групи на класи<br>на намена:<br>• А – домување и престој,<br>• Б – комерцијални и деловни намени<br>• Д – зеленило, рекреација и меморијални простори и<br>• Е – инфраструктури.<br>Со деталната разработка на дел од истиот во обединета постапка се предвидува прераспределба на намените во рамките на блокот и предвидување на површини за градење за градба со намена Б2 – големи единици за трговија во близина на крстосницата на ул. Распаќе со бул. Туристичка, согласно потребите на инвеститорот. Оттука, во рамките на опфатот 1 за изработка на ДУП ќе се предвидат следниве групи и класи на намени:<br>• А – домување и престој,<br>• А1 – домување на куќи<br>• А2 – домување во згради<br>• Б – комерцијални и деловни намени<br>• Б2 – големи единици за трговија<br>• Д – зеленило, рекреација и меморијални простори<br>• Д1 – парковско и пејзажно зеленило<br>• Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило<br>• Д5 – полуприродни зелени хабитати<br>• Д5.1 – водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта – река Далјан<br>• Е – инфраструктури.<br>• Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>При изградба на објектите предвидени со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и не се очекува да има значајно влијание врз животната средина.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Со реализација на планскиот документ нема да има значајно влијание врз микроклимата. Потребно е да се почитуваат планските решенија на примарната сообраќајна мрежа дефинирана во ГУП за град Охрид, како и да се предвиди секундарна сообраќајна мрежа во рамките на блокот. Да се планира комунална инфраструктура во согласност со законската регулатива и сите водови да се водат подземно и</td></tr>
</table>

Страна 4 од 8

| | |
|---|---|
| | во јасно дефинирани инфраструктурни коридори |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО.<br>Вака дефинираниот плански опфат за **ГУП** има површина од **146927.01m2,** односно **14,69ха**<br>Вака дефинираниот плански опфат за **ДУП** има површина од **29967.75m2,** односно **3,0ха** |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите на овој плански опфат. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планскиот документ ќе добие зголемена вредност. Од друга страна со зголемување на густината на изграденост се менува амбиенталноста на просторот и пејсажните карактеристики. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО. Најважна карактеристика на овој регион е дека областа е еколошки чиста и е во непосредна близина на Охридското Езеро,а не постојат објекти со културно и историско значење. Доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.<br>Потребно е да се почитуваат одредбите од:<br>-План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр. 45/20)<br>-Закон за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр. 75/10)<br>-Закон за заштита на во Охридското,Преспанското и Дојранското Езеро ("Сл.весник на СФРЈ" бр. 45/77)<br>- како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на** | Нема да има значително влијание врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето |

| | |
|---|---|
| **животната средина или граничните вредности** | |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат претставува градежно земјиште бидејќи се наоѓа во градежен опфат и нема интензивна употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО .<br>Просторот на предметниот опфат е во близина на Охридското Езеро а во рамки на планскиот опфат влегува и дел од реката Далјан. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со изработката на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на Охрид за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4 ќе се предвидат следниве групи на класи на намена:

- А – домување и престој,
- Б – комерцијални и деловни намени
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори и
- Е – инфраструктури.

Со деталната разработка на дел од истиот во обединета постапка се предвидува прераспределба на намените во рамките на блокот и предвидување на површини за градење за градба со намена **Б2 – големи единици за трговија** во близина на крстосницата на ул. Распаќе со бул. Туристичка, согласно потребите на инвеститорот. Оттука, во рамките на опфатот 1 за изработка на ДУП ќе се предвидат следниве групи и класи на намени:

- А – домување и престој,
- А1 – домување на куќи
- А2 – домување во згради
- Б – комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи единици за трговија
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д1 – парковско и пејзажно зеленило
- Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 – полуприродни зелени хабитати
- Д5.1 – водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта – река Далјан
- Е – инфраструктури.
- Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на просторот кој е предмет на планирање се наоѓаат објекти за домување и две бензински пумпи. Во рамки на планскиот опфат влегува и дел од реката Далјан, а на поголема одалеченост се наоѓа и реката Грашница. Двете реки се вливаат во Охридското Езеро кое исто така е во близина на планскиот опфат.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.
Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во

медиумите од животната средина ќе придонесе за зголемен развој на Општина Охрид од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и сл.
Од друга страна, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина , односно:
Воздух: Зголемена фреквенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенси
Бучава:Зголемено ниво на бучава од превозните средства
Вода: Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата.
Почва:Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Природно и културно наследство: Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РМ, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.
Транспорт:Зголемена фреквенција на возила
Отпад:Генерирање на отпад
Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата
-Придонес во локалната и националната економија

К**ои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**
Целокупната активност во овој плански опфат ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој,при едновремена заштита на квалитетна,здрава и хумана средина за живеење и работа .Мерките за заштита и унапредување на на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторна организација на урбаниот опфат.
Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО. Во рамки на планскиот опфат влегува и дел од реката Далјан, а на поголема одалеченост се наоѓа и реката Грашница. Двете реки се вливаат во Охридското Езеро кое исто така е во близина на планскиот опфат.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Урбанистичката документација е поврзана со:
-Просторниот план на РМ
-Просторен план на Охридско-Преспански регион(2010)
-Национален акционен план за животна средина
-Стратешки план за локален економски локален развој на Општина Охрид 2002-2012
-Национален план за управување со отпад
-План за управување со отпад на Општина Охрид
-Втор Национален Еколошки Акционен План
-ЛЕАП на Општина Охрид 2019-2025

| |
|---|
| -Национална стратегија за одржлив развој 2009<br>- План за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20)<br>Целите на сите наведени плански документи се усогласени со планот и нема разлика во клучните одлуки. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>При изработка на планскиот опфат се почитувани намената и одредбите за спроведување на важечките планови од повисоко ниво, Просторниот план на РМ како и Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20) |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Кирил Пецаков |
| Датум 09.05.2025г.<br>Место Охрид | М.П. |

Прилог 2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за ДУП УЗ 3 УБ 4.4. опфат 1 (ГРАФИЧКИ ДЕЛ)




# Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Општина Охрид планскi период 2024-2029 - нацрт план-

**ЛЕГЕНДА**

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 32385.68m² (3.24ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- Граница на наменска зона
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз

Намена на земјиштето и градбите

А - Домување и престој
- А1 - Домување во куќи
- А2 - Домување во згради

Б - Комерцијални и деловни намени
- Б2 - Големи единици за трговија

Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати

Е - Инфраструктури
- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека
- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)

Биланс на површини по намени за опфат 1 од Урбан блок 4.4 (P=32385.68m² - 3.24ха)

| НАМЕНИ | А1 - домување во куќи | А2 - домување во згради | Б2 - големи единици за трговија | Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило | Д5.1 - водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта (река Далјан) | Е1 - Сообраќајни линиски и други инфраструктури | Е1.8 - инфраструктура за пренос на електрична енергија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| [m²] | 4645.90 | 2518.89 | 10812.39 | 4095.48 | 1195.47 | 9075.73 | 41.82 | 32385.68 |
| [%] | 14.35 | 7.78 | 33.39 | 12.65 | 3.69 | 28.02 | 0.13 | 100.0 |

## ПЛАН НА НАМЕНАНА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Arhitektor

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
**АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ**
БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ: **Општина Охрид**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

План: **Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, Општина Охрид планскi период 2024-2029**

ПРИЛОГ: ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ: Никола Транталовски, д.и.а, овластување бр.0.0662; Благица Атанасова, д.и.а, овластување бр.0.0743

СОРАБОТНИЦИ: Бојана Симоновска, м.и.а.; Александар Камшиговски, м.и.а.; Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ: НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

| ТЕХ. БРОЈ: | ДАТУМ: | РАЗМЕР: | ЛИСТ БР.: |
|---|---|---|---|
| 05-07/2023 | април, 2025 | 1:1000 | 1 |




# Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Општина Охрид планскии период 2024-2029 - нацрт план-

## ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 32385.68m² (3.24ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- РЛ — Регулациона линија
- Граница на градежна парцела
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз

**Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори**

- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати
- Д5.1 - Водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта (река Даљан)

**Е - Инфраструктури**

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека

## РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН



Arhitektor

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
**АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ**

БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
**Општина Охрид**

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

План:
**Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1, Општина Охрид планскии период 2024-2029**

ПРИЛОГ:
РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а, овластување бр.0.0662
Благица Атанасова, д.и.а, овластување бр.0.0743

СОРАБОТНИЦИ:
Бојана Симоновска, м.и.а. Александар Камшиговски, м.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

| ТЕХ. БРОЈ: | ДАТУМ: | РАЗМЕР: | ЛИСТ БР.: |
|---|---|---|---|
| 05-07/2023 | април, 2025 | 1:1000 | 2 |

# Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1
# Општина Охрид
## плански период 2024-2029
## - нацрт план-




### ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 32385.68m² (3.24ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- Граница на наменска зона
- РЛ — Регулациона линија
- Граница на градежна парцела
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз
- 4.4.01 — Нумерација на парцела
- Б2 — Намена на парцела

**Намена на земјиштето и градбите**

**А - Домување и престој**

- А1 - Домување во куќи
- А1.1 - Станбени куќи - слободностоечки
- А1.2 - Станбени куќи со споен сид на меѓа - двокуќи
- А2 - Домување во згради
- А2.1 - Станбени згради - слободностоечки блокови и кули
- А2.2 - Станбено-деловни згради - слободностоечки, во низи, во периметрална формација и др.

**Б - Комерцијални и деловни намени**

- Б2 - Големи единици за трговија

**Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори**

- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати
- Д5.1 - Водени подрачја, отворени водотеци, мочуришта, блатии, калишта (река Даљан)

**Е - Инфраструктури**

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека
- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)

### Биланс на површини по намени за опфат 1 од Урбан блок 4.4 (P=32385.68m² - 3.24ха)

